## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Десеттото продложение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јули 2005 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 101-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Нелко Стојановски, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани, Ванчо Георгиев, Ацо Спасовски, Рафет Муминовиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Али Ахмети, Семијал Хасани, Љубчо Георгиевски и Љубисав Иванов - Ѕинго ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со 16-та точка - **Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по амандманите.

Пред да продолжиме со претрес по амандманите, бидејќи е заклучен претресот и треба да гласаме, ги молам службите да го утврдат бројот.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум, а пратениците од опозицијата излегуваат од салата).

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата, за да знаеме уште колку пратеници од позицијата ни се потребни за кворум.

(Откако се обезбеди кворум за работа, седницата продолжи со работа во 11.21 часот).

Сега имаме 61 пратеник.

Ги молам и другите пратеници да влезат во салата, нема потреба да се измачува опозицијата.

Ние продолжуваме со работа.

Претресот по амандманот за менување на член 8, поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска, амандманот на членот 8 алинеја 1, 2 и 3 поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Слободан Најдовски, Благој Голомеев, Петар Апостолов, Соња Лепиткова, Тома Глигориевски и Нелко Стојановски, амандманот на членот 8 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3 поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Тито Петковски, амандманот на членот 8 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска и по амандманот на член 8 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3 поднесен од пратеникот Благородна Мингова - Крепиева е заклучен.

Амандманот за менување на член 8 поднесен од пратеникот Марија Којзеклиска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 5 пратеници гласале за амандманот, 2 воздржано и 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 8 алинеја 1, 2 и 3 поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Слободан Најдовски, Благој Голомеев, Петар Апостолов, Соња Лепиткова, Тома Глигориевски и Нелко Стојановски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 10 пратеници гласале за амандманот, 2 воздржано, 48 против. Во салата се присутни 69 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 8 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3, поднесен од пратениците Лилјана Поповска и Тито Петковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 9 пратеници гласале за амандманот, еден воздржано и 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на членот 8 за додавање нов став 2 по став 1, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 14 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани и 44 против амандманот.

Во салата се присутни повеќе од 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 8 за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3, поднесен од пратеникот Благородна Миногова-Крепиева го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 14 пратеници гласале за, 6 воздржано и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1, поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, повелете господине.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа од причини што истиот не помина кога пратеникот имаше посебен амандман за додавање нов став 2, кој не е усвоен и е беспредметен. Затоа барам да се повлече овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Вие не можете да барате ништо, за тоа пратеникот ќе каже.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Амандманот веќе се однесува на казнените одредби на членот 10 од Законот, каде што предвидува казнени одредби парични казни од 50 илјади до 300 илјади за правното лице и од 20 илјади до 50 илјади денари за одговорното лице. Амандманот беше токму затоа што го кажа и заменик министерот, се однесуваше на мојот претходен амандман, во кој се вели: Заедниците во Република Македонија знамето со кое го изразуваат својот идентитет и особености го истакнуваат постојано и истовремено со знамето на Република Македонија, а сега има предвидено казнени одредби, доколку се истакнуваше знамето само на заедницата, а не и знамето на Република Македонија, тоа е суштината на овој амандман, да има казнени одредби. Бидејќи тој амандман не беше прифатен, овој амандман е беспредметен и бидејќи Владата веќе има предложено сличен ваков амандман што го поднесе, мислам дека целта е постигната и бидејќи претходниот амандман не е усвоен, јас го повлекувам амандманот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, амандманот е повлечен, значи го послуша советот на заменик министерот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Топузова, имате збор.

**Роза Топузова - Каревска:** Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 10 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани, 49 пратеници гласале против.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1 и 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Топузова, имате збор.

**Роза Топузова - Каревска:** Со оглед дека претходните амандмани не се прифатени, особено амандманот на член 8, овие амандмани стануваат бесмислени и јас го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Сега бидете подготвени да се пријавите за збор, притиснете копче.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Шајноски, да го чуеме вашето ремек дело, повелете.

**Драго Шајноски:** Благодарам претседателе, не е ремек дело, ама е дискусија.

Додека некои го сонуваат својот дрим, Македонците го изгубија Црни Дрим. Каква врска. . .

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам господине Шајновски, имам работа, ама ќе ве следам од телевизорот. Вашите говори ме интересираат.

**Драго Шајноски:** Благодрам претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Сега ќе ме замени господинот Најдовски.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Продолжете господине Шајновски.

**Драго Шајноски:** Благодарам.

Значи додека некои го сонуваа својот дрим Македонците го изгубија Црни Дрим. Каква врска

има оваа констатација со Законот за употреба на знамињата на заедниците. Има голема врска. Коренот на двата овие закони е еден. Законот за територијална организација на Македонија и овој закон за знамињата се изданки од еден ист корен, Корен кој длабоко и широко е навлезен во македонската почва и прети да ја разнебити, па на неа да не можат да растат други видови. Одгледувач на овој корен е коалицијата СДСМ, ДУИ и ЛДП. Оваа коалиција сигурно ќе го изгласа и Законот за употреба на знамињата на заедниците, како што во последните три години стана пракса и се смета за голем мангуплак да се надгласа опозицијата и при очигледни недостатоци на законите или амандманите за кои се дискутира.

Со овој закон ќе се овозможи нешто што досега се правеше против законски, ништо друго. По член 2 став 2 се вее знаме од туѓа држава во нашата и тоа во име на човековите права. А каде се тука моите права. Моето право да гледам како во мојата држава се вее знамето на Македонија по целата територија, моето право кога ќе дојде државник од Албанија да ја покажам мојата гостопримливост и уважување, истакнувајќи го неговото знаме до моето баш тогаш за тој да види дека дошол во друга држава. Вака како што ќе се усвои овој закон, албанците од Албанија при посетата на Република Македонија не ќе знаат дали се уште во Албанија, во Косово или во Македонија. Нема што, ова личи на Европа без граници, но едносмерни, балканска варијанта. Кон Албанија се си функционира нормално, уште на Ќафасан ќе видите дека влегувате во друга држава со сите нишани. Таму нема македонски или други државни знамиња, иако има македонци и други малцинства. Тоа го сметам за сосема исправно. Да биде нашата несреќа поголема, Албанците не сакаат ниту да слушнат на нивното етничко знаме кое е државно знаме на Албанија да стават ознаки дека се граѓани на Македонија. Не сакаат тоа, а велат дека Македонија е нивна татковина. Тоа покажува дека тие се во состојба на одвоен дух од телото. Духот им е во Република Албанија или Косово, а телото им е во Македонија.

Почитувани колеги Албанци, како што времето и просторот се само илузии и сенки од еден објективен четиридимензионален свет наречен простор - време, така и вашата состојба на одвоен дух од телото е илузија или сенка од едно единство на духот и телото, наречено човечки субјект. Само со единство на духот и телото може да се остварат човековите стремежи и објективно. Се друго е шпекулација. Тоа значи дека вие мора да бидете и со духот и со телото во Македонија ако навистина ја сакате за своја татковина па ако треба и ќе ги браните границите кон Албанија и Косово при претпоставени претензии од таму. Тоа е должност на секој граѓанин во оваа граѓанска држава наречена Македонија.

Многу ме вознемири, но и ме освести критиката од еден албански колега дека националистички бил предлогот да направиме ново знаме на граѓанска Македонија, едно знаме за сите во Македонија. Не ми е јасно кој тука е космополит, а кој националист. Илјада пати повторивме дека никој во Македонија нема против етничките знамиња ништо. Како не може да се совладате и да покажете дека сериозно сте намериле да постанете граѓани на оваа држава и тоа формално да го прикажете на вашето етничко знаме. Која е целта да го веете албанското државно знаме во државата Македонија, како при државни празници така и при приватни забави и религиозни обреди. Што друго претставува тоа ако не индоктринација и труење со национализам на албанското население? Мене лично и тоа не ми пречи ако во таа појава нема. . .

**Слободан Најдовски:** Господине Шајноски, се извинувам, можеме ли да почнеме по текстот на законот.

**Драго Шајноски:** Ова е по текстот, по член 2 став 2.

**Слободан Најдовски:** Имавме општа расправа по Законот, имавме расправа по амандманите. Би ве замолил да го почитуваме деловникот и да дискутираме по текстот на законот. Ако ви беше малку расправата по општиот претрес, тогаш да кажеме дека ќе расправаме уште еднаш во општиот претрес. Сега би ве замолил да дискутирате по текстот на законот.

**Драго Шајноски:** Досега дискутирав за член 2 став 2, сега дискутирам за член 7 примена на знамињата во приватни забави.

Мене лично и тоа не ми смета, ако во таа појава нема намера да се демонстрира владеење со територија. Ако е тоа обичај, јас би го прифатил, но тврдам и знам дека ова не е традиција, туку е стратегија на една политичка клика чии намери не се чесни кон суверена Македонија. Тврдам дека и овој закон вака усвоен е само еден од многуте закони што во пракса нема да профункционира, а оваа коалиција го донесува со надгласување. Нема да профункционира бидејќи е така скроен да не функционира, но да е добар за покажување пред Европа.

Што е уште поважно овој закон игра една улога на стока за политички пазар внатре во коалицијата на власт. Едните имаат албанско државно знаме а тие за возврат власт уште некој месец.

Мислам дека изгласувањето на овој закон за употреба на знамињата на заедниците е резултат на имање стратегија од албанските партии и немање стратегија на СДСМ и ЛДП, освен да останат на власт. Уште 1990 година сите албански политичари цврсто се фатија за градата од Европа, а македонските леви партии упорно се држеа за градата од Југославија и никако не ја испуштаа. Мислеа Европа не им треба, туку Југославија им е доволно. За тоа време албанските политичари применувајќи ја европската тактика да маваат и да плачат постанаа најголеми страдалници во очите на Европа и светот. Плачеа за се и сешто пред

Европа, а овде мавaa дури и со оружје. Затоа Европа им ја понуди градата. Тие први заплакаа. А левите партии од Македонија ниту се убедуваа нешто да сторат. Се држевме за празната града од Југославија. Заради тоа денес ја имаме оваа состојба со знамињата. Европа е така известена благовремено дека Албанците во Македонија живеат полошо отколку во Југославија и немаат човекови права.

Мислам дека најголем виновник за оваа состојба со знамињата сме ние Македонците. Дури не сме онакви какви што ги опишал Фока IV кога ја чувал границата на Дунав за да словенските племиња не навлезат во Византија. Во извештајот за својот император тој пишува дека овие племиња живеат во кнежевства, одвоено и секокогаш се во кавга, а кога некој ќе ги нападне прават сојуз и се бранат.

Ние, денеска, сме половина од ова. Кога никој не не напаѓа, постојано сме во кавга, помеѓу леви и десни, а кога не нападнат, левите одат на одмор во Грција, а десните гинат во борба. Ваквото единство е главната причина што ги изгубивме сите битки, а ја изгубивме и оваа, со знамињата.

Благодрам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Збор има госпоѓата Бонева Силвана.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитувани колеги пратеници, господине заменик министер,

Со денови расправаме, посебно ние пратениците од опозицијата, нудејќи ги нашите аргументи што мислевме дека сепак ќе допрат до Парламентарното мнозинство или пак до извршната власт и дека ќе наидеме на разбирање да го зачуваме сите заедно суверенитетот и територијалниот интегритет на нашата држава Република Македонија, што е наша обврска, најпрво заради тоа што седиме овде во највисокиот законодавен дом, што е наша обврска, затоа што сме претставници на сите граѓани во Република Македонија, а верувајте дека граѓаните на Република Македонија ја сакаат сопствената земја, Република Македонија и сакаат и понатаму таа да биде суверена, нејзиниот суверенитет да не биде поделен со други држави.

Но, после толку денови видов дека било бессмислено сето зборување, бессмислено било тоа што се обидувавме да ги изложиме сите наши аргументи, бидејќи наидовме на еден ѕид од кој што се одбиваат сите наши зборови.

Жал ми е што денеска, повторно, кога треба да расправаме по текстот на законот и кога треба повторно да проговориме и за членот 2 и за членот 5, значи за најсуштествените работи што се спорни во овој закон, повторно не е присутна во оваа сала министерката и повторно е тука присутен заменик - министерот од кого не добивме одговор на сите поставени прашања од наша страна.

Зборувавме за тоа зошто се носи закон за употреба на знамиња без да се донесе закон за знамиња. Баравме одговор која е логиката да се донесе закон за употреба на знамиња, без да знаеме што е тоа што ќе го употребуваме во нашата држава, Република Македонија. Да им биде јасно на сите, да им биде јасно на граѓаните кое е тоа знаме, како изгледа, за да знаат што е тоа што ќе се вее на нашата територија. Меѓутоа, исто така, не добивме одговор зошто се оди по обратен редослед. Зошто не се донесе закон за знамиња на етничките заедници, за да знаеме кои се знамињата, да знаеме кое е тоа тело што утврдува, по која постапка и на крајот да добиевме закон за етничките заедници во кој што јасно и гласно ќе беше дадено ликовно и графичкото решение, димензии, сето она што е потребно, исто како што имаме Закон за знамето на Република Македонија, во кое што е дадено ликовно-графичкото решение, каде што се наведени димензиите на знамето и од тоа не смее да има отстапување.

Тоа воопшто не беше одговорено, не беше спомнато. Не беше кажан ниту еден збор. Започнавме по законот, по амандманите што ги имавме доставено, да расправаме. Зборувавме за тоа што е обврска на државата Република Македонија со Уставот и се убедувавме, колегите пратеници да ги убедиме зошто членот 2 не треба да биде формулиран така. Или пак зошто нудиме да има уште еден став на членот 2, во кој што јасно и гласно ќе биде кажано дека знамињата на етничките заедници не смеат да бидат идентични со државните знамиња на други земји.

Почитувани колеги пратеници со самиот факт што не се усвоија амандманите на членот 2, што речиси сите беа со иста содржина, веќе е јасно дека овој закон ќе помине така како што ни е понуден и дека извршната власт и парламентарното мнозинство, од широкоградост и од разбирање, како што кажаа вчера колегите пратеници од ДУИ, тоа беше понудено за нас пратениците од опозицијата и за сите други пратеници во овој Парламент, да бидеме широкогради и да имаме разбирање. Значи тоа го направила извршната власт, тоа го направи и парламентарното мнозинство и од широкоградост и разбирање се направи да се дели сега суверенитетот на државата Република Македонија, со тоа што се истакнуваат туѓи државни знамиња на територијата на Република Македонија. Воопшто не се водеше сметака дека со тоа се крши Уставо тна државата Република Македонија. Не се водеше сметка за тоа дека во членот 1 став 2 од Уставот на Република Македонија, значи во членот 1, никој да не може да го заобиколи, туку уште кога ќе го отвори Уставот да му биде многу јасно дека суверенитетот на државата Република Македонија прво е неделив. Значи повторно ќе кажам е не делив. Тоа требаше да се содржи во овој Предлог на закон. Заради тоа беа амандманите, за да обезбедиме не деливост на

суверенитетот на државата Република Македонија. Не беше разбрано ниту тоа. Затоа упативем на Рамковниот договор, па си кажавме белким кога Рамковниот договор велиме дека е основ за носење на ваквиот закон, белким тој ќе биде инспирација за парламентарното мнозинство и за извршната власт, па да не послушаат дека и обврска од Рамковниот договор е да го сочуваме суверенитетот и унитарниот карактер на нашата држава Република Македонија и посочивме на точка 1.2. од Рамковниот договор во која јасно се кажува дека суверенитетот и тероторијалниот интегритет на Република Македонија и униратниот карактер на државата се неповредливи и мора да се сочуваат. Меѓутоа не значеше ништо дури ни Рамковниот договор за парламентарното мнозинство и за претставниците на извршната власт, го отфрлија и амандманот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и на целата опозиција и за нив не беше битно тоа што дури и со Рамковниот договор сме должни да го зачуваме суверенитетот и унитарниот карактер на нашата држава.

Понтаму како аргумент упативме дека и Уставниот суд на Република Македонија, по апсолутно идентично решение како што е дадено во членот 2, што се подразбира под знаме и оставената можност и туѓи државни знамиња да се веат на територијата на Република Македонија. Исто вакво решение имавме 1997 година, понудено и донесено во овој Парламент, Закон за употреба на знамињата на припадниците на националностите во Република Македонија, преку кој го изразуваат својот идентитет и национални особености, така се викаше тогашниот Закон донесен на 9 јули 1997 година. И исто така во членот 2 став 2, како што е во нашиот закон сега по кој расправаме, се вели: "Под знаме во смисла на став 1 од овој член, се подразбира знаме што припадниците на националнсота гоизбрале или го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и национални особености".

Ќе ви го прочитами ставот 2 од сегашниот Предлог закон по кој расправаме кој вели: "Под знаме во смисла на став 1 од овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености". Апсолутно идентична одредба. Затоа, почитувани колеги упатувавме на Одлуката на Уставниот суд од 9 декември 1998 година во која Уставниот суд исто така упатува на членот 1 став 2 од Уставот на Република Македонија во кој се кажува дека суверенитетот на нашата држава е не делив.И овде во Одлуката на Уставниот суд се кажува дека одредбата од член 2 став 2 од Законот, според судот, дава можност на територијата на Република Македонија, покрај нејзиното знаме да се вее и знамето на друга држава, со што се доведува во прашање нејзиниот суверенитет кој е не делив, неотуѓив и непренослив и кој е загарантиран со Уставот на Република Македонија. Почитувани колеги, нели секоја одлука на Уставниот суд е уставна норма и нели сите граѓани на Република Македонија се задолжени да ги почитуваат ваквите одлуки, како да се уставна норма. Значи, сите можат, ама Парламентот не може, за извршната власт не важи тоа правило и за неа одлуките на Уставниот суд не се уставна норма и затоа си дозволи да ги отфрли пофторно сите амандмани на членот 2 кои ја гарантираат сувереноста на нашата држава Република Македонија. Не допре до пратениците на парламентарното мнозинство и на извршната власт и тоа што посочивме на обврската која ја имаме со Рамковниот договор, обврската од точка 7.1. во која јасно се кажува дека знамињата на етничките заедници ќе се употребуваат односно симболите, но со почитување на меѓународните правила и примени. Со денови се обидувавме да укажеме каква е меѓународната пракса, што значи во меѓународното право употреба на туѓо државно знаме на територија на друга држава. Зборувавме за Виенската конвенција, упатувавме на решенијата кои таму ги има и означувањето на екстериторијалност, со примена на употреба на туѓо државно знаме на територија на друга држава. Кажувавме дека тоа е можно само за дипломатско-конзуларни претставништва, одбележување на државата пред меѓународни организации, амбасадите исто така, при посета на суверените држави на други држави, зборувавме која е меѓународната пракса за употреба на туѓи државни знамиња. Овде се укажуваше дека меѓународната пракса подразбира и исклучоци, па беше спомнуван примерот на Романија. Јас нема воопшто да навлегувам во ваквите исклучоци и како се употребуваат знамињата на етничките заедници кои се идентични со знамиња на туѓи држави. Затоа многу добро зборуваше колешката Лилјана Поповска и од таму видовме дека не е употребата таква каква што ни се нуди со овој закон, дури и во тие меѓународни исклучоци, како што е Романија, бидејќи со нашиот закон се нуди употреба на туѓи државни знамиња на државни институции кои го симболизираат суверенитетот на државата Република Македонија, не само на локални институции, туку и на државни институции кои се наоѓаат на територијата на локалните самоуправи. Значи не постои така меѓународна пракса, почитувани колеги, а нашиот Рамковен договор на кој се повикуваме и што викаме дека е основ за носење на овој закон, тој не упатува на почитување на меѓународната пракса.

Од наша страна имаше многу предлози до парламентарното мнозинство и посебно до колегите пратеници од етничките заедници, да ја примениме меѓународната пракса и кажавме каква е меѓународната пракса во Албанија и зошто да нема разбираше и широкоградост, како што се бараше од наша страна да има, од страна на приемр на албанската етничка заедница, да се применуваат апсолутно истите начела и истите одредби, како што го има и албанското

законодавство во однос на употребата на туѓи државни знамиња на територијата на Република Албанија. Го спомнавме примерот со знамето на грчкото малцинство, на грчката етничка заедница која е во рамките на Република Албанија, која е принудена својот идентитет да го изразува преку знаме кое не е идентично со грчкото државно знаме, туку има извесна модифиакција за да не имплицира територијални претензии кон Република Албанија. Значи Република Албанија го заштитила сопственото знаме, а Република Македонија е широкоградa и таа нема потреба да го заштити сопственото знаме.

Се зборуваше дека ова национално знаме, националното знаме на албанската етничка заедница е повеќе од 400 години station наназад и дека не може да се промени, бидејки тоа е тоа знаме, исклучиво тоа што го изразува идентитетот на албанската етничка заедница. Но, дали е така? Посочивме на пример дека во последните 80 години, токму албанското етничко, национално знаме претрпело 12 модификации. Па зоштонема широкоградост од страна на албанската етничка заедница, па да кажат, колеги штом вие сметате дека туѓото државно знаме имплицира на делба на суверенитетот или така го доживувате, еве ние имаме разбирање за тоа и наместо идентичното национално државно знаме на Република Албанија кое ние го доживуваме како наше национално знаме, наместо тоа знаме ќе земеме едно од 12-те модификации што исто така во одреден временски период го изразувале нашиот национален идентитет и за да има мир во државата Република Македонија, еве ние ќе бидеме тие што ќе кажеме дека апсолутно немаме намера да го допираме суверенитетот на Република Македонија и да го загрозуваме, туку ние ќе си избереме знаме кое не е идентично со знамето на Република Албанија, а кое е едно од нашите национални знамиња, кое сме го употребувале. Немаше разбирање ниту за тоа. Побаравме на знамето што сметаат дека е нивно етничко знаме, да се стави нешто, некој симбол на државата кон која тие припаѓаат, како граѓани на таа држава го делат суверенитетот заедно со другите граѓани на Република Македонија и на тоа знаме да се стави апликација која ќе асоцира на суверенитетот на државата Република Македонија чии граѓани се. Немаше разбирање ниту за тоа. Не зборувам само од страна на албанската или другите етнички заедници. Меѓутоа, немаше разбирање од страна на парламентарното мнозинство на сите тие искажани аргументи. Немаше разбирање од страна на извршната власт, аргументи кои, повторно ќе кажам, упатуваат на меѓународната пракса на која не упатува и Рамковниот договор. И што добивме, почитувани колеги. Сега имаме текст на закон со кој се дава можност туѓи државни знамиња да се веат пред институциите од локален карактер, но и пред државните институции. Суверенитетот на државата Република Македонија станува делив, значи се погазува Уставот на државата Република Македонија, иако во извршната власт седат луѓе кои го потпишале Рамковниот договор и кои и од македонска страна и од албанска страна го гарантирале, повторно ќе кажам, суверенитетот на нашата држава Република Македонија и унитарниот карактер на Република Македонија. Со тоа, почитувани колги се отвори патот кон федерализацијата на нашата држава Република Македонија. Не добивме одговор од страна на министерката за правда, како си дозволува Министерството за правда и Владата на Република Македонија да го кршат Уставот на нашата држава и со која цел тоа го прават, која е тенденцијата со ваквото решение и со глувоста на Владата што не сакаше да слушне ниту еден аргумент, ниту пак да даде противаргумент, да каже зошто се дели суверенитетот на државата Република Македонија, спротивно на Уставот на Република Македонија, спротивно, повторно ќе кажам и на одлуките на Уставниот суд. Еве, и денес немаме можност да слушнеме од министерката за правда, да додје и да даде одговор на најсуштествените прашања кои беа овде поставени и за кои баравме, а не добивме никаков одоговор.

Бидејки тука е заменик министерот за правда, ќе го прашам, зошто не се почитуваше и Рамковниот договор, зошто не се почитуваше и точка 1.2. од Рамковниот договор, а овој закон, неговиот основ за донесување е Рамковниот договор и исполнување на последната обврска од Рамковниот договор. Зошто тогаш не се почитуваше точка 1.2. во која и со Рамковниот договор се гарантира суверенитетот и унитарниот карактер на државата Република Македонија и која е тенденцијата за непочитување на ваквото решение кое е утврденово Рамковниот договор, чии потписници се не само партиите од Република Македонија, туку и Меѓународната заедница, нејзини претставници.

Понатаму, член 5. Се обидовме со аргументирана расправа повторно да укажеме дека не смее да се пречекорува Рамковниот договор, не смее да се прави ревизија, не смее да се прават толкувања на Рамковниот договор, така како што им одговара на претставниците на власта, а не така како што е напишаново Рамковниот договор. Ако не им беше јасна одредбата за супереноста и за обврската што е дадена со Рамковниот договор дека мора да се сочува суверенсота и унитарниот карактер, белким ептен јасно беше дадена одредбата 7.1. од Рамковниот договор во која многу јасно е кажано и нема простор за импровизации, како што сега се прави со овој закон. Многу јаснои децидно е кажано во однос на симболите дека непосредно до симболот на Република Македонија, локалните власти ќе ја имаат слободата, само на предната страна, овде стои, почитувнаи коелги, на предната страна од локалните јавни објекти да поставаат симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата.

Очекувам повторно од минситерката за правда, во текот на денот да дојде овде и да даде одговор, бидејќи заменик минситерот не ни даде одговор зошто се крши и Рамковниот договор, од

каде им е правото за слободно толкување, од каде им е правото за отварање на Рамковниот договор, за негова ревизија и додавање на одредби кои не се содржани во Рамковниот договор, од каде им правото да вметнуваат во членот 5 одредба со која се вели " и пред објектите и во објектите на државните органи, јавните служби и правните лица, основани од државата, ќе се веат знамињата на етничките заедници". Со кој Рамковен договор тоа се утврди, или има некој нов Рамковен договор за кој опозицијата не знае и не е нејзин потписник. Зошто се прошируваат одредбите на Рамковниот договор со Предлогот за употреба на знамињата на етничките заедници и пред објектите на државните органи. Дали и тоа го направивте заради вашата широкоградост, почитувани колеги, дали затоа не го изгласавте амандманот. За вас не беше обврска, ниту она што е обврска од Рамковниот договор, ниту пак Уставот на државата Република Македонија, туку широкоградоста ваша и да не го навредите, или да не го разочарате вашиот коалиционен партнер. Која е тенденцијата за ваквото предложено решение, зошто го ревидирате Рамковниот договор, што ве принудило на тоа?

**Слободан Најдовски:** Госпоѓа Бонева, можам ли да ве прекинам. Ве молам да ви кажам. Вие можете да си дискутирате колку сакате. Но можете да дискутирате по текстот. Што правеле тие, зошто и како гласале, тие ќе одговараат за нивното гласање. Ве молам, 25 минути дискутирате меѓутоа, ни пет минути немате за текстот.Дозволував уште малку, уште малку, но не доаѓа време за текстот. Се плашам после првиот час да не почнете за текстот. Ве молам дискутирајте за текстот, ако сакате да не ве прекинувам.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе, ниту дел од мојата дискусија не е надвор од текстот на законот. Зборував за член 2 и неговите импликации, зборував за делбата на суверенитетот на државата Република Македонија, која што го овозможува членот 2 и сега за членот 5, апсолутно цитирам, она што е вметнато како одредба во членот 5 и го споредувам со Рамковниот договор.

Јас не знам зошто ви пречи ваквата анализа, која што е најнормално нешто, да укаже за тоа што е тоа што им пречи на опозицијата и на целата македонска јавност со ваквиот закон. Значи, апсолутно не сум надвор од текстот на законот. Буквално до збор го следам текстот на законот. И ќе продолжам. Зошто се буниме дека не треба пред објектите на државните органи и јавните служби и правните лица основани од државата да се веат знамињата на туѓите држави. Значи туѓите државни знамиња. Едно е Рамковниот договор. Второ е Уставот на Република Македонија и со тоа што се дели суверенитетот на државата Република Македонија кога пред државна институција на локално ниво се вее знамето на туѓа држава. Значи, тоа е едно, а друго е тоа што и се дава право на една етничка заедница која што влегува во поимот граѓани на Република Македонија, кои што се носители на суверенитетот на државата Република Македонија. Значи и албанската заедница и турската и сите други етнички заедници се носители на суверенитетот на државата Република Македонија. А државното знаме го сублимира суверенитетот на сите граѓани во Република Македонија, вклучувајќи ја и албанската етничка заедница. Со кое право се потенцира уште со едно знаме до државното знаме на државните институции, другата етничка заедница. Значи имаме државно знаме кое што го сублимира суверенитетот на сите граѓани, вклучувајќи ги и албанската етничка заедница и турската етничка заедница и повторно уште едно знаме за да се потенцира суверенитетот на таа етничка заедница. Значи другите граѓани на Република Македонија се доведуваат во нерамноправна положба. Со едно државно знаме се сублимира суверенитетот на сите граѓани и уште едно знаме со кое се потенцира една етничка заедница. Поголем апсурд не постои никаде во светот. Што се изразува со тоа знаме? Што се кажува со тоа знаме? Ако го гледаме како знаме на етничка заедница, ако го гледаме пак како знаме на туѓа држава кое што се вее пред државна институција, тоа почитувани колеги не означува апсолутно ништо друго, туку дека се дели суверенитетот на државата Република Македонија, таму каде што тоа знаме е закачено. Што значи тоа кога тоа знаме ќе се вее пред полицијата во Тетово, или во Гостивар, или во Струга. Што ќе значи за било кој странец, или за било кој претставник на некоја меѓународна организација или претседател на држава кога на државните институции, на полицијата, на објектите, на Армијата ќе види дека се вее знамето на државата Република Македонија и знамето на Република Албанија, или пак на Република Турција. Тоа ќе значи за сите дека овде во оваа зграда се стационирани сили на полицијата на Република Албанија, или на Република Турција и на полицијата на Република Македонија. Апсолутно ништо друго. Тоа значи дека ние си го делиме суверенитетот како држава со туѓата држава, затоа што и туѓото знаме го искажува суверенитетот на другата држава. Кога туѓото државно знаме се вее на нашата територија, тоа го содржи во себе суверенитетот на албанската држава, или суверенитетот на турската држава и територијалниот интегритет во исто време. Значи ние си дозволуваме и територијалниот интегритет на Република Македонија на тој начин да го загрозиме, бидејќи на државни институции ставаме туѓо државно знаме. И тоа не е причина да се подзамислат, ниту пратениците на парламентарното мнозинство, ниту Владата. Па што правиме ние? Што правиме ние?Сега повторно за членот 5. Значи се одби овој амандман почитуван потпретседателе, да не кажете дека сум надвор од законот, се одби и овој амандман и си остана решението кое што не е ниту решение од Рамковниот договор, ниту некаква обврска за

државата Република Македонија. И очекувам белким до крајот на расправата министерката за правда да дојде овде и да ни каже зошто е направена ревизија на Рамковниот договор, зошто не е почитуван суверенитетот на државата Република Македонија и зошто не се почитува Уставот на Република Македонија. И која е целта за ваквото постапување.

Понатаму, се одби едноставно, амандманот за нашето барање дека кога веќе на секаде и пред и по објектите на државните органи, јавни служби, правни лица пред јавните служби и јавни лица основани од едниците на локалната самоурпава, на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти ќе се постави знамето на таа етника заедница, баравме само задолжително да се постави и знамето на Република Македонија. Но тоа не беше доволна приина и обврска за парламентарното мнозинство да го поддржи овој амандман и Владата го одби и парламентарното мнозинство го одби овој амандман.

Понатаму, со членот 5 реагиравме на алинеја 2 со која што се кажува дека и пред и во објектите на државните органи, пред локалните самоуправи, по улиците, плоштадите и инфраструктурните објекти и во денови на празниците на заедниците ќе се истакнуваат знамињата на етничките заедници.

Почитувани колеги, алинеја 1 зборува за истакнување на знамињата на етничките заедници во деновите на државни и други празници на Република Македонија утврдени со закон. Имаме ваков закон и покрај државните празници се определени верските празници на кои што упатува и овој закон кога можат да се употребуваат знамињата на етничките заедници. Но што е сега ова решение кое што остана, амандман кој што беше одбиен, дури имавме амандман и од колешката Благородна Мингова Крепиева речиси идентичен за бришење на оваа алинеја. Значи не само опозицијата и парламентарното мнозинство дошло до сознание дека апсурдно е ваквo решение кое што ни се дава со овој закон. Зошто почитувани колеги? Јас упатив барање до рпетставникот на Министерството за правда да ни објасни што значи тоа во денови на празници на заедниците. Дали мислат да носат закон со кој што ќе се утврди кои ќе бидат празници на заедниците. Ако е така, требаше да стои во денови на празници на заедниците утврдени со закон, како што имаме во првата алинеја за државните празници, за да знаеме дека има намера оваа Влада да донесе закон за празници на заедниците. И дека само во со закон утврдени празници, ќе се употребува и знамето на етничката заедница. Но ваква каква што остана оваа одредба се остава можност во државата да се празнува се што ќе се посака и се што некој мисли дека треба да биде празник на етничката заедница, без оглед на тоа дали е во согласност со желбата на сите граѓани на Република Македонија, дали е во согласност со законите, дали е во согалсност со традицијата на поднебјето на кое што со векови живееле етничките заедници, заедно со македонскиот народ. Значи буквално се легализира денешната состојба, кој кога сака и како сака да си го вее знамето на етничките заедници, но сега тоа е ставено во законска рамка, без никој да има право да протестира зошто тој и тој ден цел град е искитен со знамињата на етниките заедници. Па ќе кажете дека тоа е празник. Тој ден ни е празник и тоа право ни е дадено со законот за употреба на знамињата на етничките заедници. Значи, апсолутно, слободно толкување кој како сака и кога сака да си празнува во државата.

Понатаму имавме амандман дека не смее да биде дефиниран како овде што е, дека при пречек и испраќање на претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија треба и на државни институции и на јавни служби и правни лица основани од државата, на правни јавни лица основани од локалната самоуправа, по улиците и на секаде низ градовите, каде што ќе влезе претседателот на државата република Македонија, да се поставуваат знамиња, како да доаѓа некој суверен на туѓа држава на територијата на таа локална самоуправа. Зошто и ваквото решение. Најнормално е претседателот на државата и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, нивна редовна и секојдневна работна обврска е да ги посетуваат локалните самоуправи. Што ќе значи ваквото решение? Секој ден на секое место да бидат поставени знамињата на етничките заедници, заедно со државното знаме и ќе го пречекуваме претседателот на нашата држава и премиерот на нашата држава и министрите на нашата држава, како да ни доаѓа некој претседател или премиер од друга земја, како што беше во бивша Југославија, кога доаѓаа претседатели на другите републики. Значи потврда на тоа што го зборуваме дека чекориме кон федерализација на Република Македонија, бидејќи се немаше воопшто разбирање, ниту за тоа прашање. Секој ден, по секој повод, како што доаѓаат разни министри во посета на локалните самоуправи, секој ден треба, значи колку луѓе ѓе треба локалната самоуправа само да ангажира за качување на знамињата и симнување на знамињата на етничките заедници на Република Македонија низ целата територија на локалната самоуправа, онака како што е утврдено со законот, заради тоа што еден министер секојдневно си ја врши работата и оди да ја посети локалната самоуправа.

И последното решение, кое што нормално, амандманот на опозицијата беше одбиен, меѓутоа, Владата колку да се покаже како оперативна и нешто божем прави и нешто божем слуша од опозицијата го усвои амандманот, односно таа достави амандман, нашиот амандман нормално беше одбиен за фоскулата меѓународна заедница, секако доаѓаат претставници на Меѓународната заедница, треба да се ставаат знамиња на етничките заедници на Република Македонија и се виде дека тоа не

треба така да стои, па кажаа дека висок претставник на Меѓународната организација кога ќе дојде, дека тогаш ќе се стават знамињата на етничките заедници.

Сега остана почитувани колеги, отворено и неодговорено прашањето, ниту пак регулирано со овој закон, ниту со членот 8 кој што упатува на истакнување на знамињата на заедниците, колку знамиња ќе бидат истакнати на јарболите кога територијата на локалната самоуправа ќе ја посети претседател или премиер на Република Албанија и Република Турција во случајот, бидејќи знамињата на етничките заедници се апсолутно, идентични со државните знамиња на тие земји и како ќе се оддели кој од тие две знамиња е етничкото знаме, а на кое знаме треба да му се искаже почит како знаме на туѓата држава, чии што суверен е присутен во таа локална самоуправа. Сеуште очекуваме одговор, белки до крајот на расправата ќе добиеме одговор како тоа ќе функционира.

Понатаму, стигнуваме до членот 6. Во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедниците и се мнозинство, може да се истакнат знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница при меѓународни средби, при прослави, свечености и други политички, културни и спортски манифестации. И овде, на овој член 6 имавме амандман, по кој што баравме задолжително истакнување на македонското државно знаме со знамето на етничката заедница, во случаите кои што се наведени овде, значи, при меѓународни средби, натпревари, собири, спортски и културно-политички манифестации и нормално, нашиот амандман беше одбиен, но Владата, почувствува потреба да форли појас за спасување на нашето државно знаме. Кога си поднесе амандман идентичен на нашиот амандман, бидејќи мораше, знаејќи ја праксата, знаејќи што се случува на територијата на Република Македонија, каде што се присутни етничките заедници, дека воопшто го нема државното знаме и ако ја оставаше можноста вака како што е дадено дека може да се истакне знамето на Република Македонија и знамето на етничката заедница, дека ќе се толкуваше, како и сега што се толкува, иако имаме закон за знаме и употреба на знамето на државата Република Македонија, кое што не се почитува, кое што повторно ќе кажам не се почитува, имаме знаме кое што треба да го почитува секоја етничка заедница и кое што треба да го истакнува и сега, кога виде Владата дека буквално ќе се удави државното знаме и при овие манифестации ќе се легализира само едно етничко знаме да се употребува, фрли појас за спасување и кажа да, ако се истакне знамето на етничката заедница, тогаш задолжително ќе се истакне и знамето на државата Република Македонија.

Тоа е почитуван претседателе за поздравување, меѓутоа, тоа е како на човек кој што ги изгубил очите, а вие да му зборувате за вегите. Многу убаво беше кажано од колегата Китановски. Тоа навистина е така. Ние го делиме суверенитетот на државата Република Македонија со туѓи држави. Сега гледаме нешто да спасиме. Тоа нешто што ќе биде е на локално ниво на спортски и меѓунардни натпревари и културни средби, барем таму да се вее и знамето на Република Македонија, бидејќи ќе биде само знамето на етничката заедница, која што е мнозинство на таа локална самоуправа.

Понатаму, доаѓаме до членот 8 за кој што имаше огромен број на пратеници и од парламентарното мнозинство и од опозицијата кои што бараа да се дефинира како ќе се употребува начинот на истакнување на знамињата на заедниците, бидејќи со членот 8 воопшто не е уредена употребата на знамињата на етничките заедници во членот 5 која што е кажана. Значи, како ќе се употребува пред и во објектите државен карактер. Значи, никаде не стои, внатре во објектите од државен карактер. Значи, никаде не стои внатре во објектите. Тоа што Владата си дава за слобода за широко толкување на Рамковниот договор, па внела дури внатре во државните органи и јавните служби и јавните лица основани од државата да се употребуваат знамињата на етничките заедници и внатре во единиците на локалните самоуправи, во правните лица и јавните служби.

Значи, на кој начин внатре во тие институции ќе се употребува знамето на државата Република Македонија и знамето на етничките заедници, ниту збор, значи, па слободна интерпретација онака како што некој си мисли и како што си сака, а посебно, повторно ќе кажам, во тој член 8 требаше да најде место една одредба кога веќе се одлучи парламентарното мнозинство да дозволи туѓи државни знамиња да се вејат пред државните и локалните објекти како ќе се оддели кое знаме е државно знаме на туѓата држава, а кое знаме е етничкото знаме односно знамето на етничката заедница кое го изразува само нејзиниот суверенитет односно само нејзиниот национален идентитет, а не и суверенитетот на туѓата држава. Како ќе се направи тоа, воопшто не е спомнато во членот 8.

Кога веќе сте се решиле за вакво нешто, требало да напишете. Дали еден метар погоре или пет метри погоре ќе биде знамето на етничката заедница или знамето на туѓата држава за да се знае, да им кажеме на луѓето кои доаѓаат, еве ова знаме што е пет метри повисоко од другото знаме е, тоа е државното знаме на туѓата држава, а тоа што е пет метри пониско, тоа е знаме на етничката заедница. Мора луѓето да знаат, да не бидат во забуна, на кое знаме треба да му искажат почит како на државно знаме на туѓа држава.

Значи апсолутно нема ваква одредба ниту во членот 8.

Понатаму, како што тргнавте низ целиот текст, значи се скрши Уставот, се скрши Рамковниот договор, понатаму се скрши дури и Законот за локална самоуправа и се доведоа овие одредби

од законот во колизија со Законот за локална самоуправа. Тоа заборавив да го спомнам во однос на суверенитетот на државата и во однос на Рамковниот договор, бидејќи Законот за локална самоуправа се донесе после Рамковниот договор како обврска која произлезе од новите уставни амандмани. Таму многу јасно е кажано дека локалната самоуправа во делот за грбот и знамето и симболите на локалната самоуправа, дека локалната самоуправа не смее да одбере идентично знаме со знаме на туѓа држава и да го вее на ниво на локална самоуправа.

Значи не може локалната самоуправа ама може етничкото знаме да државните институти повторно на локалната самоуправа да биде туѓо државно знаме. Па, која е логиката? Која е логиката во овој Парламент еднаш да се носат ограничувачки решенија во Законот за локална самоуправа дека не смеат да бидат туѓи државни знамиња симболи на локалната самоуправа, а со друг закон дека смеат да бидат туѓите државни знамиња симболи на етничките заедници. Апсолутно колизија на одредбите од овој и овој закон, но и на тоа не ни беше одговорено.

Сега, кога се направија толку пречекорувања и газења на толку одредби, па зошто да не се скршат одредбите на Законот за знамето, грбот и химната на државата Република Македонија. Кога почнавме да го давиме државното знаме, па нека целосно се удави, зошто да не, и нормална последица е членот 8. Вметната внатре одредба тотално спротивна на членот 17 став 5 од Законот за грбот, знамето и химната на нашата држава Република Македонија.

Не случајно вчера во реплика на колешката Роза Топузова-Каревска кога зборуваше дека мораме да ја почитуваме оваа одредба и метар да биде повисоко државното знаме, онака како што е дадено во законот и кажа дека со тоа ќе се зачува суверенитетот на државата Република Македонија , прашав, ако биде два метри повисоко, во колку проценти ќе биде поголем суверенитетот на државата Република Македонија, бидејќи со тоа ние не го зачувуваме суверенитетот кој веќе го направивме делив, но тоа е уште еден доказ како оваа Влада и ова парламентарно мнозинство си дозволи да го погази дури и Законот за грбот, знамето и химната на државата Република Македонија.

Она што е јасно дадено како треба да стои знамето на Република Македонија, колку метри треба да биде повисоко знамето на локалната самоуправа, дури и тоа не е почитувано, овој закон го носиме за примена на законот за знамето на етничките заедници на локално ниво. Ако е така зошто и оваа одредба од Законот за грбот, знамето и химната на Република Македонија не се почитува, туку се погазува. Зошто немаше разбирање за прифаќање барем на еден амандман, барем на еден амандман да се ублажи болката што ја создавате со ваквите законски решенија.

Почитувани колеги пратеници, уште еднаш апелирам не до Владата, туку до парламентарното мнозинство кое треба да притисне на копчињата и да гласа за или против овој закон. Уште еднаш да размисли дали во овој законодавен дом сме дојдени да го кршиме Уставот на државата Република Македонија и да го распродаваме суверенитетот на нашата држава Република Македонија, дали некој ни дал ваков легитимитет, дали сме дојдени овде во Собранието на Република Македонија да носиме закони кои не произлегуваат од Рамковниот договор чии потписници се политичките партии чии претставници седат во овој Парламент, барем во најголем дел, дали сме во овој Парламент да носиме закони чии што одредби се во колизија едни со други. Знаејќи го тоа, како што правиме со погазувањето на Законот за локална самоуправа и како што правите, не правиме ние, туку вие правите, со погазувањето на Законот за знамето, грбот и химната на државата Република Македонија.

Почитувани колеги, никој не ни го дал ни нам ни вам тоа право ниту да го кршиме Уставот, ниту да ги кршиме законите кои се донесени во овој Парламент, без оглед дали се од претходен состав или од сегашен, ве повикувам сите вас пред да го притиснете гласачкото копче, размислете што ќе дадете одговор на вашите деца и на вашите внуци кога ќе ве прашаат што направивте вие за зачувување на суверенитетот на нашаа држава Република Македонија.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ваков закон, вакво законско решение воопшто нема намера да гласа и нема да учествува во изгласувањето на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете госпоѓо Топузова, штом имате реплика излезете на говорница за да не ве избришеме од списокот.

Повелете три минути.

**Роза Топузова-Каревска:** Сосема кратко, бидејќи бев спомната во инспиративната дискусија на Силвана Бонева, мислам дека е неоправдано и несватливо и непристојно и непримерно она што не е предлог од ВМРО-ДПНЕ, жестоко да се напаѓа при тоа не согледувајќи го какво влијание и значење може да има самиот амандман предложен од ЛДП. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Јас мислам дека бев многу јасна, јас не го напаѓам амандманот на ЛДП, не заради тоа , јас цело време зборував за подршка на тој амандман и зборував за газењето на Законот за знамето, грбот и химната, меѓутоа, кажав дека со тоа не се враќа суверенитетот на државата Република Македонија кој се овозможи со членот 2 да биде поделен. Бидејќи се погази суверенитетот дали знамето ќе биде уште два метри повисоко кога до него се вее туѓо државно

знаме, суверенитетот е поделен. Апсолутно зборувам за почитување на Законот за грбот, знамето и химната што беше предлог на ЛДП.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Гашоска имате три минути реплика.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам господине претседателе.

Да запомни колешката Бонева, суверенитетот на државата го одбрани и зачува ова парламентарно мнозинство и ја спречи размената на територии и луѓе што ја предвидуваше и заговараше нејзината партија и нејзината власт. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева имате една минута.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, многу сте контрадикторни. Гласавте сите вие против амандманот на членот 2 со кој ние пратениците од опозицијата баравме да се зачува суверенитетот на државата Република Македонија, вие велите дека го зачувувате и одбранувате суверенитетот кој некој член на ВМРО-ДПМНЕ односно претседател кој бил на ВМРО-ДПМНЕ во минатото искажал свој личен став за начинот на надминување на кризите. Тоа е личен став на еден човек, не е тоа партиски став на ВМРО-ДПМНЕ. Тука сте во заблуда.

**Љупчо Јордановски:** Тоа значи вашиот говор госпоѓо Бонева е личен став?

**Силвана Бонева:** Господине претседателе дали тоа беше ваша реплика или процедурално?

**Љупчо Јордановски:** Ништо не беше.

**Силвана Бонева:** Да знам како да реагирам.

**Љупчо Јордановски:** Ви давам една минута за контра реплика.

**Силвана Бонева:** Јас сум координатор на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и зборував од името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. ВМРО-ДПМНЕ не зборувал за размена на територии и на луѓе. Искажано лично мислење на еден човек од ВМРО-ДПМНЕ не е став на политичка партија.

**Љупчо Јордановски:** Дали има други реплики? (нема)

Повелете господине Чашуле вашите саат, половина саат, два саата.

**Слободан Чашуле:** Господине претседател, не знам кого да поздравам, режисерот белким ќе направи една панорама по салата да види дека е празна. Се надевам дека нема кворум и пред телевизорите, бидејќи очигледно на народот му досадивме со нашата немоќ. Да. Жал ми е.

Почитувани колеги, ова почитувани сватете го буквално заради тоа што сепак во овој клучен момент од расправата за законот за употреба на знамињата на заедниците останавте овде и сте отворени, се надевам, кон сето она што имаме да ви го кажеме. Без оглед на тоа што мнозинството го нема тука, јас ќе си го употребам правото и ќе зборувам по текстот на законот.

Не сакам да верувам дека отсуството значи оти работата е завршена и дека овој Парламент уште еднаш онака доследно, но таријатски ќе удри нотарски печат на еден закон за кој, барем една тронка од она што се кажа овде ќе се свати дека внесе немир во нашата јавност и во нашите редови. Ако е тоа само така доволно е да се замислиме и доволно е да ја искористиме процедурата која ни ја дава нашиот Деловник и до крајот на расправата да смогнеме сила заедно со претставниците на Владата и да спасиме што може да се спаси, прво, од меѓусебните интеретнички односи, второ, да спасиме што може да се спаси од довербата, трето, да спасиме што може да се спаси од идеите за суверенитет што ги имаме, суверенитетот на државата и конечно да го зачуваме Уставот.

Верувајте ми овој закон во овој момент ваков каков што е не ни треба. Видете што стори. Да беше добар и да беше избалансиран и во фазата на неговото носење, бидејќи темелното образложение му е да ги завршиме обврските од Рамковниот договор, да се поведеше малку повеќе грижа за тоа да се дослушаат мислењата и на другите и да седнеме онака како што не учи Рамковниот договор и по оваа пригода да се договориме, ние тргнавме на јуриш. Скусена постапка овде во Парламентот, губејќи така, по мое длабоко убедување, драгоцен придонес во расправата, во политичкото договарање, да ги согледаме, како што се согледаа многу, а и една или две се прифатија, недоследности кои произлегуваат секогаш кога луѓето работат нешто заради тоа што безгрешни во секој случај не сме, а уште помалку притиснати од интензивната агенда што ја имаме работејќи под притисок често и грешиме. Но, што е, тука е, законот е пред нас.

Имено, и покрај тоа што ви се обраќам во скусен состав, преку вас и до јавноста да упатам една моја порака, една моја грижа. Не сум убеден дека овој закон ваков ќе не доближи до ЕУ . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Чашуле би ве замолил, нема да ве прекинувам, заради формата на секои три минути спомнете некој член од законот затоа што дискутираме по текстот.

**Слободан Чашуле:** Имате право, ме потсетивте, благодарам многу, јас сум сеуште на образложението на потребата за донесување на законот кој е составен дел од текстот и затоа ќе елаборирам сега. Но, требаше да ги спомнам.

Точно така, едно од темелните образложенија, позиции во образложението е имплементацијата на Рамковниот договор како услов за нашата апроксимација кон ЕУ. Овој закон во целина, сите негови членови . .

**Љупчо Јордановски:** Ова сите членови ви дава повеќе време за дискусија.

**Слободан Чашуле:** Верувајте ми многу е потрагично отколку ни доликува да се смееме, ама дај боже да продолжи атмосферата вака

пријателски и позитивна, белким нешто ќе направиме.

Во сите свои членови не, не доближува до ЕУ. Од една уставна и една причина која стои во образложението, а тоа е Рамковниот договор, овој закон ги крши обата. Така што јас не верувам дека Унијата од нас бара да го прекршиме Уставот носејќи закон во чиј што член практично се имплицира повреда на Уставот и редефиниција на Република Македонија како заедница на здружени суверенитети на заедници.

Исто така не го имплементира Рамковниот договор, бидејќи заговара идентитет на заедници во граѓанска држава. Република Македонија е дефинирана како сицијална Република каде суверенитетот им припаѓа на граѓаните, дозволувајќи правото на личниот идентитет на македонецот, албанецот, србинот, турчинот, ромот, влавот и сите други ценети наши сограѓани во Република Македонија да биде изразуван исклучиво преку заедницата со еден симбол поместен на знаме и тоа знаме да биде идентично на друга држава, го нарушува финиот поредок на нештата во нашата држава на кои се обврзавме со Рамковниот договор и со тој договор постигнавме цврста согласност да не дозволиме, имено, да дојде до тоа.

Рамковниот договор кој треба да го спроведеме со овој закон предвидува слобода со која сум целосна согласен на издвоен идентитет, а бидејќи издвоениот идентитет некои луѓе сакаат да го симболизираат, прифаќа употреба и тоа слободна, неограничена на симболи.

Мене симбол не ми треба, јас сакам моето незнаење и мојата укост и неукост да ми биде мене симбол. Но, ги почитувам граѓаните што сакаат својата посебност да ја покажуваат и докажуваат. Јас само не разбирам зошто ни треба закон, за да можат тие граѓани со знаме да се докажуваат дека се поинакви од мене. Но, тоа исто така е нивно право. Меѓутоа, ако истовремено Рамковниот договор не обврзува сите заедно да го почитуваме Уставот, а сите велиме дека Република Македонија е наша заедничка, бидејќи нејзиниот суверенитет им припаѓа на сите граѓани, тогаш зошто покрај личниот, националниот, симболот на заедницата не го ставиле и симболот кој ни е единствено заеднички и кој треба да го зацементира до крај Рамковниот договор како темелник на заедничката држава Република Македонија на сите нејзини граѓани, нејзиниот симбол. Ова знаме на државата Република Македонија е политичко знаме. Тоа знаме е политички договор во овој Парламент во негово претходно свикување. Тој не е мој симбол личен на Слободан Чашуле, ниту на кој да е македонец, туку на нашата заедничка држава и ваша и на Турците и на Србите и на Ромите. Зошто тогаш би требало да биде пречка за идентитетот на сите оние што се овде родени или што се овде граѓани и тоа да биде симбол на нивната посебност, на пример во однос на Србија, во однос на Бугарија, во однос на Грција, а и во однос на Република Албанија. Таму имаме една држава, имаме сличен поредок, ама тоа е друга држава. Вие сте наши овде собраќа, побратими и сограѓани. Зошто тогаш би пречело толку многу во членот 2 овде со политички договор во ова Собрание да вградиме елемент како што предлагавме со амандманите кој ќе каже дека симболот на кој имате целосно уставно право да го користите како знак на тоа дека сте тука и присутни, да ставите и симбол за тоа тука, за тоа каде, а тоа е Република Македонија. Ништо повеќе, ништо помалку. Господа, како ќе покажеме дека тоа на кое што се обврзавме во Охрид после толку злопатење и натаму валидно. Со тоа што ќе прифатиме дека неговиот темелник е договорот, политичкиот договор. Во договор мора да има две страни. Во случајов како што го имплементираме, излегува дека секогаш има една страна која ја ставате, за мене непријатна позиција од неа нешто да се бара и таа со сила да дава. Сега е историски момент. Во членот 2 со гласовите на господата претставници на сите заедници овде во овој Парламент како пратеници на граѓаните на Република Македонија, бидејќи ние овде сме пратеници на граѓаните, да го постигнеме тој договор и да покажеме пред Европа дека сме способни да направиме политички договор и во членот 2 да ставиме дека сите заедно на нашите слободно изразени симболи ќе го негуваме и заедничкиот симбол. Тоа е за мене Рамковниот договор и така треба да изгледа знамето на сите заедници во оваа наша држава. Немојте да одиме сега во деталите кои произлегоа од расправата по повод членот 2 и амандманите на член 2 знамето да се разликува од знамето на друга држава, на примерите како што се Романија и Словенија. Тоа се други стварности. Јас мислам дека веќе научивме неколку горчливи лекции, дека со некритично пресликување на туѓи решенија за други стварности само создаваме проблеми. Таму малцинствата се далеку од суверенитетот што нашите заедници овде го имаат, таму игрите на бројките се поинакви. Така што во ограничен обем тие остваруваат едно лимитирачко право, но не остваруваат многу други на кои ние треба да се гордееме и служиме во моментов како пример во Европската унија. Кај нас кога ќе ги погледнете процентите против кои немам ништо и кога ќе ги погледнете териториите, ќе видите дека не може да се изведе така едноставна аналогија. Прво, заради тоа што се работи за живи луѓе со јасни интереси. Второ, концептите на државите, бројките, минатото и добро и лошо заедничко, не одат во прилог на такво пресликување, но одат во прилог на уште еден автентичен пример кој може Република Македонија да го даде и врз основа на кој може да добие многу големи предности во оваа фаза кога се решава за нашаа кандидатура во Европската унија, а тоа е во членот 2 овде со политички договор да доградиме една одредница која ќе докаже уште еднаш дека и мислиме сите заедно добро на Република Македонија. Овде на еден за мене неприфатлив начин се спомнува

делба на држава и размена на територии. Јас не мислам дека таква работа воопшто била возможна, или е возможна во Република Македонија. Особено ќе ја оневозможиме ако во членот 2 доградиме став во кој ќе стои дека знаме на туѓа држава не може да биде симбол, не може да биде израз на симболот на една етничка заедница, бидејќи ако не го направиме тоа, тогаш го озаконуваме имено бележењето на територоиите. А бележењето на териториите до размена е само уште еден получекор. Немојте тоа да го правиме. Јас сум против тоа. Нам не ни треба размена на територии, нам не ни треба делба, нам ни треба една единствена заедничка Република Македонија во која и Македонецот и Албанецот и Србинот и Турчинот и Влавот и Ромот и сите други на сета нејзина територија ќе се чувствуваат гордо што се граѓани на суверена, самостојна, единствена Република Македонија и гордо заедно со белегот на својот идентитет ќе го носат и нејзиниот белег. Членот 2, господа, на овој закон, јас зборував и по повод амандманската расправа во тој првец и сега е клучот на сите наши проблеми, ако пристапиме кон него државнички, тогаш ќе можеме да речеме, ајде да ја заборавиме целата политичка дикција, да ги заборавиме сите политички разлики и сите тешки, грди и неубави и убави зборови што ги кажавме овде, да го постигнеме договорот и во тој случај прво ќе спречиме да донесеме закон кој ќе предизвика непријатност, да не речам гнев кај граѓаните.

Второ, ќе донесеме закон кој нема да не тера по некое време повторно да правиме закон, бидејќи објективно гледано вака како што е овој закон повторно ги сегрегира заедниците во нашата држава, заради тоа што прифаќајќи симбол поместен на знаме кое е идентично со знаме на друга држава, законодавецот вели тоа да се користи само онаму каде што заедницата е во мнозинство. А јас мислам дека нас Уставот, Рамковниот договор не обврзува на секој граѓанин да му дадеме за право да го истакнува својот идентитет, ама кај секој граѓанин. Во тоа, секој граѓанин, е тајната на нашите недоразбирања и клучот за нашите решенија. Секој граѓанин на што? Граѓанин на Република Македонија, па ако носиме пасош, ако носиме лична карта, ако пред светот и светот се однесува кон нас како кон македонци кои се припадници на едно богатство од заедници и култури, зошто тогаш не можеме кажувајќи дека јас сум Албанец, јас сум Македонец, вие Албанец, да не кажеме дека сме истовремено, еве вие не сакате да кажете дека сте Македонци, кажете дека сте граѓани на Република Македонија. Вие тоа сте. Сите ние овде претставени врз основа на Уставот сме претставници на граѓаните на кои? На Република Македонија. Во спротивно инсистирајќи само на националниот белег, прво праќаме погрешна порака. Второ, дозволуваме со манипулација на процентите да се врши сегрегација. Трето, обеспрадуваме едно богатство заедници кои исто толку многу како големиот број заслужуваат да бидат опфатени со членот 2 и со другите членови на Законот, под услов на својот белег кој ќе можат да го користат насекаде каде што ги има како што е во цел свет, ако стават белег на тоа дека и припаѓаат на Република Македонија и се лојални на Република Македонија, ги почитуваат законите на Република Македонија. Господа, ако усвоиме ваков закон, претходно еве ја испуштивме таа фаза и затоа толку многу инсистирам да го доработиме овој закон, а без да направиме закон за тоа што се знамиња, се доведуваме во ситуација да му дадеме на етничкиот симбол на две големи заедници да му најдеме неминовно во погрешната негова перцепција конотација на знаме на држава, еве, нема да речам туѓа држава, знаме на држава. Знамето и онака како што го кодифицирале албанците на Балканот не е направено за да кажат, ние сме овде Албанци. Со сиот почит, напротив, барем така зборуваат документите на Призренските лиги, документите во оптег на јавноста, дури и желбата на Џерџ Кастриоти да покаже пред наездата на Отоманското царство дека со двоглавиот орел припаѓа на Европа. Па го зема двоглавиот орел на Австрија, на Византија, на Рим, бирајте кого сакате за да покаже издвоеност, ама не тој лично, тој може да биде и Ѓорѓи Козаров или Ѓорѓе Козаровиќ, како сакате, Џерџ Кастриоти. Тој кажува дека ние овде, значи државата, тој е владетел, овој простор, овој суверенитет е различен. Според тоа, ако ние во членот 2 не внесеме јасна дистинкција колку и да сакате да се убедуваме, мене и ќе ме убедите, јас поинаку гледам на овие работи. Но, ние овде носиме закони за сите наши граѓани, закони во кои граѓаните треба да веруваат за да можат да бидат имплементирани. Како во нивната свест ќе ја извадиме перцепцијата дека знамето што го сметате како ваш национален симбол кај нив не предизвикува желба и ова да биде, што се надевам дека не е така, му се молам на Бога да не е така. Да биде сфатено како желба во целиот тој процес на државотворење на кое сите народи на Балканот имаат право дека се поставува белег на држава која не е држава на македонскиот народ. Ние сега можеме да се убедуваме, да се разубедуваме. Мене ви реков, ќе ме убедите јас сум тврдо настроен да не верувам во таков развој. Но, водете сметка, ние имаме Рамковен договор кој сакаме да го доимплементираме со овој закон, а тој Рамковен договор е направен за хармонизација на односите меѓу нашите етнички заедници. Па и него и Уставот и довербата ќе ја искорнеме претензијата за недоразбирање, ќе ја искорнеме претензијата за прелевање на територии, за губење на територии, за губење на суверенитет, за окрупнување на држави со еден единствен гест кој до крајот на расправата Владата како предлагач може да го направи во членот 2 од Законот да огради една едноставна одредба и тогаш секој Албанец, секој Турчин, секој Србин, секој Ром, секој Влав и сите други со тие два свои белези, негови белези ќе може својот идентитет да го слави на сите празници на

кои сака и на целата територија на државата, а таму каде што се мнозинство и пред зградите на локалниот суверенитет на локалната самоуправа. Господа, јас незнам што е толку тешко оваа порака да се свати и во пет минути до дванаесет да ја усвоиме, бидејќи ако не го видоизмениме членот 2 на Законот, ние неминовно отвораме уште една постапка, а таа е пред Уставниот суд. Тоа значи постапка во јавноста, а тоа значи нервоза, тоа значи недоразбирање, тоа значи потхранување на сите оние екстремисти кои не веруваат во Рамковниот договор. Без видоизменет член 2 со сета една ваква нова расправа во јавноста по повод решавањето пред Уставниот суд и не сакам да прејудицирам, но јас кога би бил судија би го соборил законот како неуставен. Ќе се оддалечиме од нашата примарна цел, а тоа е да станеме членови на НАТО и да ја добиеме кандидатурата на Европската унија. А тоа кога ќе го сториме, ако го сториме покажувајќи сега демократска и европска зрелост, тогаш сите овие прашања ќе станат споредни.

Господа, како што ја делиме немаштијата, како што ги делиме кризите, како што ги делиме решенијата, дајте заедно, мислата ми е не да се делиме, туку да споделиме, дајте заедно да ја споделиме и државата, бидејќи зошто ќе ни бидат знамиња кои ќе покажуваат кои сме и што сме, ако сме гладни и ако се веат со нас околу контејнерите, бидејќи она за кое во овој момент ни треба најмногу согласност и на кое го губиме суверенитетот, а тоа е општ политички договор во оваа држава за стечајна програма на македонската економија која ќе не впрегне сите, која ќе не натера да најдеме решение, а кога ќе имаме богати граѓани, тие својот идентитет ќе го изразуваат преку богатството на својата култура и на своето творештво. Вака, од мултиетничка Македонија сведена на немаштија и на знамиња, ќе остане само мулти, бидејќи културата ја создаваат слободни луѓе кои се безбедни, кои имаат стабилна економија, кои имаат политички систем на кој му веруваат, и кои имаат држава која е членка на НАТО и на Европската унија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Чашуле.

Господине Шакири, имате реплика? Повелете три минути.

**Џезаир Шакири:** Господине Чашуле, вие изгледа малку сте ја помешале историјата. Вие повеќе се занимавате со албанската историја. Се знае дека Ѓерѓ Кастриоти е тој што е. Меѓутоа, доколку беше Ѓерѓ, Александар, или некој друг, незнам. Толку многу говорите, на пример гледам дека пратениците од ДУИ не реплицираат, иако национални основи слушаме со умерени зборови, сепак толку навреди од вашите колеги. Да кажеме дека албанското знаме велите дека не ви смета воопшто. Меѓутоа, толку многу зборови говорите против ова знаме што само што не велите дека го мразите. Нас не ни смета да го гледаме знамето на Република Македонија, го почитуваме, немаме ништо против, сме го прифатиле. Меѓутоа, немојте да заборавите, ние сме Албанци, и никогаш нема да станеме Македонци. Ние сме граѓани на оваа земја со векови. Македонија е држава на граѓаните Македонци, Албанци, Турци, Роми и сите што живеат тука. Ние треба реципрочно да се почитуваме меѓу себе, господине Чашуле и вие други почитувани колеги. Ние треба да имаме предвид, всушност вие треба да го имате тоа во предвид. Земете само еден пример, еве ќе ви кажам, верувам дека сте толку мудри да разберете. Јас сум пратеник во овој Парламент, потпретседател на НДП, значи во Македонија. Да имаме една службена посета со политичка партија од Грција, верувајте толку добро ќе ме примат и ќе кажам дека ние како граѓани на Македонија не ја прифаќаме Македонија со ова име ФИРОМ, како што вие ја нарекувате. Ние сме верни на оваа држава. Ние сакаме да живееме заедно, да се почитуваме меѓу себе со сите права. Ние денес сеуште говориме за тоа како да го употребуваме јазикот, како да го употребуваме знамето, меѓутоа има поелементарни работи. Губите време. Немојте да ја труете македонската јавност со овие зборови.

Потоа, често пати одите вие толку далеку - вие не сте верни, не сте лојални на оваа држава, сте земале оружје во 2001 година.

Господине, никогаш лично не сум земал оружје против Велес, Струмица, да ги нападнам, туку сум го бранел мојот народ и секогаш сум горд за тоа што сме го направиле.

Дали сакате да соживуваме? Имаме една цел, да ја оставиме историјата, да не ги преплетуваме жиците на историјата. Ако сакаме напред, треба да имаме своја евроинтегрирачка цел. Интегрирана е Македонија во НАТО и Европските структури. Благодарам.

**Слободан Чашуле:** Прво, деловнички па потоа ќе се навратам да реплицирам.

**Љупчо Јордановски:** Нема деловнички, има процедурално.

**Слободан Чашуле:** Претходниот претседател велеше деловнички, а јас сум човек на навики.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Чашуле.

**Слободан Чашуле:** Господине претседател, репликата на господинот ценет потпретседател на неговата партија немаше ама баш врска со мојот говор. Вие не одреаѓиравте.

Јас не реков дека сте пукале. Јас не ве обвинив вас, ниту го навредував знамето. Јас велам, дајте на тоа знаме на Албанците, кое што го почитувам, што е Европско знаме, да ставиме симбол и ваш и мој. Велите, пред Грците ќе речете дека ова име на Република Македонија е и ваше. Па е и ваше. Е ваше. Точно дека е ваше. Па дајте, кажете дека и државата е ваша со тоа што до вашиот симбол ќе турите само една лента со жолта боја, сонцето на оваа наша заедничка држава.

Господата од ДУИ се сепак подржавничка партија од вас, бидејќи ако ништо друго, тие никогаш мене не ме нарекле славомакедонец.

**Љупчо Јордановски:** Господине Чашуле да одговорам јас на вашето процедурално, бидејќи ни вашиот говор не беше процентуален, а сепак ви дозволив, не беше процедурален а сепак ви дозволив да го завршите, толку широко опфативте некои теми што мислам дека и репликата на господоинот Џезаир Шаќири пак беше во рамките и на вашиот говор.

**Слободан Чашуле:** Не слушавте тоа што го говорев.

**Љупчо Јордановски:** Јас слушав многу добро, вашиот избор на темите да дискутирате по текстот на законот не ви го попречив, тој си имаше свој избор да вам ви одговори. Според тоа и едниот и другиот не бевте во рамките на процедурата.

Благодарам.

Госпоѓо Лалчевска, повелете, имате збор.

**Рисана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

За почитта ќе разговараме.

Колеги пратеници, барем тие што се присутни во салата,

Дозволете ми да се обратам по повод расправата по текстот на законот за употреба на знамињата на заедниците и веднаш да кажам дека текстот прво, е некомплетен. Е дискриминирачки овој закон, задира во уставноста и е во колизија со постојни закони, пред се со Законот за употреба на знаме, химна и грбот. Некомплетен е бидејќи има четири глави, меѓутоа нема глава, што очекував барем во најмала рака, да има глава во која што точно ќе се прецизира кои се знамињата на националностите, какви се, колкава големина имаат, односно ќе биде опишан изгледот на знамињата. Потоа, кои се тие органи што ќе контролираат, односно изгледот на знамето, затоа што тука поставувам едно прашање, што ако утре некоја од заедниците посака да си го смени своето знаме, како ние ќе ги спречиме во таа намера, затоа што немаме закон за изглед на знамето на заедниците.

Ако правилата се дека прво се носи закон за изглед на знаме, па потоа закон за употреба на знаме, треба да бидат почитувани. Министерството, за жал, не ги испочитува ваквите правила. Од тој аспект, овој текст на закон што сега го разгледуваме е апсолутно неккомплетен.

Дискриминирачки е кон заедниците кои немаат толкаво мнозинство за да можат да ги истакнат своите знамиња. Значи, имаме заедница што е привилегирана и останати заедници што не се рамноправни, во една мултиетничка држава што сите, барем декларативно, посакуваме да живееме.

Задира во Уставот, затоа што сите добро знаеме дека имаше идентичен закон, донесен и Уставниот суд го укина, затоа што задираше во одредби што сеуште се вачечки во Уставот. И покрај тоа што тогашниот член 48 сега е заменет со амандманот 8, остануваат да важат одредбите 1 и 5 од Уставот, а тогашниот текст на Закон, Уставниот суд се изјасни дека задира во овие одредби, пред се во одредбата за сувереноста на државата, односно неделливоста на суверенитетот на државата. И, тие се сеуште важечки. Од тој аспект овој закон задира во Уставот. Меѓутоа, јас не сум уставен судија, да ги оставиме да си го кажат своето мислење.

Очигледно е расположението на мнозинството да го изгласа ваквиот закон, бидејќи од толку многу амандмани не прифати ниту еден. Остануваат на ставот дека ќе гласаат за ваквиот текст на закон. После тоа ќе имаме еден чуден пример во светот, барем во еден дел од правото што ние го нарекуваме преседан. Затоа што со закон ќе се дозволи употреба на знаме на друга држава. А, меѓународните стандарди и правила велат дека не може да се употребува знаме на туѓа држава на територијата на друга држава, сем во протоколи што се строго наведени во законот како тоа се прави и во примерите, односно во екстериторијалноста на бродови, на амбасади. А, во други моменти не е дозволено, според меѓународните станарди да се употребуваат знамиња на туѓи држави.

Сега, нас, тука, заедниците не убедуваат дека тоа е знаме со кое што тие се идентификуваат. Јас не им го спорам тоа. Тие можат да се и дентификуваат како сакаат. Тоа е нивно право. Меѓутоа, во таквото идентификување треба да се почитува нешто што се вика право и меѓународен стандард. Во овој случај тоа не е сторено. Туку, направен е договор меѓу лидерски, меѓу двајцата, значи не партиски, туку лидерски и експресно, во Собрание е предложен закон надвор од сите правила.

Самиот текст на законот има 13 членови. Од тоа 4 се казнени и завршни одредби. Мене, навистина ме чуди што на тие 9 члена на законот се поднесени околу 50-тина амандмани. Тоа е доволен сигнал за предлагачот дека текстот на законот не е добар. Амандманите не се само од опозицијата, па сега ние за инат ги поднесовме, туку имаше амандмани и од власта, пратениците кои ја поддржуваат власта. Значи, текстот на законот не е добар. Меѓутоа, Владата остана забетонирана во ставот. Ниту еден амандман, освен мислам еден технички на госпоѓа Којзеклиска, не прифати, иако имаше амандмани со разни варијанти на решенија кои, во секој случај ќе ја подобреа суштината на законот. Меѓутоа, наидовме на беториран став и на неприфаќање ниту од Владата, ниту пак од парламентарното мнозинство, што е многу дисциплинирано. Немам зборови за тоа. Ја поддржува Владата, па макар ставот да е погрешен.

Најмногу беше напаѓан членот 2 од текстот на законот, бидејќи суштината на целиот закон требаше токму тука да биде регулирана, односно имаше амандман од типот вакви и такви, меѓутоа, сите во основа предлагаа да заедниците не

можат да користат знаме на туѓа држава, туку да имаат свое знаме што ќе го искажува нивниот идентитет, за кое што можат самите да се одлучат.

Е сега, тука нешто, навистина, мене цело време ме чуди и цело време се прашувам, кога расправавме минатото лето, имавме едно жешко лето за Законот за територијална поделба на државата или организација, да бидам попрецизна, тогаш, пред се албанската заедница, тврдеше дека таа е автохтон народ на овие простори и има право да има свои општини итн., итн. Јас не ја спорам автохтоноста, да, тие постојат во вакви или такви соодноси и проценти, меѓутоа, постоеле на овие простори.

Сега се прашувам, ако се автохтон народ во оваа држава и ако сакате да го покажете својот идентитет дека сте дел од албанскиот народ кој живее во Република Македонија, зошто тогаш идентитетот го покажувате со знаме на туѓа држава? Знамето на Република Македонија е знаме на Република Албанија. Не е само знаме на албанците. Таму живеат и други народи. Меѓутоа, тоа не сакам да го расправам.

Вашиот однос е различен, она што беше минатото лето кога расправавме по еден друг, по инаков закон и сега. Затоа што вие, господа, со прикажување под знаме на друга држава ќе си го загубите идентитетот, никој нема да ве препознава дека сте припадници на заедницата на албанскиот народ која живее во Република Македонија.

Со денови тука зборувавме за непокажувањето респект кон државното знаме, барем од кога е донесено до сега, не се покажа никаков респект од некои заедници према државното знаме, па јас не очекувам дека и со носењето на овој закон нешто битно ќе се промени. Секојдневно доаѓам на работа, поминувам поголем дел од западна Македонија и не видов ниту приближни сигнали дека албанската заедница ќе покаже респект према државното знаме, кое пак, да потсетам, не е знаме што истакнува ничиј идентитет. Ниту на Македонците ниту на било кој друг. Туку, тоа е знаме на политички компромис, што ова Собрание го изгласало, каде што учествувале Албанците со свои политички претставници во поприличен број и кои гласале за таквото знаме. Меѓутоа, никогаш не го испочитувале Законот што го изгласале во овој парламент, па затоа не очекувам дека нешто битно ќе се промени.

Сега, кога одам за Охрид, таму има една општина Зајас, село Колари и не можам да се изначудам. Секојдневно гледам истакнати знамиња на Република Албанија, на САД и на Европската Унија. Секојдневно се прашувам зошто се истакнати тие знамиња? Ниту има таму некое претставништво на САД во Колари, ниту сме ние членка на Европската Унија. Ајде, ако го рачунате знамето на Република Албанија за знаме на вашиот идентитет, требаше да покажете респект, да го истакнете македонското знаме и да сочекате овој законски текст да се изгласа во Парламентот, а ќе се изгласа, тоа е компромис што е направен и после, после изгласување на овој закон да го истакнете и знамето на заедниците, како што е предвидено во текстот на законот. Меѓутоа и тука нема респект, ни најмалку. Значи, нема добра волја, немало досега, нема да има ни во иднина, затоа што овој закон предвидува да покрај државното знаме се истакнуваат другите знамиња.

Е сега, тука би спомнала еден момент, колку Владате неконцепциски настапи. Во последен момент поднесе амандмани што станаа интегрален текст, значи недобро го направи законот, за едни клучни моменти, дека секогаш истакнувањето мора да биде покрај државното знаме. Тоа е нешто што е поминато.

Се прашувам сега дали авторитетите на оваа држава, кога зборувам авторитетите мислам за сите оние кои ја водат државата и кои се надлежни, поминуваат низ западна Македонија и ја гледаат таквата реалност, зошто ништо не преземаат. Верувам дека мнозинство од тие авторитети ако не повеќе, барем пред два дена отидоа во Охрид, поминаа низ Западна Македонија, да го слушаат Карерас и барем тогаш го видоа овој пример што јас го спонувам, а што не е единствен во државата, што покажува дека нема добра волја за респект на државното знаме, што сите нас треба да не обединува и што овој закон, меѓу другото, го регулира, овој текст за кој што сега расправаме.

Дали ја видоа ваквата реалност? За ова што говорам, за оние кои не поминувале таму, да им кажам дека не е некој кошмарен сон што сум го сонувала, туку секојдневна реалност.

Сега, се надевам дека после осум дена, откако овој закон ќе се изгласа, оваа реалност ќе се смени, ќе го видам барем државното знаме во Колари, а покрај него и она знаме на мнозинството во општината Зајас, што ќе биде, за жал, надвор од сите меѓународни правила и стандарди, но тоа го определува овој законски текст и што мнозинството го прифати како такво за да му удоволи на коалициониот партнер. Се надевам дека тогаш ќе помислам дека сум се разбудила од кошмарниот сон што секјдневно го сонувам. Тогаш, можеби, велам можеби ќе се почувствуваме со помала грижа на совест, бидејќи ако ништо повеќе во најмала рака ќе го видам и државното знаме на Република Македонија во Западниот дел на Република Македонија и ќе се надевам дека ќе дојдеме до политички компромис, задоволувајќи ги сите меѓународни стандарди и правила и тогаш ќе извршиме измени на овој катастрофален текст на законот. ќе можеме да ги поправиме работите.

Сега, од оваа говорница, ќе морам да ветам една работа. Ако ваквата работа не се промени осум дена по објавувањето на овој закон, јас, секојдневно ќе ја повикувам Владата да си даде оставка, затоа што без стратегија, брзоплето, надвор од сите меѓународни стандарди и правила носи закон што според мене нема шанси

да биде применет. А, тука, за да им олеснам на сите кои мислат дека сум против Рамковниот договор, ќе кажам да, јас се согласувам да се донесе закон, ама кажав каков. Прво, да има одредби што ќе определат какви се тие знамиња, она што се нарекува графички како изгледа знамето а потоа како ќе се употребува и при тоа да не биде пробив на Рамковен договор, каков што го имаме во текстот. Веднаш ќе наведам пример во членот 5 "и во објектите на државата", тоа е пробив на Рамкмовниот договор, затоа што во Рамковниот договор не стои така, туку само пред локалните самоуправи. Јас имав дадено такви амандмани, но Владата остана глува за тоа. Имаме пробив и во членот 4. Имаме колизија со други закони во членот 6, односно пробив и во членот 6, па и колизија со друг закон во членот 5, последниот став, при официјално доаѓање на претседатели и премиери каде што е регулирано во текстот тоа  е сосема поинаку регулирано во законот за употреба на знамиња, како тогаш се поставуваат знамињата. Значи оваа одредба е во колизија со тој закон, затоа што тоа е официјална посета на Република Македонија  и не може да се меша со нешто што значи Закон за знамиња за употреба на знамињата на заедниците и итн., итн., значи комплетниот текст е неприфалтив. Јас немам ни најмалку намера да го поддржам. Ќе се слушнеме осум дена по изгласувасње на законот, а јас ќе ви донесам вести од Колари, дали се променила реалноста и дали јас сум сонувала или некој мижелБлагодара.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓа Лалческа.

Има збор пратеникот Флоровски Александар.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници!

Заменикот министер голем ксмет има, нон стоп се гледаме тетатет иникао да најдеме заеднички јазик, барем да го слушнеме, освен она што минатиот пат значеше асистенција на минситерката, да го слушнеме за многу дилеми коиовде ги искажавме во изминативе 4-5 дена, можеби и повеќе. Но, има една изрека од Макијавели, целта ги оправдува средствата, во моментот молчењето е најдоброто средство да се стигне до целта. А, целта е постигната, оваа наша дискусија и дискусијата на сите рпатеници, вклучително и мојата е посвестум, значи после завршена работа. Ништо не можеме да направиме затоа што амандманската расправа беше таа која можеше да направи одредени измени, во самиот текст на законот за кои немавте слух освен во еден амандман, во два амандмани од Владата кои станаа и составен дел на самиот текст. Тоа ни укажува само на една работа дека текстот на законот е работен набрзина, да не кажам на врат на нос, од едноставна причина затоа што не се работи за концепт, се работи за еден политички дил на штета на македонската држава и на македонскиот народ, што е повеќе од очигледно. Законот се носи по скратена постапка, што уште еднаш ми дава за право да не го коментирав она што претходно го зборував, само во контекс дека политичкиот дил е договорот кој го направија владеачките гарнитури. Не знам тука колку е инволвирана ЛДП и не сакам да калкулирам, имајќи предвид дека имаат предложено еден амандман кој не го прифативте и нив во моментов можам да ги апсолвирам и да ги тргнам на страна. Значи, главниот договор се водел меѓу ДУИ и СДСМ и ни се нудат решенија со долгорочни последици. Битно е да разговараме за последиците кои следуваат. Инаку, ова е веќе завршена работа и нашите разговори и излагање овде можеби се излишни, но еве на душата ни е тешко, барем мене, претпоставувам и на другите дискутанти и не можеме едноставно да премолчиме некои состојби во кои се наоѓа македонската држава како прва фаза на донесување на овој закон, а после тоа низа на закони кои исто така ќе бидат предмет на политички дил и ќе бидат апсолутно на штета на македонската држава и на македонскиот народ. Знаете, ова ме потсеќа на еден антологиски филм во времето на бивша Југославија има една исто така антологиска изјава од еден познат хрватски актер Фабијан Шоваговиќ кој ги повикува тифусарите, за мном тифусари преко воде до слободе, заборавајки при тоа дека тифусарите се болни и при таа болест не размислуваат рационално и тргнуваат преку реката Неретва, се работи за филмот Битката на Неретва, почнуваат да ја препливуваат и голем број од нив ги поведе матната или буицата. Кој се спасил, се спасил, кој се удавил, се удавил, во моментот давеникот сме ние македонците и Република Македонија.

Има многу нелогични работи и ќе се осврнам на тие за кои што сметам дека треба да ги кажам. Инаку, дадов квалификации за овој текст што мислам јас, а ќе завршам можеби со истите квалификации. Работиме по еден редослед, така што куќата ја градиме од чатијата, а не од темелите. Ова го говорам дека прво требаше да се донесе законот за знамиња, а после тоа закон за употреба на знамињата. Значи, се работи едноставно кажано хаотично по секоја цена да се остане на власт и оваа година коалициониот партнер, во случајов ДУИ, без притоа да се води сметка за реакцијата и на македонскиот народ, а и на другите етнички заедници, кои исто така се засегнати, притоа фаворизирајќи само една етничка заедница. Процентуално не сакам да се изјаснувам колкава е таа, затоа што имаме различни податоци, а на официјалните податоци апсолутно не им верувам, бидјекис метам дека се фингирани. Секако во контекс на опстојувањето на коалицијата.

Едноставно, знаете ли што ме зачудува! Сервилноста на СДСМ, неводејки притоа сметка дека таа сервилност ќе биде фатална, да не кажам катастрофална за македонската држава. Ќе се случи регионализација која со Законот за територијална поделба и веќе постои како прва фаза, па ќе поминеме во една фаза на

бинационална држава. Временските рокови не можам да ги кажам кои ќе бидат, но како што тргнале работиве, очигледно ќе бидат многу брзи и на крај еден ден ќе осамне Република Македонија како федерална држава и ќе заврши со отцепување на Северо-Западниот дел на Република Македонија. Да не говорам за разни начертанија, почнувајки од САНУ од српската академија, која исто така имаше голми српски аспирации, да не говорам за одредени декалрации на албанската академија во изминатиот период. Да не говорам за првата и втората Призренска лига која  исто така ми е позната. Ја читам и албанската историја и добро ми е позната и вашето писовско организирање, фамилијарно, кое исто така е за почитување. Почитувам она што се борите за сопствената кауза. Не ги почитувам оние кои заборавија на сопствениот идентитет на македонскиот идентитет и прават дилови на сопствена штета, чии реперкусии ќе ги видиме многу брзо, а тие веќе и се гледаат на секој чекор, не треба ние да се залажуваме. Треба на вистината да и се погледне во очи и да и кажеме јасно и гласно на граѓаните на оваа држава дека тркалото тргна надолу и тешко е дека некој може да го спречи.

Со овој закон, според мене, јасно ќе се отцртаат границите, ќе се одбележат или територијата на доминација на албанското население, ако веќе го претставувате комплетното албанско гласачко тело, што јас не верувам, затоа што не гласа сите албанци за вас. И она што многу пати овде е говорено дека албанците се ахтохтони, значи ние сме дојденци, вие имате право да располагате со територијата на Република Македонија, ние сме гостите, ние треба да молчиме, а вие да се борите за вашите права, а ние бегло да молчиме за работи кои апсолутно немаат врска со она што овде многу пати се пласира.

Попатно ќе кажам уште некои работи, за да можат работите да станат појасни, но тие веќе ептен се јасни. Владата откога ги увиде некои работи дека ги згрешила, затоа што на врат на нос ги тераше работите, дајте набрзина да се заврши работата, ни понуди амандмани кои се ако не препишани, барем 80% или 90% се совпаѓаат со амандманите кои се понудени од самата опозиција, од пратениците на ВМРО-Народна партија, од пратенциите на ВМРО-ДПМНЕ, излегоа со едно решение на член 5 и член 6, во кој настануваат и соодветните измени. Законот е пред вас и може да го видите, да го прочитате и тоа ми дава за право дека и ресорното министерство и луѓето кои го изработуваа овој закон, едноставно гледаа само да се заврши набрзина работата и дајте во Парламентот ако може да се протурка, нека се протурка. Инаку, која би била логиката ако законот е добар да се нудат решенија и да нис е даваат на маса амандмани од Владата на два члена кои можеби многу не значат, имајќи го предвид членот 2 кој е круцијален и најбитен, н акој имаше понудено 8 амандмани, од кои ни еден не прифативте. Јасно е зошто не прифативте од ваша страна, од албанска. Исто така, јасно ми е зошто СДСМ не го прифати . Во фамилијата во самата коалиција мора односите да бидат хармонични, добри и средени за да може да опстои. Но, притоа заборавате дека за една година ќе ве нема во овие парламентарни клупи и дека ќе дојде еден нов состав, една нова Влада, а тоа е повеќе од очигледно. Од едноставна причина, не затоа што некој ќе биде можеби многу подобар, поради тоа што денешната гарнитура е многу лоша. Ние и затоа паднавме во 2002 година. Не дека опозицијата беше многу добра, затоа што народот едноставно не не сакаше и не сруши. Тоа ќе ви се случи и на вас, господа. Но, последиците се многу лоши. Сето она што денес се случува не може да се врати назад. И, состав на едно тешко време, на тежок товар, на грбот на идните генерации. Така, ниту се гради сожителство, така ниту се гради доверба, штитејќи права само на одредена етничка група, а притоа мнозинскиот народ, македонскиот народ кој ја спори  оваа македонска држава во 1945 година, почнувајки стотици години претходно со низа на востанија се бореше за своја национална слобода, денес на маса буквално губиме се. Буквално на маса губиме се, затоа што некој решил дека до 2006 година мора да опстане оваа коалиција и се прават законски решенија кои апсолутно немаат врска ниту со вистината, ниту со логиката на самите места. Имам чувство дека луѓето кои го правеа овој закон, не живеат во оваа држава, дека живеат во некоја западно евроспка држава или пак живеат толку високо над нас, што не можат да слушнат како размислуваат обичните смртници. Ние пратениците сме во улога на обични смртници и гласачка машина овде. Политичките елити се тие кои раководат и договараат. Вие, замениче, сте ставени во една неблагодарана улога за која јас не сум виновен, вие сте виновни и вие прифативте да браните нешто што не се брани. Но, тоа е цехот на функцијата кој мора да го платите.

Беа предложени педесетина амандмани и ни еден не е прифатен. Со тие педесет амандмани требаше да се изменат некои фундаментални работи во самиот закон. Ништо не беше прифатено и овој тескт е запечатен, забетониран, па дури и не најдовте за потребно ни да го прифатите амандманот на пратеничката група на ЛДП, кој колку-толку може да донесе до одредени измени и во кој некои работи држат и има логичност. Не најдовте за потребно вашите коалициони партнери да прифатите нешто што може да ја олесни природата на самиот закон, кој ви кажав дека е катастрофален закон. Закон со десетина члена без притоа да се навлезе во суштината на работите, не е закон. Ова се пет листа на хартија кои можат да служат за потпалување на дрва за правење ајвар, за ништо друго. Ова е катастрофа. За да работите бидат уште појасни и загриженоста на ДУИ за состојбите во државата, земете го членот 6 на кој се додава членот 6-а, каде што бараат и пред месните самоуправи и пред образовните,

културните институции да се вее вашето национално знаме, притоа ако веќе сакате да живеете со нас, јас и минатиот пат ви кажав, направете барем тронка напор нешто да добијат нашите македонски браќа во Албанија. Барем нешто да се добие, некакво национално право, национално обележје. Историјата нас не не обременува ако некој добро ја знае, иако од време на време имаше одредени искричења. Но, очигледно е дека секој во државава Република Македонија не ја чувствува како своја. Тоа е повеќе од факт и доколку тука сакаме да замижиме, може да замижиме, да бидеме слепи при очи, но работите се такви какви што сега ги презентирам и не можат да бидат поинакви, затоа што аргументите се на наша страна. Се пласираат многу тези дека ова е дел од Охридскиот рамковен договор, нека биде и така. Но, тој вели дека се уредуваат по некои меѓународни стандарди. Тие стриктно не велат што треба да стои. Тие не наложуваат дека мора да биде ова или тоа решение. Значи велат дека, господа, седнете и договорете се, уредете го ова и ова прашање. Не се наложува дали треба да се вее албанското државно знаме, кое истовремено ви е и национално знаме, јас не го спорам тоа. И мене повеќе ми се бендисува лавот или шеснаесеткратото сонце од Кутлеш, но јас сум граѓанин на Република Македонија, ова знаме до мене десно е изгласано од овој Парламент, тоа е државно знаме и додека е државно знаме јас ќе го почитувам, затоа што е македонско. Такво чувство нема од другата страна. Овој закон едноставно само ќе остане 5 листови на хартија и повторно ќе бидеме свидетели, сведоци на она што го гледаме на разни манифестации, митинзи, прес конференции, покрај албанското да стои и американското и знамето на Европската унија, а македонското знаме не можеме да го видиме.

Дали е тоа чувството за одговорност и онаа чуена флоскула на бившиот, првиот претседател на Република Македонија, сожителството кое треба да го градиме. Така нема сожителство. Тука само живееме едни покрај други, без да се почитуваме. Непочитувањето на македонското знаме значи не почитување на македонскиот национален идентитет и историја. Нема да говорам за Скендер Бег како што го нарекуваат Џерџ Кастриот или неговиот татко Никола, затоа што многу е говорено и не сакам да се правам многу мудар, историска личност која е за респект и кај албанците и кај тогашното христијанско население и тука ќе завршам.

Значи, имам чувство кога нешто треба да се респектира, јавно тоа да го кажам. Немате чувство и она што треба да се рефлектира кај македонците и јавно да го кажете. Немате ист аршин за работите и не можам да се изначудам како оваа Влада едноставно, да не кажам, по стоти пат бегло, неводејќи сметка поминув аниз некои работи кои се директно на штета на Република Македонија и македонската кауза. Некој ќе каже дека јас сум закоравен националист, ќе каже дека сум зачаурен во сопствениот национален интегритет, тоа е факт, некако не можам да излезам од тие рамки. Прво, си го сакам сопствениот народ, па сите други останати, доколку почитуваат, доколку не почитуваат нормално дека и јас нема да ги почитувам. Значи, се користи слабоста на Владата, се користи македонското неединство и се капитулира буквално пред агресивноста на ДУИ, повторно во контекс да не се изгуби власта. Што ќе ви е власт, ако притоа државата ни се распаѓа. Што ќе ви е политички субјект, ако ја немате Република Македонија.

Не ви се обраќам вас, се обраЌам директно на СДСМ.Што ќе ни е политичка партија со национални предзнаци како што е ВМРО, ако ја немаме македонската држава. Каде ние ќе опстојуваме, а тргнувајќи по овие чекори и како што се движат работите се ми се чини, а и повеќе сум од убеден дека одиме кон амбис како Македонци и македонска држава. Некој ќе каже дека сум песимиста. Не. Јас сум реалист во работите и сакам реално да ги гледам работите, без притоа да се залажувам себе си. Затоа што, ако се залажувам себе си веќе сум една сосема друга категорија на човек, ненормален, обратно од нормален. Значи, не сакам ниту себе си да се лажам, не сакам да ја залажувам ниту македонската јавност.

Некои станаа овде, го бранеа законот, но овој закон не се брани, не се брани, не може да се одбрани, нема факти и аргументи врз чија основа може да се брани овој закон. И, не слушаме ние факти и аргументи од коалиционите партнери, слушавме дисонантни тонови од коалицијата, поточно од претставниците на Либерално демократската партија преточени во амандман кој има логика, кој држи вода, слушнавме интересни искажувања од Поповска, но исто така се интересни за анализа, говореше за последиците кои може да ја снајдат оваа држава. Јас кажав, ова е завршена работа, последиците по нас ќе бидат страшни и за државата и за македонскиот ентитет, за македонскиот народ, за македонската нација, ако сакате, како највисок стадиум на еден народ, тоа е нација со сите атрибути. И, во 21 век она што наназад со векови се градеше, ние го губиме, го губиме за овие две ипол години буквално изгубивме се, а уште една година дена имаме до изборите, ќе се заокружи и ќе финишираме со еден катастрофален резултат, да не кажам со спортски термин, на маса се губи со 3:0. А, со 3:0 ќе изгубиме. Пак некој ќе каже дека сум песимист. Реалист сум, не сум песимист.

Овој закон е директен атак на унитарноста на Република Македонија. Што значи веење на туѓи знамиња макар биле и национални, Република Албанија го има тоа знаме, да се вее овде во Република Македонија освен ако не територијални претензии. И, повторно ќе кажам околчување или одбележување на територијата каде што сте мнозинство. И, секој што се залажува и овде ни продава магла дека нема да

течат работите така, јас ви гарантирам дека работите така ќе течат, затоа што имаме работа со една Влада која е катастрофално неспособна, која е катстрофално сервилна, која апсолутно не води сметка за националните интереси на македонската држава и македонскиот народ. И тешко и беше на Владата да го прифати амандманот на ЛДП, да не го читам, го имате пред вас. Едно решение кое колку толку може да ублажи нешто. Значи, спрегата ја лоцира меѓу ДУИ и СДСМ, повторно ќе кажам, по втор пат за да јавно демонстрирам дека работите се водат меѓу ДУИ и СДСМ, притоа ЛДП не знам колку е прашан, но според излагањата, според амандманите кои се понудени верувам дека многу не ги консултирате и многу не ги есапите. Таков впечаток добивам јас.

И, по ова, ние добиваме мур на банана држава, за жал тоа е моја држава, но секогаш сум искрен и отворен, добиваме печат на банана држава која работи под диригентската палка на туѓи ментори, притоа поврзувајќи одредени етнички заедници или меѓународната терминологија говори, употребувам зборови, или се говори за малцинства, ние секогаш измислуваме нови термини, од националности до етнички заедници. Ние секогаш за жал измислуваме топла вода, притоа секогаш се попаруваме. Значи, Македонија ќе стане банана држава и кога ќе се свртиш низ овие 25 илјади и кусур квадратни километри Македонија ќе заликува на новогодишна елка со многу шарени лампиони освен лампионот кој ќе носи црвена и жолта боја, наречен македонско знаме.

Ако не е така, сакам некој да ме демантира.

За казнените одредби да не говорам, излишно е, смешно е, банално е, небулозно е, глупаво е, ќе бидат казнети од 30 до 50 илјади денари. Па, кој досега некого казнил и претходно имало закон за знамиња, имало и некои слични одредби. Ќе се казнел тој што нема да истакнува знаме, од 50 до 300 илјади денари или за прекршок од 20 до 50 илјади денари. Ова се вика англиски бул шид. Еден неугоден израз, но во политичката терминологија на запад многу често се употребува. Бул шид нема да ви го преведувам што значи, многу го познаваат англискиот јазик, нека си преведат сами и нека ја сфатат мојата порака.

Притоа, за жал, СДСМ директно или коалицијата директно оди на рака на големоалбанскте аспирации кои се повеќе од јасни. И, тие полека, полека се заокружуваат. Те, делови од Македонија, па сега делови од Црна Гора ако Црна Гора се тргне од федерацијата, тоа е веќе завршена работа, таа федерација ќе има многу краток опстој. Црна Гора цврсто граби кон самостојност, ова го кажувам како парадигма, ова го кажувам како пример, па ќе се удри доле на Чемерија или Северен Епир, а зборот чемер има славјански корени, говорам колку да се знае, што говорат топонимите, чемер значи тешко кога се носи во душата, значи славјански топоним, и ќе се заокружи големоалбанската идеја.

И, една работа исто така ме зачудува немаме реакции од тие што ја правеа македонската држава 1945 година. Зошто нема реакции, зошто не реагираат Сојузот на борците, да се јави на пример некоја општинска организација, Валандово, Гевгелија или земете од некоја скопска организација, да се јави со сопствен став, луѓе кои дирекно учествуваа во оваа војна. Во Македонија војната се водеше до 1948-1949 година, да не заборавате со кого. Работите ни се познати, ги знаеме, како што и вие ги знаете.

За жал и тогаш ни се јавуваа исти проблеми, но проблемите ги решаваше тогашното раководство на бојно поле, притоа што се случувало не можам да коментирам, ниту сакам да коментирам, но едно е факт дека овој закон, овој закон ништо нема да смени, ќе се залечи една форма на едно политичко и национално претставување на албанскиот етнитет во Македонија. Ова е фактички само да се покријат влијанијата на Албанците на манифестации, на прес конференции, на јавни митинзи и ништо повеќе. Ова е само озваничено на она што веќе во практика е воспоставено и таа практика се тера. И, сега како да најдеме излез затоа што не опозицијата туку и голем дел од граѓаните на Македонија реагираат, дајте ќе најдеме форма, формата нека биде овој закон со 11 или 12 члена, не знам колку е, сега ќе го видам, со 9 члена. 10,11,12 и 13 член се казнените одредби за да многу опозицијата не лае, да биде мирна, да молчи, а ние ќе си ја тераме работата и ќе стигнеме до таму каде што сме наумиле.

И, на крај што да кажм како пост фестум, не знам што да кажам и дали и мојот говор и говорите на моите колеги пратеници ќе вроди нешто со плод, ништо не може да измениме. За жал и понудата од 50 амандмани беше премногу мала, имавме една слична ситуација 1991 година кога се носеше Уставот на Република Македонија со две или три илјади амандмани од кои беше само еден прифатен на член 36, тој беше лично мој амандман. Тој не е многу за фалење затоа што никогаш не заживеа. Македонија полека но сигурно чекори кон амбис.

За жал главниот коалиционен партнер олицетворен во ликот на СДСМ оди по линија на помал отпор, а цехот, цената ќе ја плаќаме ние и идните генерации кои доаѓаат. После вакви катастрофални решенија и оние кои што ќе следуваат ништо веќе не може да се исправи, барем не во овој Парламент и со овие уставни решенија кои се понудени. За жал состојбата е таква, пак ќе каже некој дека сум песимист, но само сум реалист и реално гледам на работите.

И, ќе завршам, повторно со онаа антологиска реченица на Шовагoвиќ "Замном тифусари преко воде до слободе" затоа што се чувствуваме барем ние од опозицијата, македонскиот дел од опозицијата како тифусари, а некој не води сигурно во матните води не на реката Неретва, на реката Вардар. Прашање е дали Вардар може да ги испере сите овие работи, сите овие гнасотии кои што се случуваат на штета на овој

народ, сите овие небулозни работи, само ради една цел, а тоа е целта да се опстои на власт. Нема поголема цена од сопствена држава да се има, а притоа некој ради своја лична корист и опстој на функцијата да ја распродава, никој не му дал мандат и никој од нас овде нема мандат да ја распродава македонската држава, говорам барем за оној македонскиот дел. Верувам дека има и Албанци кои размислуваат како мене, можеби грешам, но дека сме ставени во позиција да коленичиме, да молиме во сопствената си матична држава, не само што ме погодува, не само што ме боли, се чувствувам, тоа го говорев многу пати како крпа за бришење. За жал тоа чувство го носам во себе, верувам дека и многу мои колеги така се чувствуваат, притоа некој ова го доживува како екстаза, успеавме на славомакедонците да им направиме ова, ова и ова, затоа што таа терминологија многу пати е употребувана, притоа заборавајќи дека со истите тие славомакедонци, како што некој ги нарекува треба да се гради сожителство и заедничко живеење.

**Слободан Најдовски:** Господине Флоровски, господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Потпретседателе, тука завршувам, благодарам што ми дозволивте.

**Слободан Најдовски:** Сакав да ви кажам дека има уште една минута до пауза.

**Александар Флоровски:** Не, не, завршувм, готово, мислам дека беше доволно. Кој сакал да ја сфати пораката, ја сфатил, кој не сака ќе реплицира, но исто ни се фаќа, работава е за вршена, сето ова е пост фестум. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Господин Шаќири за реплика се јавувате?

После паузата, сега е време за пауза.

(Објавувам пауза до 15,00 часот. Продолжуваме во 15,00 часот).

(Паузата започа во 14,00 часот).
(По паузата седницата продолжи во 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Господине Шакири имате реплика три минути.

**Џезаир Шакири:** Претходниот говорник кажа неколку неконтролирани зборови кои ги засегаат сите албанци, не само ДУИ. Јас не сум од тие пратеници од ДУИ кои ќе ги подржам законите на ДУИ. Само по една точка сме заедно со претходниот говорник дека и ние во НДП и јас единствен припадник на таа партија, нема да го подржиме овој предлог закон, значи нема да го подржиме овој закон. Се согласуваме дека како опозиција, како македонска опозиција да бидеме против ДУИ и СДСМ но сите на истите албанци. Навистина ова е неприфатливо кога ги напаѓаме сите албанци, јас не знам колегата можеби пати од тифус, можеби не сме лекари по професија да го излечам но би сакал да му реплицирам со некоку зборови охрабрувачки дека, како што рече дека Македонија, се нападнати темелите на Македонија. Не е вистина тоа. Темелите на Македонија се јаки бидејќи го држат и македонскиот и албанскиот народ . Се додека најдеме заеднички јазик , јас знам многу колеги дека многу албанци и многу македонци живеат заедно во секојдневниот живот во разни бизниси. Овие зборови навистина можеби господинот кој се нарече како националист но мислам дека во овој Парламент вината е во електоратот кој избира националисти пратеници, а не како мене и како пратеникот, а не експерти за да не одалечат одлризата, за да не извлечат од оваа криза. Спомнав и малку претходно зошто сум го именувал министерот за внатрешни работи како славомакедонец. Почитуван господине и почитувани колеги тој ден јас на министерот му презентирав сведоштва дека биле малтретирани 12 годишни деца и 16 годишна девојка и 62 годишен старец. Тој не ги зема во предвид овие работи, туку имаше само една потерница за едно лице. Ние не можеме да дозволиме Министерството за внатрешни работи да ги малтретира граѓаните, туку треба да ги штити интересите. Не видов ниту еден пратеник, или министер кој го подржува тоа население. Јас имам свои причини, свои докази зошто го правам ова. Но не можам да му образложам на господинот со овие националистички зборови со кои му се спротивставува на Албанскиот народ.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски една минута.

**Александар Флоровски:** Господине очигледно не ме пратите, или патите од амнезија . Јас не ги нападнав сите албанци, говорев конкретно за ДУИ, затоа што неможете цел народ да го ставите во ист кош, има и добри и лоши, како што не можете да осудите еден цел народ.

Алузијата дали јас патам од тифус? Фала му на Бога искоренет е одамна на овие балкански простори.

А кој ги руши темелите на Македонија? Во 2001 година бевме сведоци на таквите работи. И тука нема што повеќе да додадам, или да одземам. Јас сум националист како што сте вие националист и тоа мора да го признаете и тоа е доблест, тоа е љубов кон сопствената нација. Тргнувајќи етимолошки коренот на зборот е француски. Националист значи љубов кон сопствената нација, не значи шовинизам.

Јас не го бранев министерот што го нарековте вие славомакедонци. Одговорив на вашата реторика одкога дојдовте во овој Парламент и претходно. Алузијата не беше кон вас.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Милка Митковска.

**Милка Митковска:** Единствена наша земја на која што и припаѓаме и во која што живееме е Република Македонија, земја со мултиетнички состав, но пред се граѓанска држава со сите граѓански права за сите нејзини граѓани, но и со сите обврски кон неа за кои сме должни да ги почитуваме, применуваме доколку се чувствуваме како нејзини граѓани, граѓани на Република Македонија. Ако сакаме да го

сочуваме и јакнеме граѓанскиот облик на државата, нејзиниот интегритет и суверенитет треба да работиме на градење на довербата меѓу граѓаните, односно етничките заедници. А ќе го направиме тоа само со усвојувањето на амандманот на членот 2 став 2 од овој предложен закон за употреба на знамињата. Наместо тоа со овој закон се повампируваат и изоструваат националистичките чувства и идеи со кои се руши граѓанскиот облик на државата и се поткопуваат темелите на суверенитетот и унитарниот карактер на државата. Иако за овие последици опозицијата дискутираше прилично долго, јасно, концизно, Владата на Република Македонија и опозицијата, односно позицијата од редовите на овој законодавен дом останаа индолентни и ја покажаа својата неодговорност пред своите граѓани ставајќи ги во нееднаква состојба правата на граѓаните од заедниците во Република Македонија, бидејќи граѓаните во Република Македонија освен македонци, не се само од албанската етничка заедница, туку и од турскиот, влашкиот, ромскиот и другите етникуми кои токму со овој предложен закон ќе се почувствуваат нееднакви меѓу еднаквите. Истакнувањето на знамињата на етничките заедници подеднакво во приватниот и јавниот живот без претходно донесен закон за знамиња на заедниците и закон за празниците е една нова реалност во нашиот живот која се граничи со безизлезност, односно неприфаќањето на предложените 42 амандмана кои од позицијата, кои од опозицијата по овој закон, Владата на Република Македонија ја покажа својата немоќ пред својата коалиција, односно партнерот ДУИ. Знаеме дека знаме на една држава одбележува територија, а не национален белег. Ако припадниците на албанската заедница се чувствуваат граѓани на Република Македонија . .

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Митковска, помина доволно време, да спомнете и некој член за да бидеме во рамките на Деловникот.

**Милка Митковска:** Јас го спомнав членот 2, став 2 од овој закон кој што е клучен. Што значи ако припадниците на албанската заедница се чувствуваат граѓани на Република Македонија, а Република Македонија ја чувствуваат за своја, тогаш немаше да бараат ваков закон. Од тука од ваквиот закон произлегуваат нивните нечесни намери и идеи, односно федерализација на државата со натамошни и идни планови за нови прекројувања и остварувања на нивните идеи. На овој начин почитувани претставници на албанската заедница не само што покажавте дека не сте лојални граѓани на оваа наша и ваша држава, туку со овие барања ги поткопавте темелите не само на нашата иднина, туку и на вашата, односно заедничката, бидејќи Македонија ни припаѓа и нам и вам и на сите граѓани на Република Македонија. Овој закон ниту е европски, ниту уставен, ниту е дел од Рамковниот договор. Овој закон како што реков пред малку преставува преседан во светската практика и е израз на немоќ на нашата Влада која испраќа многу непристојни и непрактични пораки на светот, а тоа е опасно. Токму заради тоа им се обраќам на пратениците од позицијата и оние од етникумите пред да гласаат за овој закон да размислат кое копче ќе го притиснат, зеленото, или црвеното. Од овде ќе зависи каква Македонија сакаме, колку ја сакаме, колку и припаѓаме на нејзе и колку таа ни припаѓа нам.

**Љупчо Јордановски:** Ќе останам без коментар.

Господинот Томиќ не е тука.

Господинот Џезаир Шакири три минути реплика.

**Џезаир Шакири:** Благодарам господине претседателе изгледа денес сум одлучил да реплицирам на секој пратеник и од позиција и од опозиција.

Почитуваната госпоѓа вели дали сме лојални граѓани на оваа држава. Бидете убедени дека ја сакаме оваа земја и никогаш не ни е на памет да се преселиме од оваа земја. Меѓутоа не ја водете водата во лошата мелница, во лошата воденица, ве молам. Не е крајот на светот ако ве болат очите кога го гледате албанското знаме. Не се занимавајте со историја, не се занимавајте со минатото. Никој не сака, ниту претендира да ја раздели Македонија, или да ја отцепи. Сите ние заедно ги употребуваме зборовите дека сите гледаме во ЕУ. И доколку некој има некоја друга идеја, ниту некаде може да го води оваа идеја. Оставете ги тие работи. Зошто не можете да прифатите еден факт дека ве болат очите гледајќи го албанското знаме. Вие сакате ние да се асимилираме, да говориме македонски, или да бидеме комплетно асимилирани, со знаме, со јазик. Ние тоа не можеме да го направиме, не сме го направиле ниту кога турците владееле 500 години во оваа земја, византијците, римјаните или другите. Зошто не можете да го разберете ова. Пред малку немав време да реплицирам на колегата, рече да одиме во Албанија и да се бориме за правата на македонците. Повелете, јас сум еден од тие првите кој што е за правата на македонците било каде да се и во Грција. Вие немате проблем со албанците господа. Еве, да одиме заедно и да констатираме дека ние сме за тоа да ја подржиме Македонија во борбата против Грција за името, против нападот на Бугарија за јазикот, или против нападот на Србија за црквата. Ние сме со вас, ќе ве подржиме. Меѓутоа, не барајте од нас да ве подржиме вас, затоа што ве болат очите кога го гледате нашето знаме, или кога го слушате нашиот јазик. Ова не не води никаде, во никаква насока. Не сте зазеле никаква насока , како репликите на опозицијата, така и на позицијата.

**Љупчо Јордановски:** Процедурално гопоѓа Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Господине претседателе вие му дозволивте на колегата да реплиција и на претходниот говорник и на тој пред него. Направивте процедурална грешка. Требаше да го прекинете бидејќи тој нема право да му реплицира и на претходниот говорник. Тоа е ваша грешка.

**Љупчо Јордановски:** Јас немав време да ги земам стенографските белешки од претходните говорници. За тоа јас се извинувам.

За контра реплика се јави госпоѓа Милка Митковска.

**Милка Митковска:** Декларативно господата од албанската заедница ја почитуваат Македонија, ја сакаат Македонија и припаѓаат на Македонија Но, практично со ништо не покажаа дека тоа е така. Токму со упорното барање за донесувањето на овој закон за употреба на знамињата на заедниците тие го покажуваат токму тоа, односно непочитувањето, а само декларативното признавање. И од друга страна ако смета дека нас не болат очите кога го гледаме албанското знаме, јас би прашала обратно, дали нив ги болат очите кога го гледаат истакнато државното знаме на Македонија, затоа што тоа е државно, а не национално.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Илија Србиновски:

**Илија Србиновски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа претставници на Владата,

Јас се јавив да дискутирам против овој катастрофален закон кој што се носи за употребата на знамињата во Република Македонија. Слушајќи ја расправата во врска со потребата од донесување на законот за употреба на знамињата од страна на етничките заедници како и амандманската расправа која што следеше потоа, можам да кажам само дека состојбата воопшто не се движи во подобра насока. Имено, методологијата со која што е изготвен овој предлог закон е доставен во собраниска процедура ни е познат на сите. Тој е изготвен од страна на тесен затворен круг на поединци без при тоа да бидат вклучени мислењата и сугестиите на експертите , научните институции, невладиниот сектор и воопшто сите субјекти кои што би можеле да дадат придонес кон изготвување на поквалитетни, поиздржани решенија кои што би ги содржел овој Предлог закон. И покрај жестоката дебата во Собранието на Република Македонија во врска со овој закон како и големиот број на амандмани, сугестии и аргументи кои што имавме можност да ги слушнеме овде како од претставниците на опозицијата така и од претставниците на позицијата. Владата продолжи да работи на истиот начин, таа остане глува и на големиот притисок на граѓаните и медиумите во врска со предложените решенија, тие исто така ги изложија истите аргументи и отпори кои што беа презентирани овде во Собранието. Владата воопшто не ја удостои јавноста како и нас пратениците со парнично објаснување и давање на одговор на сите дилеми и проблематизирани одредби од законот на кои што беше овде укажано. Тоа само говори за нејзината ригидност, нефлексибилност и немање на капацитет да ги согледа своите пропусти. Таа продолжува да носи дневно политички одлуки во областа на меѓуетничките односи. Посебно тука би сакал да го потенцирам фактот дека не се бара консензус од опозиционите партии кои се потписнички на Рамковниот договор. Токму овој Предлог закон претставува проект кој всушност е реализација на Рамковниот договор и негово спроведување и имплементација во практиката. Доколку сакаме ваквото негово спроведување да биде успешно и без поголеми проблеми да функционира во реалноста, неопходно е да биде обезбеден консензус со опозицијата и другите релевантни субјекти, затоа што во спротивно ќе биде направено нормирање на одредени односи кои немаат речиси никаква подршка кај граѓаните. Тоа е во спротивност со начелата на демократското работење, единствено може да доведе до закони кои се тешко применливи. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Србиновски, дискутирајте и за некој член.

**Илија Србиновски:** Значи, проблемите ќе продолжат да тлеат што ќе претставува фактор за нивно натамошно ескалирање. Но, да погледнеме на кој начин Владата го спроведува Рамковниот договор. Таа вооопшто не го промени членот 2 на овој закон. Со тоа овозможи знамиња на туѓи држави да се веат на територијата на Република Македонија. Со тоа го прекрши Рамковниот договор во точката која што вели дека заедниците во Република Македонија ќе ги користат симболите согласно меѓународните правила и прописи. Тие меѓународни правила и прописи говорат дека покрај малиот број на исклучови ваквата практика е речиси секаде санкционирана. Потоа таа со ова решение исто така го прекрши Рамковниот договор и неговата јасна одреденост за загарантираност на суверенитетот, интегритетот и уставниот карактер на Република Македонија. Ова затоа што знамето на одредена држава го симболизира територијалниот интегритет и суверенитет на одредена држава.

Кога во една држава се веат знамиња на две држави, тоа имплицира дека суверенитетот во таа држава е поделен. Поделениот суверенитет, од друг страна, пак е една од поважните карактеристики на федерализмот, а од друга страна е во спротивност со Уставниот карактер на Република Македонија, што според Уставот е унитарна држава, што подразбира целосен и неделив суверенитет.

Исто така, со овој закон етничките заедднци во Македонија ќе станат колективни етнички субјекти. Со тоа, во политичка смисла се етнизира општеството, а тоа го подразбира истиот процес на губење на суверенитетот.

Понатаму, Владата остана глува, исто така, на аргументите што ги изнесовме во врска со членот 5 на законот. Во овој член постои одредба со која што грубо се пекршува Рамковниот договор. Имено, иако во Рамковниот договор стои јасно дека знамињата на заедниците можат да се веат само на локалните јавни објекти, во посочениот член има проширување и е дадена можност

употребата на знамињата на заедниците да се прошири и на државните јавни објекти.

Се прашувам, кои се мотивите на ваквата практика за континуирано надминување и кршење на Рамковниот договор. Сакам само да укажам дека воопшто не е добро да се пречекорува договореното во Охрид, бидејќи тоа ќе значи отворање врата за нови и други проширувања на Рамковниот договор. Тоа, врз основа на домино - ефектот ќе резултира со рушење на самиот Рамковен договор и тоа токму низ реториката за неговото спроведување. Треба во корен да се пресече практиката заради дневно политички цели да се задира во сфеата на меѓуетничките односи.

Сакам да кажам дека, доколку не се почитува ваквиот принцип на работа, а очигледно е дека не се почитува, последиците врз државните интереси на Република Македонија ќе бидат енормни и далекусежни.

Понатаму, не се имаше слух за очигледните пропусти во Законот, какви што се решенијата во алинејите на членот 5, каде што се толерира опстојувањето на поимот "претставници на меѓународна заедница", и покрај неговата недефинираност и непрецизност.

Потоа, можноста за веење на знамињата на заедниците при престој на премиерот и сите членови на Владата, како и нивното веење за време на празниците на заедниците за што не постои претходен закон со кој што тие ќе бидат регулирани.

Од сето погоре кажано, логижно произлегува моето, како и на пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ негативно изјаснување при гласањето на овој закон. Со ова би сакал да апелирам и до совеста на сите пратеници во Собранието. Би сакал да надвладее разумот да ги согледаат аргументите и да не дозволат донесување на ваков неодржлив закон.

А, тоа важи и за вас, почитуван претседателе.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам последново повторете го, не ве следев, имав консултации.

Многу работи важат за мене господине Србиновски, но знаете како е. Секој има свој став, како што и вашиот став го ценам овде, што го прочитавте.

Повелете господине Пејоски, имате збор.

**Ристо Пејоски:** Читајќи го текстот на Предлогот на закон за употреба на знамињата на заедниците во една необична политичко-безбедносна ситуација, кога се откриваат скриени магацини на оружје, кога се врши напад на полициската станица во Вратница, кога постои тревожна безбедносна ситуација во Кондово каде е изгубен монополот на силата на институциите, не можам а да не помислам дека се работи за координирана акција на власта, што не само што отргнува внимание, туку го моделира во одредена согласност за носење на ваков закон. Државата и институциите ја губат својата сувереност преку губењето на основните атрибути. Неможност да постигнат највисока власт, неможност да постигнат конечна власт, неможност да постигнат општост на ефектите и неможност да постигнат независна власт.

И, самиот Чомски би се збунил од моќта да се контролира јавното мислење кога ќе ја здогледа апсурдната страница на било кој од медиумите на кои во горната половина зборува за висококонтролираната безбедносна ситуација, полна со пофалби, а на долниот дел од истата страна да соопштат вознемирувачки вести за неконтролираната состојба во Кондово. Оваа амбивалентност во соопштувањето ја одразува трагичната немоќ на вистински рационален став на власта.

Во текстот на овој закон, но и од општата расправа за законот, а потоа и поразувачкото неприфаќање на амандманите е само доказ за укинување на сувереното право да се мисли поинаку, да се предлагаат алтернативи и други решенија.

Овој текст на законот е сага за немоќта на СДСМ од нејзиното заложништво. Всушност, ова е трет закон, трет законски текст, после универзиетот во Тетово, територијалната поделба, на т.н. втор Охридски договор што важи меѓу непотписникот на првиот и мнозинскиот потписник на владеачката коалиција. Всушност овој закон тоа и во текстот е направен обид да се реши. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Пејоски, време е више некој член да спомнете.

**Ристо Пејоски:** Па всушнот во овој закон велам дека и во текстот е направен таков обид меѓу вториот член, став 2 до осмиот член, да се реши конфликтот настанат од сознанието и фактот дека на овие простори идентитетот не е хомоген. Да се негира разнобразноста на идентитетот би претставувало грешка не само што таа разнобраност на тој начин нема да исчезне, туку и само поради фактот што одредено игнорирање на идентитетите и различноста на клтурите би паднале во радикализам и би ја ставиле во опасност општствената и политичката кохезија. Прашање е како можеше во законот да се постигне таа кохезија или што фали во текстот на законот што би ја зајакнало кохезивната сила?

Тоа се постигнува ако во текстот на законот или во друг закон кој требаше пред овој да биде донесен каде што ќе ги дефинираме знамињата на заедниците, како треба да излгедаат и повторно едноставно со признавање на делот на заедничкиот идентитет односно знамињата на заедниците да го имаат знакот на државното знаме на Македонија. Доколку имаше таков предлог во текстот на законот ќе се случеше интегративно чудо. ДУИ Македонците ќе ја препознаваат како партија за интеграција на македонците и албнците. ДУИ ќе се справуваше односно ќе се претвореше во синоним за заедничка иднина.

Одбивањето тоа да се прифати е израз на една јавно непризнаена намера на скриен национализам под паролата за борба за својот идентитет со што етничките граници да станат еден ден политички. Всушнот тоа е атак на политичката кохезија прво преку симболите. Тука во тие упорни ставови нема намера да се сообрази културната разнобразност и разнобразието на идентитетите со политичкото единство и општествената кохезија. Ова е антипод на претходната слика кога македонците препознаваат во ДУИ партија за интеграција само на албанците.

Од досегашните постапки што на ДУИ, кога со знаме на соседна држава освојуваше. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Пејоски, јас ве разбирам дека можевте да излелзете надвор и од темата, али мислам дека ова малку е повеќе од тоа што јас можам да дозволам, да анализирате една политичка партија или било кого.

Ве молам, ајде сега по текстот на законот.

**Ристо Пејоски:** Господине претседателе, вие мене ми го исклучувате сувереното право да размислувам поинаку отколку што вие очекувате.

**Љупчо Јордановски:** Размислувајте за. . .

**Ристо Пејоски:** Не сакате асоцијативно размислување ниту пак сакате да прифатите холистички еден поглед дека овој закон произлегува од општата ситуација, и не може да се изулира од нејзе.Збогатете се за едно такво чувство.

**Љупчо Јордановски:** Можам, само да ве замолам, нема да ве прекинувам, вие завршете, вие експлицитно, третирате некои теми, кои што и се обраќате кои што и навистина не се во рамките на она што јас го дозволувам да биде еве да кажеме некоја дискусија многу поширока како што велите вие што произлегува од контекстот на ситуации.

Вие почнавте со нешто што навистина, не ве преќинав, навистина не е дел од овој закон, сега заршувате исто така што не е дел од законот, дискутирајте. Еве на пример господинот Чашуле имаше таква дискусија, експлицитно никого ниту насочи ниту го искористи за својата дискусија. Но, веќе нема да ве прекинувам. Повелете.

**Ристо Пејоски:** Благодарам.

Тука, во тие упорни ставови, нема намера да се сообрази културната разнообразност, и разнообразието на идентитетите со политичкото единство и општествената кохезија. Ова е антипот на претходната слика, повторувам кога Македонците препознаваат во ДУИ партија за интеграција само на Албанците.

Од досегашните постапки на ДУИ, кога со знаме на соседна држава освојуваше територии и со истото знаме да се означи, е само потврда на моноидентитетот, односно знаме зад кое се крие намерата да ги прошират етничките граници во политички, односно создавање на мала, источна Албанија. Тоа е симболички, прво дас се прелее суверенитетот од една соседна држава. Не сакаат да се лоцираат во Македонија, одбивајќи го знакот на заедничкиот идентитет, туку во Албанија.

Да повторам, во текстот на закон не се дава можност да се забележи, односно препознае како надвор од разликите на останатите заедници и македонците постои надидентитетна сличност и врска, што би ја нарекол како свест за заедничко минато и иднина, нешто што не интегрира и соединува и не гледам зошто тоа да не се означи со симбол на заедничка држава, односно со прифаќањето на тој знак во нивното знаме.

Не се работи за тоа да ги прикажеме разликите во идентитетите, туку за тоа да се покаже свеста за заедничка иднина. Зошто читајќи го овој закон на човека му доаѓа да помисли дека се поважни разликите во идентитетите, а не свеста за заедничка судбина. Зошто ако некој македонец од Источна Македонија се симне случајно со падобран, во непразнични денови во Западна Македонија, ќе помисли и ќе се збуни дека се спуштил во Република Албанија.

Уште еднаш прашувам зошто во текстот на законот да не се нагласеше комплементарноста на нашите култури и идентитети, ами да се нагласат разликите. Тоа е заради тоа што некои сонуваат само за да не се разбудат.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господинот Кондарко не е присутен.

Господинот Петров Каме не е присутен.

Господине Караџоски повелете, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Еве, не знам колку дена веќе дискутираме по овој закон, со општ претрес, што претрес по амандмани, сега претрес по текстот на законот, бидејќи јас не сум добар математичар, претседателот на Собранието води евиденција, колку дена расправаме тоа ќе го спомене во службена евиденција, но мислам дека законот не ни заслужува внимание да се дискутира од причини кои што ги кажавме во општиот претрес и во преетресот по амандманите на овој закон.

Интересна работа е почитувани колеги, овој закон се на се има 13 члена на кои што 13 члена или поточно на 10 члена беа поднесени 42 амандмани. Сега логично се поставува прашањето, еве матиматички пресметано, тоа се 4,2 амандмани на еден член, тоа е висок просек. За една фудбалска лига, кога ќе се каже 4:0 према натпревар, дека е многу ефикасен. Меѓутоа, за еден ваков закон, кога ќе се поднесат толку амандмани или 4,2 просек, по еден член, значи дека апсолутно не е ефикасен, поточно нешто му фали на овој закон, за да току внимание предизвика, од 13 члена, замислете 42 амандмани, тоа е сосема нов закон.

Почитуван претседателе, мислам дека забележувате дека сум можеби единствениот

пратеник кој дискусијата ја водам исклучиво по Деловникот, исклучиво потекстот на законот, немавте потреба да ми кажувате дека правам дигресија. Во право ли сум? Значи, одам по текстот на законот, го анализирам од аспект на она што се случуваше во текот на амднамнската расправа, што се измени, што не се измени и идали задржавме нешто од онаа прва верзија што овде сите ја критикувавме.

Мора да ве потсетам дека и во општиот претрес, покрај сите забелешки што ги имавме во начело, значи од потребата од носење на закон, како и низ ова која материја ја регулира овој закон, кажав и сега тоа ќе го повторам дека овој закон има ужасно лош текст. Мојот факт и мојта концепција за она што го искажав дека овој текст е ужасен, е значи дека е текст што е страшно лош, го потврдија и 42-та амандмани.

Да не биде тоа сфатено сега дека продавам демагогии, 42 амандмани беа поднесени буквално од сите пратеници или од сите пратенички групи, што само потврдува дека или Владата не знае да состави текст или главниот креатор на овој текст не нашол подобар или пак нема пример во друга земја од каде може да препишеме. И, мислам дека нема пример во друга земја од каде може да препишеме, затоа што обично ние препишуваме закон и така ни е полесно.

Интересно беше што голем дел од амандманите, почитувани колеги доаѓаат токму од позицијата. Има тука претставници од СДС, кои за жал сега не ги гледам, имаше тука претставници од ЛДП кои упорно се бореа за своите амандмани со аргументи што ги имаше и опозицијата и имаше тука на крај на краиштата и ДУИ која, како партија која можеби е најмногу заинтересирана за еден ваков закон, која што во огромна подршка, со потпис на цела пратеничка група, вклучително и одредени заедници во Република Македонија имаше свои амандмани, па дури имаше и најава од одреден пратеник на ДУИ дека доколку тој амандман не биде прифатен, дека тие нема да го гласаат овој закон.

Јас навистина би сакал тоа да се случи, еве искрено кажувам, дајбоже тоа да се случи. Немам потврден став дали е тоа став официјален на ДУИ. Имав прилика утринава, кога патував за Скопје да слушнам на радио дека ДУИ тоа прашање ќе го реши на централно ниво, поточно на највисоките органи на власта, односно на нивната партија, а највисок орган е Али Ахмети и очекуввав дека до гласањето по овој закон таков став ќе излезе. Искено посакувам да тој став биде негативен и да овој закон не го гласаат.

И, тука би дошло до многу интересна ситуација. СДСМ, кој упорно седи и прави кровум кога ДУИ не е тука, да се случи токму така да ДУИ не гласа или не биде присутен или излезе од седницата заради тој амандман за кој што најавија овде дека нема да го поддржат, дека нема да гласаат, а тоа беше амандманот на членот 6, да се додаде член 6-а, со кој што се регулираат правата и на останатите заедници да имаат право да го веат знамето онаму каде што ДУИ ќе им остави простор, на некој јарбол што нема да биде пополнет. Или во месната самоуправа, како гласаше.

Баш ме интересира и еве очекувам колегите од ДУИ до крајот на оваа расправа да кажат, за да не бидеме ние во заблуда а и да не ги малтретирате колегите од СДСМ да седат и да прават кворум, барем јасно кажете го ставот дали ќе го поддржите овој закон или не.

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Јас не знам што е поголем аргумент од овој што сега го искажав, на закон што има 13 членови односно 42 амандмани, самиот факт кажува дека навистина имаме лош текст. Земете само за пример или за една споредба дека ова што го кажувам, навистина, држи место или држи вода. Ни се случило овде, во Собранието да имаме закони да имаат по 800 или 1000 членови. Такви беа Законот за процесна постапка, Кривичниот закон, Закон за кривична постапка, да не ги редам сите други. Па еве, сега и Законот за работни односи итн., каде што на толкава огромна материја, со толку многу членови, едвај да има по 10 или 15 амандмани. И тоа токму зборува во прилог на ова што сега го кажувам, значи, ако еден текст е добар, ако една материја е добро регулирана, нема потреба од многу амандмани. Наспроти тоа, ако еден текст е страшно лош, ние се трудиме максимално да тој текст го корегираме.

И, што е сега најинтересната работа? На вака лош текст, на вакво ужасно решение, на 42 амандмани Владата користеше, поточно тука почитуваниот заменик министер користеше само една реченица и тоа "Не се прифаќа", "не се прифаќа", до крај.

За да се случи почитувани колеги, на инсистирање на опозицијата која мораше секој амандман да го образложува по три до четири саати со огромни расправи, да се случи меѓувреме Владата да интервенира со амандмани, кои што горе-долу, два амандмани на некој начин главната идеа им дојде од опозицијата и некоја комбинација, како што една наша колешка Којзеклиска го кажа, да се направи една мешавина од два амандмани, нејзиниот и од ВМРО-ДПМНЕ, со тоа што Владата измисли свој амандман, односно со свои два амандмани, колку да каже еве ние прифативме. Ние сме добра Влада, ние почитуваме што зборува опозицијата и прифативме два амандмани. Но, тоа не е тоа што го бараше опозицијата, меѓитоа и тие два амандмани кои суштиснки се многу различни од она што го бараше опозицијата предизвикаа една клима, каде што имавме прилика да слушнеме денес конкретно дека пратеничката група на ДУИ размислува и е изненадена како можела Владата да прифати амандман, кој што во концепт гоменува она за што некој се договорил, па дури и најва дека ДУИ затоа што не било договорено да се прифати

ниту еден амандман, сега размислува каков став ќе донесе по однос на гласањето на закон. Сега, ние мораме да го чекаме господинот Ахмети со неговата волја да каже за или против, за да конечно да биде судбината на овој закон. Повторно ќе кажам, би сакал да се случи ДУИ да гласа против, затоа што само тогаш, почитувани колеги, ќе покажете дека сте за унитарна Македонија и само тогаш ќе покажете дека сакате да живеете во оваа држава рамноправно според вас заедници, според нас народ и дека ќе покажете дека имате таква лолја. Инаку, се друго оди во сосема друг различен правец, за кој што зборувавме и кажувавме овде на големо.

Од 13 члена, почитувани колеги, членот 1 не предизвика никаква расправа. Членот 13 исто така не предизвика расправа. Членот 10 и 11, освен Јанаќе Витаноски, кој немаше храброст да опстои до крај, па ги повлече, членот 12 исто така немаше дискусии. Значи, замислете, сега ќе ги изброиме 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 члена, на 7 члена имаше 42 амандмани, да бидеме поконкретни.

**Љупчо Јордановски:** Сега, ова можете да го поделите 42 со 7 лесно се дели.

**Жарко Караџоски:** Тоа се 7 амандмани по член. Добро, 6 амандмани се на 1 член. Значи, ова кажува колку е законот лош или што е добро во овој закон. Значи, добри биле казнените одредби, затоа што тие обично се препишуваат, добро било кога се кажува што се уредува со овој закон и добро било дека овој закон стапува на сила осмиот ден откако е донесен. Тие одредби се навистина неспорни, секаде ги има и тука немате мана да најдете. Кој, почитувани колеги, член предизвика најголемо внимание, односно најголем интерес и најголема дискусија? И, повторно, членот 2, но не цел. Член 2 став 2. Значи членот 2 став 1 воопшто не беше дискутабилен и мора да кажам што е тоа. Тоа е заедниците во Република Македонија, заради изразување на својот идентитет и особеностите имаат право да употребуваат знаме. Никој не дискутираше по став 1. Огромниот дел од дискусијата беше на ставот 2 и еден најголем дел, ми се чини околу 8 амандмани беа на ставот 2. Сите ќе се прашате зошто токму член 2 став 2 предизвика толкаво внимание односно толкав простор од време одзеде, толкава дискусија, толку амандмани, сите слични еден на друг. Во тие амандмани имаше пратеници и од опозиција, од позиција, само немаше од ДУИ, немаше од опозицијата од албанскиот блок, јас веќе не знам кој е опозиција од овој албански блок, иако имавме пратеник кој што често пати го критикуваше ДУИ, но конкретно решение не понуди. Така, во тој став 2 беше главната дискусија, а можеби и главниот проблем. Да не постоеше членот 2 односнос тав 2, прашање ќе беше дали ќе имаше толку дискусии. Добра би била таа варијанта за размислување, ноникој не се сети таков амандман да поднесе. Што беше главниот аспект? Ставот 2. Овој став морам да го прочитам, за да биде појасно. Значи, се трудам почитувани коелги, пошто многу се зборуваше, многу малку за текстот се зборуваше, се трудам јавноста да добие комплетна слика и толку амандмани се се измеша, се се кажа, да знае јавноста што носиме денес или утре или незнам кога и што се гласа. Значи, тоа е една комплетна материја и член по член ја разработуваме. Еве го членот 2, ставот 2: " Под знаме во смисла на став 1, оној неспорниот, се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености". Толку е ставот 2. И да ве прашам, што разбравте од ова, ништо. Веднаш тука се отвораат многу прашања. Кое е тоа знаме кое што заедниците го избрале. Во самиот став 2 упатувате дека некое знаме е веќе избрано и неслучајно ние многу пати го потенциравме дека ваквото решение го легализира албанското знаме, бидејки како знаме на странска држава и сега се вее кога вие кажувате во став 2 дека знамето што заедниците го избрале веќе и го употребуваат, тоа е фактичката состојба која ја имаме во Западна Македонија. Значи, со ваква одредба го легализирате тоа знаме. Дури и да сакате, не му давате право, значи да сака албанскиот блок да избере некое друго знаме не му давате, што значи веќе сте го избрале и употребувајте си го. Тоа е едната работа. "Како знаме со кое ќе го изразуваат својот национален идентитет", односно "својот идентитет и особенсоти", имавме прилика да слушнеме часови по историја, предавање по историја, кое е тоа знаме и т.н., но и тука слушнавме од претставниците на владеачката ДУИ дека за нив знаме кое ги изразува идентитетот и особеностите и нивниот национален идентитет е исклучиво албанското знаме односно она знаме кое е сега знаме на една друга држава односно на Република Албанија. Па, за волја на вистината јас разбрав дека тоа знаме било многу старо, па дека Албанија го употребила за свое државно знаме, за кое што сега се оштетени, да речам, нашите албанци овде во Република Македонија, затоа што му го зела тоа право. Не ги прашала во никој случај, требало да ги праша дали вие ќе си имате некое свое ваше национално знаме во Република Македонија, за да ние не ви го украдеме ова. Има многу интересни случаи и воопшто не се лутат на Република Албанија, се лутат на Македонија, затоа што ние тоа го оспоруваме. Можеше барем со една реченица да кажете зошто вие ни го украдовте нашето национално знаме, затоа што тоа е наш белег овде. Но, сега е така како што е и тука беше онаа дискусија и тука беа тие амандмани. Што ние сакавме со амандманите? Најмногу амандманите се движеа во две или три реченици, а главните беа на овој став 2 да се додадат речениците кои што ќе кажат да може да се користи знаме на заедниците кое ги изразува идентитетот и особеностите, а кое во исто време нема да биде знаме на некоја друга туѓа држава. И, тука јас не гледам ама апсолутно проблем зошто таква реченица и таков амандман не бил прифатен. Значи, повторно морам да потенцирам дека тоа не беше амандман само на опозицијата, туку

имаше претставници и од позиција и од СДСМ и од ЛДП, немаше само од ДУИ. Што тоа би значело во превод, кога сите политички претставници на политички партии или граѓани кои што нас не бирале и гласале, имаме ист став, освен една политичка партија, албанска политичка партија ДУИ дека таква одредба треба да стои во законот, што значи не ја гледам логиката како тоа да не биде прифатливо. Не ја гледам логиката, затоа што поистоветувањето и правењето разлика помеѓу знаме на странска држава и национално знаме е сосема друга работа. Таквите амандмани одеа со цел и во насока на тоа да не ни се случи она кое што не бодеше во очи сите овие години, не само нас како македонци, ги бодеше сите граѓани на Република Македонија кога влегуваа, кога се движевме низ Република Македонија да гледаме она што сега го гледаме и да не знаеме во која територија, во кој град одиме и дали тој дел од Република Македонија е суверен или не. Токму тоа беше пробелмот. Значи, гледавме многу пати и ден денес тоа се гледа и во фаза кога овој закон се носи, ние често пати и редовно можеме да видиеме албански знамиња и во Тетово и во Гостивар и во Кумановскиот дел, Липковскиот и т.н., се  до ден денес. Значи, целта беше никој не го оспорува правото на заедниците, нека си користат, затоа што и другите земји го дозволиле, но тоа знаме да не биде знаме на странска држава, за да не се оспори суверенитетот на оваа држава. И многу пати тука го објаснувавме, го кажувавме што значи суверенитет, што значи екстериторијалнсот, што значи да се веат две знамиња, од кои едното е знаме на странска држава, како тоа би се одразило на Република Македонија , дали има таков пример во светот, во Европа и т.н. Многу пати тоа го повикавме. Јас дури од говорница повикав и на меѓународните експерти, кои што присуствуваа и учествуваа во потпишувањето на Рамковнио тдоговор. Дури побарав оваа седница да прекине, да ја одложиме, односно да го одложиме донесувањето на овој закон, нека дојдат меѓународните експерти, нека ни кажат и нека ни објаснат, ако веќе ние не разбираме и ако веќе ние не знаеме што е меѓународно право. Да ни кажат дали постои друга земја во светот во Европа и т.н., каде што за употреба на етничките заедници користат знаме на странска држава. Тука, почитуваната колешка Лилјана Поповска излезе со една книга, во која ви објасни и ви докажа дека таков пример не постои. Е, па зошто да бидеме ние еден уникатен пример во светот по кој што би се разликувале од сите други земји. Зарем не го следиме примерот на земјите од Европската унија. Го следиме сиот нивни пример како ние би се зачлениле во Евроспката унија, а секогаш вадиме униактни модели за кои што и самата се чуди што е ова што го правиме. Точно, добро рековте, бисер балкански токму на овој начин.

Е, сега, многу се изнаслушавме од одредени колеги, не би ги именувал, каде што ни цитираа и ни кажуваа и не убедуваа дека овој закон е обврска од Рамковниот договор. Се повикуваа на одредбата од точка 7 алинеја 1 во која што се кажува дека припадниците на етничките заедници имаат право да користат симболи на својата заедница, знаме и т.н. но секогаш ја заборавaат последната реченица или делот после запирката, кој ние правниците малку поинаку го толкуваме, а тоа е реченица која вели: "според меѓународните правила и стандарди". Не го оспорувавме правото некој да користи свој симбол, свое знаме, но според правилата на Меѓународната заедница односно според меѓународни стандарди и правила. И, повторно ќе се вратам на она што претходно го кажав. Каде се тие меѓународни стандарди, каде се тие правила. Зошто другите земји во Европската унија,па и пошироко немаат ваков пример. Која друга држава, дали на овој простор балкански, дали на некој поширок, користи државно знаме на странска држава за свој национален белег. Нема таква. Ние имавме прилика во сите овие денови попат на интернет и по разни други можности што нис е нудат да побараме и да видиме дали навистина Република Македонија како Република е уникатен пример или има некој којшто тргнал по нашиот пример, или претходно дознал, па ние учевме од него, ама за жал овој пат ние сме извори на правото и најверовaтно другите ќе учат од нас и според сонот на господинот претседател, тоа ќе се оствари најверојатно после 15 години како што самиот кажа. Некоја генерација од 90-тите која што ќе седне во Собрание, ако биде слепа и глува, ако не гледа и ако не слуша. Тоа мора да го потенцирам од оваа говорница, се надевам и би ми била желба да ги видам сите членки на Европската унија да тргнат по нашиот пример и не само тие, пошироко, да завеат и тие знамиња на своите етнички заедници кај нив што припаѓаат на странски држави. Така, некаде ќе го видиме макеоднското знаме како белег на етничкото припаѓање, на нацијата која што е таму, како во Грција, како во Бугарија, како во Србија, како во Албанија, почитувани колеги. Не кај нас да се гледаат орли, туку и таму да се гледа во Албанија македонското знаме, тогаш би сакал сонот на претседателот да се оствари. Инаку, сеуште сум убеден дека претседателот е во длабок сон. Биолошки има одредени категории кои живеат во зимски сон, ама тој трае 6 месеци и завршува. Но, за жал, кај претседателот тој зимски сон трае и во лето, при сите овие жешки пеколи.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, кажете во кој член е претседателот?

**Жарко Караџоски:** Во член 2 став 2, пошто вашиот сон, дискусијата се однесуваше на член 2 став 2 на употребата на знаме на странска држава.

**Љупчо Јордановски:** Ова не е време за реплика, вие дадовте реплика.

**Жарко Караџоски:** Не, јас кажувам, почитуван претседателе, го споредувам со она што кажав. Вие сте, сепак  фигура според Уставот втори и според фактичката состојба трети во Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Како ме симнавте трет во Македонија, ве молам.

**Жарко Караџоски:** По фактичка состојба, инаку според Устав сте втори. Пошто, очигледно е, не ве почитува ни Влада, ни претседателот ког аможе еден ваков закон да ви протнат и вие како претседател да не поставите ни амандман. Јас тогаш ви одговорив, претседателе, ова нека биде единствена дигресија, користете го правото на реплика, незнам зошто не, значи многумина сонувале да бидат и капетани на лаѓи и т.н., па тие отпловиле. А, колегата Шајноски денска ви упати една добра сугестија, додека сте вие во сладок Дрим, нас ни отиде Црн Дрим, меѓутоа да не ни отиде и нешто повеќе. Така да навистина, завршувам со дигресијата и нема да го спомнам повеќе почитуваниот претседател, ова од аспект на тоа да навистина добро се размислиме и добро размислиме кога нешто гласме, и кога нешто носиме. Ова кога ќе стане закон, ќе треба да се применува. И ќе треба да живееме со една слика во Република Македонија, во која што од утре од како ќе се донесе овој закон, ќе се изнагледаме знамиња, колорит на бои, село весело, како сакате крстете го, но јас незнам, навистина незнам, се прашувам, како еден странец кој што прв пат доаѓа во Македонија ќе ја разликува оваа држава од останатите и како нема да си го псотави она прашање, во која јас држава влегувам. Кој тоа ќе му го објасни. Има ли маж, некња поставив прашање, кој на тоа ќе даде одговор, незнам ќе покаже времето. Вице премиерката на тоа одговор, ако нема маж има жени. Но, ова беше значи, главната дискусија, главната расправа, членот 2 став 2. Од пратеничката група на ВМРО-Народна, ви упативме една критика сериозна, кажавме зошто сметаме дека ваквиот закон со овој став нема да има примена, понудивме амандмани, понудивме експерти да дојдат да го расчистиме овој проблем. Ви понудивме дури, ај да не го носиме овој закон, да немаме закон за употреба на знамиња на етнички заедници, да го смениме државното знаме и да донесеме закон за државно знаме кое ќе биде, нели знаме за сите нас прифатливо и да го така кажеме унитарниот карактер на оваа држава, имаме едно знаме и сите се поистоветуваме по тоа знаме. И тоа не беше прифатливо, затоа што според албанскиот блок се може да биде само доколку албанското знаме постои. Значи, или обратно, ништо нема да биде доколку албанското знаме не опстои. Тоа е тезата, тоа е суштината на сите овие членови. Значи, главната цел е албанското знаме да продолжи да се вее. Што е позадината на сето тоа, ме нарековте многу пати и незнам каков, да не ги повторувам зборовите,меѓутоа дека ние сме тие кои што го кочиме процесот демократски, јас сум тој кој што размислувамназадно, дека ние сме биле тие што велиме дека оваа држава оди во бинационален карактер, дека се федерализира и т.н., што обејктивно е тоа. Додајте го на ова Законот за територијална поделба, додајте ги сите оние други кои што ги донесовме и ова е капак или шлаг на торта на се друго. Можеби дефинитивно шлаг ќе биде законот за употреба на јазиците, кој што ќе имаме можност да го видиме.

И, сега, да завршам по однос на овој член. Рамковниот договор имаше една сосема друга цел. Според Рамковниот договор, па и таа одредба која што овде сите ја цитиравме и ја кажувавме, Македонија како Република беше замислена во мултиетнички концепт, односно во мултиетнички карактер, што ќе каже сите заедници во Република Македонија треба да го уживаат својот национален идентитет.

Како појдовме и како правиме, овдека е многу јасно, дека заедници во Република Македонија ќе има, ама оние што ќе останат надвор од албанската и македонскиот народ, кој што еве со своите знамиња ќе се издвојат од останатите.

Тоа го забележа пратеничката група на ДУИ и затоа така инсистираше да влезе еден амандман 6-а, односно во членот 6-а за да ги задоволи, јас го кажав тоа како амандман за утеха односно да ги натера и другите да гласаат по овој закон. Не чувствувајте се вие нерамноправни затоа што ние ви оставаме да си веете знаме само пред училиште, во училница, на некој јарбол кој што ќе остане слободен во месната самоуправа и тн. и тн., а се другото е наше. И, тоа не е рамноправност, и тоа не беше основната концепција на Рамковниот договор туку е сосема нешто друго. Фактичката слика тоа ќе го покаже. Од донесувањето на овој закон па натаму, во Република Македонија ќе се веат две знамиња на суверени држави, Албанија и Македонија и тук и таму некаде можеби ќе се прошири некое друго знаме кое исто така ќе биде знаме на странска држава, ќе го следат и вашиот пример, нели. Ќе имаме и турско, можеби некаде и српско и тн. И затоа велам дека ваквата одредба во членот 2 ставот 2 е лоша и мораше да се корегира со некој амандман, но за жал не постоеше волја и затоа ние уште еднаш ќе дебатираме, ќе дискутираме и ќе го кажеме својот став.

Членот 3 кој што дава право "знамето со кое што се изразуваат својот идентитет и особености на етничките заедници може да се употребува, слушајте внимателно, во јавниот, службениот и приватниот живот на начин утврден со овој закон". Значи, сега веднаш, логично се поставува прашањето каде не може да се употребува. Службениот, јавниот, приватниот ги апсолвира сите и сите го поставија логично тоа прашање. Каде ова не може да се користи. И, зошто воопшто беше потребна одредба да се потенцира службен, јавен и приватен кога едноставно можеше да стои одредба нека се употребува каде што ќе му текне. Од тука излегоа амандманите со кои што, ете јас бев тој кој што барав да се брише "приватниот живот", добив критики и сега најверојатно ќе ги добијам. Тука имаше колеги кои што велеа јавниот, службениот и тн. и тн., имаше многу амандмани во тој сегмент и сега уште еднаш ќе го повторам зошто не во приватниот живот затоа што тоа во Република Македонија многу се злоупотребува не

како право туку како начин за истакнување на суверенитет на една сосема друга држава под знамето на Република Албанија за разни поводи, како на пример свадби и ред други настани.

На членот 4 не беа случајни зборовите "во единиците на локалната самоуправа постојано се истакнува знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница", па потоа имаше амандмани, разни амандмани, зборот постојано да се замени вака или онака или на таа заедница да биде истакнато заедно со другото, и тн. сега не би ги апсолвирал.

Членот 5 е тој член каде што Владата даде некој амандман во делот на алинеа 5 каде што зборовите "овластен претставник на Меѓународната заедница" значи во такви ситуации да може да се истакнува знамето на етничките заедници и го замени со "висок претставник на Меѓународната заедница" и тоа под притисок на опозицијата со своите амандмани кои што ете Владата се смилува на некој начин откако ја увиде сопствената грешка или откако ја увиде слабоста, или откако ја увиде попустливоста што ја прави кон ДУИ, затоа што зборовите "овластен претставник на Меѓународната заедница", се широки и даваат простор на кој да му текне во Република Македонија и кој како сака да дојде треба да му истакнеме две знамиња, да го пречекуваме, а сосема е различно висок претставник. И, сега токму тука е спорот, и очекуваме расплет овие денови, да видиме каков став ќе изгради ДУИ, да видиме дали ќе попушти на Владата или ќе остане цврсто, силно, јас така сакам до крај и да не го гласате законот. Само така ќе покажете дека сте цврста партија и дека сте партија која што стои на вашите идеали. Попуштите ли за еден или за два амандмани, готово е.

Утре ќе го смениме законот, бидете сигурни, нормално ако ВМРО-Народна дојде на власт, а ќе дојде. (Некој од пратениците прашува со кого), со кого не знам, тогаш ќе правиме планови.

Член 6 е исто така еден член за кој што Владата прифати амандман, член 6 за кој што по амандмани се дискутираше само за еден амандман на госпоѓата Којзеклиска и на Силвана Бонева и Ефтим Манев, се дискутираше четири часа. Четири часа ни требаа да ве убедиме дека не сте во право за она што го кажувате во член 6. И, вас не ве убедивме, ама конечно Владата се смилува, не знам на кого, направи еден добар чекор, чеко мал ама голем во историјата кој што ќе се памти.

Само ќе беше многу подобро тоа да го направеше во член 2 или на член 6, но добро е, што е тука тука е. Што е сега суштината на член 6 и што прифати Владата. Тоа што мораше да го прифати, тоа што немаше од кај да бега. Во членот 6 т.е. зборовите во единицата на локална самоуправа во која живеат граѓаните припадници на заедниците и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа согласно член 2 може да се истакне знамето на Република Македонија и знамето на таа заедница при такви и такви случаеви. Значи, може да се истакне, тоа беше спорот, амандманите беа, покрај знамето на државата да се истакне и знамето на етничката заедница или доколку се истакне знамето на етничката заедница задолжително да се истакне и знамето на Република Македонија. И, замислете, еден ваков амандман, една ваква корекција на текстот предизвика четири часа расправа. Сите беа исплашени, а најмногу ДУИ и уште се плаши ДУИ, еве го почитуваниот координатор на ДУИ што е и потпретседател на ДУИ на кој веројатно му е шепнат ставот, во меѓувреме, најголемата сопка и пречка е токму овде.

Каква срамота е тоа да се истакне државното знаме покрај етничкото знаме при меѓународни спортски, културни настани и тн. И, сега, четири часа требаше да убедуваме претставници овде, пратеници на опозицијата за да ни се случи конечно да некој од пратениците од позицијата излезат и ни кажат, точно е опозицијата е во право, што е проблемот, од што се плашите, ако ви е желбата да живеете во една иста држава, ако ви е желбата како што кажувате љубовта према Република Македонија за која што многу се наслушавме од вас, тогаш што е проблемот да се каже, при една меѓународна спортска и културна средба или што знам, манифестација, покрај знамето на Република Македонија нека се вее и знамето на етничката заедница кое вие го избравте да биде знамето на Република Албанија. Дури тоа не било прифатливо. И стоеше одредба може да се истакне. Е, може и мора не е исто. ќе се согласите заменик министре дека не е исто. Тука може не значи мора. Може кај нас албанската заедница го толкува не мора. И, тој збор сум убеден дека не постои во албанскиот јазик. Значи, може не постои. Само не мора и мра.

Тоа беше околу членот 6.

Членот 7 имаше амандман од мене, не го поминавте, не мора, не е ни толку битно и повторно ќе кажам, уште на членот 8 имаше амандмани кои за жал беа повлечени, а тоа е начинот како треба да се употребува знамето, на кој јарбол да стои, колку сантиметри и метри оддалечено и тн. и тн. што се на се и не е толку битно во однос на тоа што сега го кажав.

На крајот почитувани колеги, ќе го повторам истото. Еден закон од вкупно 13 члена од кои апсолутно не беа тема на дискусија, на кои што 7 останати имаше 42 амандмани, 6 амандмани во просек на еден член зборува дека овој закон или овој текст на овој закон е ужасно лош.

Јас морам да признам дека полош текст, полош закон не сум видел во сите овие години откако сум пратеник. Понедефинирани, понепрецизни одредби, одредби кои што упатуваат на злоупотреба, одредби кои упатуваат на се она што го гледаме овие денови или го гледаме во континуитет е токму ваквите одредби.

И на крај ќе повторам и тоа ќе биде моја последна констатација, законот, овој закон немаше цел да се уреди употребата на знамињата на етничките заедници во Република Македонија, овој закон имаше една единствена цел и таа ќе ја оствари е да го легализира албанското државно знаме во Република Македонија слободно да се вее како и до сега.

Благодарам

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Во меѓувреме пријавените за реплика господин Шаќири, господин Адеми, господин Алити и господин Јанаќе Витановски.

Прво има збор реплика од три минути Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам господине потпретседателе, бидејќи бев повикан од колегата Жарко Караџоски дека сум ги повлекол амандманите и како што вели тој да знае јавноста, јас еве ќе кажам што беа моите амандмани и мислам дека беше многу добро овие 10 дена да расправавме за некој закон од областа на економијата, на земјоделието, на стопанството, ние расправаме сосема некои други закони кои се и тие битни, но побитни се другите закони.

Една работа е дека никој не го оспорува правото на заедниците да имаат свое знаме и тоа им е дадено во Уставот и во Рамковниот договор и под една работа дека треба Рамковниот договор да го читаме како што пишува. И, тука нема да имаме никакви проблеми.

Во однос на дискусиите на Жарко Караџоски сега, мислам дека многу го потенцираше албанско знаме, албанско знаме. Никаде во овој закон нема одредба дека ќе се вее албанското знаме. Со тоа ги занемарува другите етнички заедници бидејќи тие имаат право според овој закон да си имаат свое знаме.

Во однос на амандманите. Јас имав три амандмани и јас сум да ви кажам искрено задоволен од моите амандмани кои што беа овде поднесени.

Првиот амандман се однесуваше на членто 3 став 2 и тој гласеше вака: "Заедниците на Република Македонија знамето со кое го изразуиваат својот идентитет и особености го истакнуваат постојано и истовремено со знамето на Република Македонија". Овој амандман не помина, но сум задоволен бидејќи Владата имаше доблест да донесе амандман со кој што вели "Доколку се истакне знамето на таа заедница се истакнува и знамето на Република Македонија" што значи ова е кумулативно и едно без друго не оди. Значи го заштитуваме знамето на Република Македонија и доколку се истакне знамето на заедницата постојано ќе се истакнува и знамето на Република Македонија. Бидејќи амандманот што го имав поднесено не беше усвоен, но Владата го донесува и со овој амандман се допрецизира и законот доби друг текст.

Вториот амандман беше поднесен на членот 5 точка 4 каде се вели при пречек и испраќање на претседателот на Собранието во законот не беше тоа внесено, јас го внесов "претседателот на Собрание" а го усвои ЗПК.

Последниот амандман 3, тоа е Казнени одредби но бидејќи не беше прифатен амандманот 1 е беспредметен.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Витановски.

Една минута контра реплика господинот Караџоски.

Повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине Витановски, жал ми е што сега ова ќе го кажам, но мора да констатирам една работа. Во оваа сала не спиел само господинот Љупчо Јордановски, очигледно во длабок сон сте и вие. А, зошто сега ќе ви кажам. Затоа што кажувате каде пишува дека албанското знаме ќе се вее во Република Македонија. Па каде жибвеете господине. Знам дека живеете во неготино, меѓутоа дали се поминале во Тетово, Гостивар и тн. Малку ли се изнаслушавте овде од цела пратеничка група на ДУИ кога ви кажаа дека друго знаме не доаѓа во предвид, освен албанското. И, што треба да се напише. Па јасно е.

Членот 2 ставот 2 го легализира тоа и сто пати сега го повторив. Мислам дека тоа е очигледно и многу јасно.

Друга работа, имам уште 20 секунди, за економските прашања очекуваме господине Јанаќе Витановски откако ќе ја поделите Македонија да вработите 60 илјади според програмата на господинот Бучковски, ама не знам каде.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Три мунити реплика пратеникот Џезаир Шакири.

Повелете.

**Џезаир Шакири:** Благодарам господине потпретседателе. Со внимание го проследив колегата во текот на целата негова дискусија и во детали влезе во неколку предлози од опозицијата, неколку амандмани од страна на опозицијата во врска со овој закон, но од сево ова сакам да кажам, што разбрал електоратот од ова, посебно македонското гласачко тело кога ќе бидат на свадби Албанците поминувајќи со албанското знаме тогаш сигурно ќе го сопрат патот и ќе има инциденти. Ова беше заклучок на тоа, би сакал господинот да го прашам за нешто што е ново за него. Во последно време, (реакција дека излегува од темата) не излегувам од темата туку, потпретседателе, ова е во врска со знамето, а прашањето е толку многу инсистирање за демаркацијата на границата помеѓу Македонија и Косово, зошто господине не

му кажувате на македонскиот народ дека сакате во новата демаркација која никогаш не била територија на Македонија, станува збор за Злокуќани со 24 семејства кои што треба да влезат во Македонија село Санчич.

**Слободан Најдовски:** Ве молам да реплицирате на она што дискутираше господинот Караџоски, ако не ќе ви одземам збор.

**Џезаир Шакири:** Ова што го говорам е во врска со знамето, значи станува збор за 2500 албански жители, кои сигурно нема да прифатат да бидат под интегритетот на Македонија без да го прифатат знамето и јазикот. Селото Мја, Коплич, Деблде, Станчич, Злокуќани, Горно Злокуќани се со жители, кажете му го намакедонскиот народ и на Албанците кои живеат таму дека ќе им ја овозможите употребата на знамето и јазикот и ќе ги прифатите како рамноправни граѓани. Можеби ќе ги убедите да бидат дел на Македонија.

Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шакири.

Една минута контра реплика господинот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Шакири, се надевам дека вие се специјализиравте да му поставувате прашања на ДУИ и ова што мене ме прашувате, очигледно се однесува на ДУИ. ДУИ е во власта, не е ВМРО-Народна и ова прашање дали таму Албанците во тие територии кои што сега ги наброивте и кажавте ќе веат албанско знаме, навистина не се однесува до мене, туку прашајте го ДУИ. Тие се предлагачи на овој закон. Вие го искритикувавте. Вие рековте дека нема да го гласате, тие се поддржувачи на Владата и тоа прашање навистина е до нив. Мене ако ме прашате, јас не би сакал никаде да се вее албанското знаме.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Три минути реплика, пратеникот Адеми Абдилаќим.

Повелете господине Адеми.

**Абдилаќим Адеми:** Благодарам господине потпретседател.

И господинот Караџоски, меѓутоа и другите пратеници од опозицијата кои дискутираа тука повеќе се занимаваат со ДУИ отколку со текстот на законот за кој што се дискутира денес. И секогаш поставуваат прашања, за што сте се определиле, кажете ги вашите цели и тн. Мислам дека Албанците воопшто, меѓутоа и ДУИ посебно со потпишувањето на Рамковниот договор во 2001 година сме се согласиле сите и сме се определиле сите, било како партија, било како етничка заедница да изградиме заедничка држава која што се нарекува Република Македонија, каде што сите граани, без оглед на нивната етничка припадност ќе се чувствуваат рамноправни и ќе се почитуваат особеностите на секоја етничка заедница. И сите во тоа време, политичките партии, политичките заедници го потпишале тој Договор гарантиран од меѓународниот фактор и сега. Моето искуство во Парламентот на Република Македонија, опозицијата, посебно македонската опозиција, ниту еден закон кој што произлегува од обврската од Рамковниот договор не го има изгласано до сега. Што значи со потпишувањето, односно со потписот што го ставиле во Рамковниот договор и определбите кои што ни биле заеднички во тоа време тие не ги почитуваат денес што значи нивните ставови зависат од тоа дали се во опозиција или позиција, што не е во ред.

Јас овде би сакал да ги потсетам господинот Караџоски и другите и да се обидам да парафразирам една изјава или декларација на актуелниот претседател на Република Македонија, кој што во тоа време беше премиер и ќе се обидам да парафразирам, беше од прилика вака.

Сум грешел 13 години кога сум мислел дека 30% од граѓаните на Република Македонија без нив можеме да изградиме заедничка држава, алудирајќи тука на тоа дека без албанците не може да се изгради државата во иднина. Мислам дека господинот Караџоски и другите нив не им требаат уште 13 други години за да го разберат ова, затоа што исклучувајќи ги 30% од граѓаните на Република Македонија може да се изгради држава и колку побрзо го разберат ова, тоа ќе биде толку подобро за партијата на која што тие и припаѓаат, тој и припаѓа, меѓутоа и за Република Македонија воопшто и за граѓаните. Затоа што така како што се изјасни тој сака да победи на идните парламентарни избори. Меѓутоа, со овој жаргон и со овој речник како што се изразуваат тие тука, спротивставувајќи ги законите кои што произлегуваат од Рамковниот договор, верувам дека тешко ќе им биде да победат на идните избори, така што не успеаа да победат на локалните избори каде што имаа неуспех.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Адеми.

Една минута контра реплика Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Адеми, значи да се цитира лицето БЦ кое го нарекувате претседател, колку грешел и дали грешел 13 години, или не, не е никакво чудо во Република Македонија, затоа што тоа лице освен што грешел друго и не правел. Најголемата грешка која ја направил, ве убедувам е тоа што ја направи коалицијата со вас. А се друго е, да не зборувам, што помала, што поголема грешка. Друго да ви кажам. Кога ве слуша човек колку убаво зборувате, ќе помисли дека и така мислите. Ама очигледно вие едно мислите, друго зборувате и тоа ви е така извежбана работа. И на крајот трето правите. Тоа е дефиниција што е ДУИ.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Три минути реплика пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам господине потпретседател, навистина кога го слушам господинот Караџоски и другите пратеници од ВМРО-Народна партија, некој може да му завиди како треба да ги искажуваат овие тези и манипулираат со разни тези овде во ова Собрание. Се разбира сета оваа работа што ја вршат и целиот труд што го вложуваат е со единствена цел за да стекнат некој политички поен на теренот. Ова за мене е сосема разбирливо. Но господине Караџоски, вие знаете дека меѓународните натпревари кога се одржуваат во секое место има и меѓународни правила. По автоматизам државното знаме треба да биде присутно, бидејќи без тоа неможе да отпочне еден натпревар, били да се организира на општинско ниво на една држава со една општина од друга држава, со една екипа од друга држава итн. И јас верувам дека вие навистина овие работи ви се познати и јасни и нема потреба да ви објаснувам во оваа насока, бидејќи овие работи ви се јасни. Но, сакате да манипулирате со јавноста и ова е ваше право. Вие говорите, за цело време пратениците на ВМРО говорат дека може, или мора. Овде има разлика помеѓу зборовите може и мора. По автоматизам се подразбира дека станува збор за две знамиња, државно и знамето на етничката заедница. Но, повторно велам, јас ве разбирам, вас ви требаат политички поени и вие нормално имате ваш концепт, можеби ќе продолжите вака, но колку ќе имате успех со оваа работа , повторно ќе кажат изборите.

Додека во однес на Демократската унија за интеграција која е трн во око за вас , затоа што доколку и вие ги добиевте изборите и во македонското гласачко тело и вие ќе имавте коалиција со нас. Но, сега сте во опозиција и ве разбирам дека за цело време говорите дека никогаш немаше да направите коалиција со нас итн. Велам,ќе направевте коалиција со нас, бидејќи е од интерес на оваа држава да ја изградиме заедно независно кој на која политичка партија и припаѓа. И вие овде често пати промовирате разни теми за изгледот на државното знаме и како треба да се регулира државата. Јас му реков на еден ваш пратеник, повелете предложете предлог закон за да расправаме за ова прашање, најмалку да имаме став во нашите претседателства итн, а не да давате предлози ад хок.

**Слободан Најдовски:** Господинот Жарко Караџоски една минута контра реплика.

**Жарко Караџоски:** Господине Алити веднаш да се разбереме. Наша цел воопшто не се политички поени. Наша цел почитуван колега е овој закон воопшто да не биде донесен. Јас реков, се надевам дека вие нема да го гласате и се надевам дека овој закон нема да помине. И да ве убедам и друго. Бидете сигурен дека ќе направиме се како ВМРО-Народна партија овој закон никогаш да не заживее и овој закон никогаш не произведе правно дејство се што ни стои на располагање институционално, законски, и тоа ќе го направиме. А коалиција со ДУИ на крај памет.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Господине потпретседателе, почитувани колеги, господине заменик министер, еве веќе пети ден расправаме за законот за употреба знамињата на заедниците. Денес на почетокот во општата расправа и сега расправата по текстот на законот на почетокот би сакал да кажам дека за мене како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ и како човек воопшто текстот на законот ваков каков што е предложен, односно без прифаќање на ниту еден суштински амандман на ВМРО-ДПМНЕ и на останатите пратеници од опозицијата и дел од позицијата е апсолутно лош закон, лош од повеќе причини. А главната причина ја гледам во тоа што секој закон кога се носи има одредена цел, односно регулира одредена материја. Меѓутоа, овој тип на закони не само не само што регулираат определена материја, туку имаат и една цел поширока општествена во едно мултиетничко општество како што е Република Македонија, а тоа е бидејќи на овој, или на оној начин, директно или индиректно произлегуваат од Орхдскиот рамковен договор. Една од главните цели на овој закон е да внесе хармонија, односно да ја подобри хармонијата по етничкиот соживот, меѓуетничкиот соживот во Република Македонија, меѓусебното разбирање помеѓу мнозинскиот македонскиот народ и останатите етнички заедници во Република Македонија. Вака како што е предложен, посебно со неприфаќање на главните амандмани, на поважните амандмани на ВМРО-ДПМНЕ, сметам дека нема да ја одигра оваа улога, напротив мислам дека со предложениот текст ќе внесе повторно немир кај македонското население во западниот дел на Република Македонија, ќе внесе повторно загриженост кај нив, затоа што за тие граѓани и за граѓаните на Република Македонија, значи на целата територија, сепак официјализирањето на знаме на друга држава и тоа соседна држава на Република Македонија како знаме на етничката заедница и негова официјална употреба на сите државни и локални објекти само посебе ќе значи во најмала рака поделба на суверенитетот, затоа што суверенитетот на Република Македонија , затоа што знамето како симбол секогаш во историјата, во правото, во меѓународното право симболизира територија. И поставувањето на државното знаме на една држава означува суверенитет на таа држава на одредена територија, поставувањето на две, или три знамиња од различни држави значи или дека тука е сместен некој меѓународен орган, или меѓународна организација, или дека таа територија е под меѓународен протекторат, или дека е поделен суверенитетот на таа територија од страна на повеќе држави чии што знамиња се истакнати на тој објект. Ние можеме како сакаме да ги толкуваме намерите, можеме исто така да нудиме разни образложенија, меѓутоа ова е

фактот и ова е она што навистина ги загрижува граѓаните на Република Македонија, затоа што на овој начин се отвора можност, значи со воведување на еден поделен суверенитет на одредена територија на Република Македонија со ставање на знамиња на други држави на локални објекти во најмала рака значи поделен суверенитет, или екстериторијалност на тие единици, на тие објекти, или на таа територија. И едното и другото значи имплицира можност во одреден политички момент одредени радикални цивили и стурктури политички во Република Македонија таа позиција, таа ситуација сега веќе регулирана со закон да можат да ја искористат за отворање на еден процес на федерализација на Република Македонија и процес кој што ќе го разлага територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Мислам дека тоа е суштината и тука нема што да се затскриваме и да се плашиме да проговориме за можноста која што на овој начин се отвора и опасностите кои што можат да се појават пред Република Македонија, ако овој закон се усвои со овој предложен текст.Исто така, граѓаните на Република Македонија, посебно граѓаните македонци кои што живеат во општините и териториите на кои што со овој закон веќе ќе се официјализира употребата на државно знаме на друга држава, на соседна држава, овој закон го чувствуваат како континуитет на Законот за територијална поделба кој што исто така беше донесен со мајоризација, однсно со надлгасување овде на опозицијата. Не беа земени во предвид сите забелешки, беше спроведен референдум. Знаеме на кој начин власта го притискаше со сите можни средства сопствениот народ за да не излезе и не го искористи своето демократско право на тој референдум. Така што мислам дека со Законот за територијална поделба каде што во многу градови . . .

**Слободан Најдовски:** Господине Китаноски, веќе дискутирате пет минути, мислам дека отворивме расправа по текстот на законот. Јас не навлегувам во вашата дискусија дали има оправданост, или не, но не е по овој дел каде што е претрес по текстот. Затоа би ве замолил да продолжите по текстот на законот.

**Илија Китаноски:** Апсолутно е по текстот, затоа што се однесува на импликациите кои што ќе се појават и предизвиците и опасностите кои што можат да се појават пред Република Македонија како унитарна држава.

**Слободан Најдовски:** Господине Китаноски тоа е по општата расправа. Почитувајте го Деловникот.

**Илија Китаноски:** Ако се прифати ваквиот текст и затоа на овој текст предложивме редица амандмани кои што не беа прифатени, беа одбиени. И најмногу се однесува на член 2, став 2, од овој закон за кој што подоцна подетално ќе се осврнам. Значи, во суштина со прифаќање на ваквиот текст на законот ќе дозволиме на 1/3 од територијата на Република Македонија да се вее знаме на друга држава, без разлика тоа знаме една етничка заедница го чувствува како свое, дека е тоа нивни историски симбол итн. Апсолутно немаме никаква намера ниту да го оспоруваме тоа, ниту можеме да го оспориме. Меѓутоа, со самиот факт што една соседна држава тоа знаме го прогласила за државно знаме на таа држава, мислам дека сите овие претходно искажани констатации од моја страна едноставно ја доведуваат во прашање можноста за користење на исто, потполно исто такво знаме како знаме на етничката заедница во Република Македонија токму заради импликациите кои што истакнувањето на тоа знаме бидејќи во исто време потполно исто и по форма и по облик е знаме на друга суверена држава. Значи, се отвораат можности и за идни импликации, идни компликации, идни опасности за суверенитетот на Република Македонија и тоа е така. Тоа треба да се каже и тоа е една од причините заради која што го предложивме амандманот на член 2, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и останатите колеги од другите пратенички групи од опозицијата, па и некои колеги од позицијата со кои што едноставно значи без никакви други претензии ниту некому нешто да додаваме, ниту да одземаме, ниту да цртаме, туку едноставно да се ограничи употребата на државни знамиња на други држави на територијата на Република Македонија. И тој став, тој амандман не беше прифатен, а со самото негово прифаќање мислам дека и оваа расправа и сета вжештена дискусија и целокупната атмосфера ќе беше поинаква ако се имаше малку разбирање само за суштинскиот и формално-правниот карактер на член 2 чии што импликации претходно ги наведов, а и понатаму ќе ги образложам подетално. Значи, ако се прифатеше тој амандман практично знамето кое што го избрале и го употребуваат заедниците во Република Македонија за изразување на својот идентитет и особености неможе да биде идентично со знаме на друга држава. Навистина искрено не гледам што е тука националистичко, што е тука ограничување на права, туку едноставно само оневозможување на секаков начин обид, можност за оневозможување на секакви отворања на разни темни сценарија за иднината на унитарноста и на суверенитетот на Република Македонија. Само тоа, ништо повеќе, меѓутоа и ништо помалку од тоа. Тој амандман како што знаете беше отфрлен со образложение од предлагачот, не се прифаќа, со образложение од колегите пратеници од позицијата вакви, или онакви кои што навистина ниту ние како пратеници, а ни голем дел од македонската јавност неможе да ги прифати, затоа што од претходно кажаното навистина причината, мотивот и добрата намера се изразува точно во овој амандман на членот 2. И ќе повторам, ништо повеќе и ништо помалку од тоа. Значи, сите други импликации, додавки, коментари и разни други третмани на оваа тематика навистина не сакам посебно да ги коментирам.

Она што понатаму во текот на амандманската расправа се случи, и самите амандмани на останатите членови на член 5, на член 6 поднесени исто така од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и од пратениците на опозицијата, но и на позицијата, практично беше еден обид да се заштити употребата на државното знаме на Република Македонија , односно да се овозможи во секој случај задолжителна негова употреба при секое истакнување и употреба на знамето на заедниците што во најголем дел, односно во двата члена и во повеќе ставови и алинеи од овие членови не беше децидно кажано и за кое што исто така потрошивме два дена во расправа, дури беше и присутна во еден краток период и министерката за правда, меѓутоа амандманите и на тој дел беа отфрлени за да наредниот ден Владата не изненади со исти такви амандмани во содржина, или малку видоизменети со кои што практично во суштина се прифатија оние укажувања кои што генерално се однесуваат само на заштита на употребата на државното знаме на Република Македонија , односно цврст облигаторен однос на сите носители на сите оние кои што ќе им биде дозволено да ги истакнуваат знамињата на заедниците на објектите од државен и локален интерес,Значи, се зајакнува облигаторниот карактер на овие членови и Владата, значи,предлагачот очигледно несакајќи веројатно, изгледа и тука повторно имаме еден вид на политика или политичка борба каде што практично исти ставови, исти суштински измени се отфрлаат во претходниот ден, а наредниот ден утрото се предлагаат како амандмани на Владата. Меѓутоа, тоа е веќе работа на некоја суета на предлагачот на Владата, или на нешто друго, незнам. Меѓутоа, не е ни толку битно, бидејќи сепак тоа е само форма. Битно е дека сепак суштината горе долу беше запазена со овие амандмани.

Меѓутоа, ќе повторам, бидејќи со предлагање на овие амандмани што станаа составен дел на закконот, а што се истоветни со амандманите на опозицијата и на ВМРО - ДПМНЕ, практично се овозможи еден вид на заштита на државното знаме, односно негово истакнување во сите оние пригоди и прилики што се предвидени со овие членови што следуваат понатаму, а каде што не беше облигаторно кажано дека мора да се истакне и државното знаме на Република Македонија. Меѓутоа, почитувани колеги навистина прифаќањето на овие амандмани преку амандмани на Владата не е ништо друго туку поправање на веѓите откако си ги ископавме очите.

Значи, буквално, суштината на целата расправа, како што и претходно кажав, со што голем дел од колегите во своите дискусии, без разлика дали ги поддржуваат амандманите на член 2, став 2, од страна на опозицијата или не, се сведува на тоа дека главната работа и суштината се токму амандманите или амандманот што ВМРО-ДПМНЕ го поднесе на член 2, а тоа е да се ограничи употребата на државното знаме на друга држава на територијата на Република Македонија, како знаме на било која етничка заедница.

Ништо повеќе и ништо помалку и навистина, ќе повторам уште еднаш, нема, буквално и сите останати амандмани што после тоа следуваат, да беа прифатени, многу малку ќе се променеше од суштината и многу тешко ќе можеше и граѓаните и нас како пратеници да не убедите дека законот е добар, дека ќе ја оствари целта и намената за која што и е предложен, а тоа е хармонизација на меѓуетничките односи во Република Македонија меѓу мнозинскиот македонски народ и етничките заедници, како една од обврските, на директен или индиректен начин, од Охридскиот Рамковен договор.

Меѓутоа, ќе повторам, вака, со неприфаќањето и со овој текст што сега се нуди, мислам дека ефектот ќе биде обратен. Дека, навистина, овој закон апсолутно нема да придонесе, туку може да влијае и дестимулирачки и на подобрување на овие меѓуетнички релации во Република Македонија .

Тоа што беше во членот 1 од амандманите на пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ, што исто така после овој амандман, меѓутоа, е неспоредливо со важноста на амандманот и член 2 став 2, тоа е неспоредливо во однос на сите други амандмани, е на членот 5, каде што навистина, практично со членот 5 обврските што произлегуваат од Рамковниот договор и тоа што значи употреба на симболите во единиците на локалната самоуправа каде што е мнозинска етничка заедница, се рушат, практично, односно се надградуваат, се толкуваат и се прошируваат практично дејствието на текстот на овој закон со тоа што се вметнуваат, како објекти што како израз на идентитетот на етничката заедница ќе биде дозволено поставувањето на знамето на етничката заедница и јавните служби и правните лица основано од државаа. Значи, сите државни објекти, буквално сите објекти на државната администрација, на државната власт, што сметам дека исто така е многу битна и важна работа. Едноставно, излегува надвор од онаа што го претставува суштината на законот и мислам дека апсолутно е непотребно и апсолутно ќе доведе до едни ситуации што буквално, бидејќи се работи веќе сега за државни органи, не за органи на единиците на локалната самоуправа, да прво објектите и тие државни органи бидат е дноставно во нерамноправна положба. На едни објекти, од ист државен орган, од исто министерство или од иста јавна установа да биде истакнато само државното знаме на Република Македонија, додека во друга општина, на друг дел од територијата на Република Македонија да биде истакнато и знамето на етничката заедница што е во мнозинство во таа општина, а државниот орган и функцијата што ја врши е иста и во таа и во едната и во другата.

Исто така, ќе доаѓаме до едни ситуации, поради кои што попластични примери, тие беа неколку пати спомнати во текот на амандманската

расправа и на почетокот, во текот на општиот претрес, дека ќе имаме ситуации, бидејќи се работи за знаме на друга, суверена држава, што ќе биде истакнувано како знаме на етничката заедница, при посетата на високи претставници од таа држава, да на државните објекти се веат две знамиња на таа странска држава и едно знаме на државата Република Македонија што е домицилна, односно каде што се наоѓа објектот и чиј орган претставува тој објект на кој што се поставени тие знамиња. Тоа е само еден попластичен пример како тоа би изгледало во стварност и што би значело. Обидете се тоа после да им го објасните на граѓаните што значи и обидете се да ги толкувате. Имаше такви обиди, меѓутоа, верувајте, многу тешко тоа да им се објасни и да го разберат онака како што некои со сила се обидуваат да го разберат.

Да не должам многу, на крајот сметам дека со неприфаќањето, генерлно амандманите на ВМРО ДПМНЕ и посебно на амандманот на член 2 став 2, текстот на овој закон е апсолутно неприфатлив, текстот на овој закон напсолутно не ги исполнува целите за кои што е наменет, а со тоа и самиот закон, наместо целта за која што треба да се донесе, ќе делува обратно и ќе има многу, многу, негативен ефект и врз тоа што значи меѓуетнички соживот во Република Македонија.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Има збор пратеникот Стојаноски Блаже.

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Основното прашање на кое што треба да одговориме е што треба да се постигне со овој закон? Дали целта на овој закон е членството Европската Унија или асоцијација на Република Македонија во НАТО алијансата? Или, целта е регулирање на правото на припадниците на заедниците слободно да го изразуваат совјот идентитет и особеностите на своите заедници? Или пак, целта на овој закон е истакнување на сувереноста на колективитетот врз одредена територија, изразено преку знаме на друга држава? Или пак, она што се сака да се постигне со овој закон е уште еден исчекор после легализацијата на Тетовскиот Универзитет, после исцрпувањето на границите на општините врз етнички принцип, после бришењето на македонците по род по Законот за државјанство? Дали целта на овој закон е верификација на колективитетот, како носител на суверенитетот, наспроти членот 2 од Уставот на Република Македонија кој, како единствен носител на суверенитетот на државата ги одредува граѓаните на Република Македонија?

Да почнеме од називот на законот. Закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија. Ваквиот назив на законот зборува за намената да се покаже дека не постои еднаквост помеѓу државното знаме на Република Македонија што е израз на суверенитетот на граѓаните на Република Македонија и знамињата на заедниците што треба да бидат израз на националниот идентитет, на етничката посебност на заедниците, на нивната култура, на нивната традиција. Но, намерата, со ваквиот назив на законот е и да се покаже дека целта на овој закон не е да се навлегува во прашањето за носителот на суверенитетот на Република Македонија, што е определен во членот 2 од Уставот.

Но, како што обично се случува, "патот кон пеколот е поплочен со добри намери". И, веднаш, уште во членот 2 од овој закон се навлегува во суверенитетот на Република Македонија што се доведува во прашање со употреба на знаме на друга држава, која преку истото знаме го изразува суверенитетот на нејзиниот народ. И, така се случува, на еден од основните белези на државата, а тоа е најзината територија, да се употребуваат два изрази на суверенитет. Еден на Република Македонија, а друг на Република Албанија или на некоја друга држава.

На тој начин, дефинитивно се проблематизира носителот на суверенитетот на територијата на која се истакнуваат две знамиња што се израз на различни суверенитети.

Дали со решението од членот 2 од овој закон се легализира суверенитетот на албанската или некоја друга држава на територијата каде се вее нејзиното знаме или пак се лелгализира исклучок, во членот 2 од Уставот на Република Македонија, според кој, поракј граѓаните на Република Македонија, носители на суверенитетот на државата се и етничките колективитети.

Ако се прифати првата опција, тогаш се проблематизира териториjалниот интегритет на државата на Република Македонија.

Ако се прифати второто објаснување, тогаш се проблематизира унитарниот карактер на Република Македонија со ефектуирана децентрализација, како решение што беше прифатено во Охрид и вградено во Уставот и законите на Република Македонија.

Оттука, прашањето што треба да се постави е како да се надмине проблемот од членот 2 на овој закон? Тоа може да се реши на два начини:

Прво, употреба на заедницата што ќе биде различно од знамето на друга суверена држава.

Второ, прифаќање на едно државно знаме, преку кое ќе се идентификуваат сите граѓани на Република Македонија како носители на државниот суверенитет, независно од нивната етничка припадност и употреба на општинско знаме што, согласно Законот за локална самоуправа мора да биде различно од знамето на друга држава.

Само на еден од овие два начини може да се затвори на проблематизирање на суверенитетот на државата. Другите прашања, што се последица на членот 2 од овој закон, се само логична последица на проблематизирањето на

државниот суверенитет преку употребата на знамињата.

Така, со членот 3 се санкционира знамето на етничката заедница, како израз на друг суверенитет, што е различен од државниот. Поради тоа, со овој член се овозможува употреба на друго знаме, покрај државното, во јавниот и службениот живот. Значи, пред државните органи и сите други институции што имаат државно значење. Потоа, се продолжува, со давањето можност за употреба на знаме на етничкиот колективитет, како државно знаме за време на државни празници, при посета на претседател или премиер на странска држава, потоа при меѓународни средби, надпревари и други собири. Секаде каде треба да се истакне дека државното знаме не е единствено знаме што е израз на државниот суверенитет, туку покрај него и заедно со него израз на државниот суверенитет и знамето на колективитетот. Значи, секаде буквално секаде, како израз на државниот суверенитет, покрај државното знаме се истакнува и знамето на етничкиот колективитет. Се проблематизираат граѓаните како носители на суверенитетот на Република Македонија и дефинитивно, Македонија навлегува преку овој закон во други води што не значат почитување на принципот на граѓанска држава.

Затоа, овој закон може да се дефинира како закон за изразување на двоен суверенитет во Република Македонија. Посебно на граѓаните, посебно на колективитетите.

А, кога зборуваме за двоен суверенитет, мора да истакнеме дека таков постои само во федерации или конфедерации, каде народите, како носители на суверенитетот на федералната или конфедералната единица пренесуваат дел од својот суверенитет на заедничката федерација или конфедерација.

И на крајот, знамето претставува и симбол на лојалноста. Кон кого се покажува лојалност при употреба на знаме на друга држава? Основните принципи на меѓународното право се суверената еднаквост, територијалниот интегритет и политичката независност на државите. Со овој закојн се нарушуваат сите овие принципи.

Република Македонија, не потврдува, ниту зајакнува било кој од овие принципи. Ниту го потврдува и зајакнува суверенитетот, ниту го зајакнува територијалниот интегритет, ниту пак станува политички по независна.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Стојановски.

Повелете господине Оровчанец, имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, претставници од Владата, драги колеги,

После долги и обемни дискусии по повод Предлог-законот и амандманската расправа, континуирано со многу грешки стигнуваме до крајот на формирањето на дефинитивно еден лош закон. Лош закон кој што е оправдување за нашата потреба да ги исполниме оние услови што ги наметнавме како обврска од Рамковниот договор. Меѓутоа, очигледно е дека власта, освен потребата за заокружување на прашањето на Рамковниот договор, воопшто не се осврнува на она што овој закон нуди, воопшто не се осврнува на она што од овој закон ќе произлезе и мислам дека по линија на помал отпор тргнала во една постапка, практично да се донесе закон што ќе го крсти како закон што произлегува од Рамковниот договор, меѓутоа тоа ќе биде закон за легализазција на лошата пракса во Република Македонија. Наместо работите да ги исправаме, ние само ја легализираме лошата пракса што ја имаме.

Од тие причини, можам да констирам дека ова веќе не е Закон за употреба, ова станува закон за злоупотреба на знамињата во Република Македонија .

Токму поради тие причини и Владата а и позицијата што го брани тој став, континуирано се повикуваше на обврските од Рамковниот договор и Рамковниот договор како таков. Меѓутоа јас, овде, веќе после овие три години и она што се нуди и како се дефинира од Рамковниот договор, почнувам да се запрашувам за кој Рамковен договор, дали е тоа Рамковниот договор од Охрид потпишан во Скопје на 13 август 2001 година или е ова Рамковен договор потпишан, неформално, во Шипковица меѓу СДС и тогаш ОНА која што понатаму произлезе во политичка структура, наречена ДУИ?

Очигледно е, ако Рамковниот договор го преточивме во Уставни амандмани и тие уставни амандмани се практично нешто околу што треба сите да застанеме, тогаш нивната континуирана злоупотреба што за овие три години континуирано се случува, финализира практично со овој закон.

Круцијален дел на овој закон е практично членот 2. Јас мислам, доколку членот 2 не беше таков каков што е во овој текст на законот, ние скоро да ќе немавме дискусија за овој закон и можеби тој закон ќе поминеше и незабележано во Парламентот и во јавноста.

Што е битно околу овој член 2? И од она што како дискусија во Собранието произлезе? Таму има два става и тие два става токму ја детерминираат и ја отсликуваат реалната состојба на расположениeто и кај пратениците, претпоставувам и кај јавноста и токму во тој прв став, очигледно е, по немањето дискусија, по немањето амандмани, за првит став, воопшто отсуство на било каква полемика, па и во јавноста, дека постои еден консензус околу тоа прашање дека етничките заедници треба да имаат симболи што ќе го изразуваат нивниот идентитет. Јас мислам дека тука немаше ниту еден пратеник во Собраниево кој воопшто околу ова прашање потегна било каков дијалог, разговор, опортунизам или било што би демантирало еден ваков став.

Околу ова прашање потегнав било каков дијалог, разговор, опуртунизам или било што, што би го демантирало еден ваков став. Со други зборови правото на употреба на симболи, дефинитивно е прифатено како став, меѓутоа, ставот 2 во членот 2 дефинитивно веднаш укажува на она што е и против Рамковниот договор и она што е легализација на лошата пракса, затоа што вели дека, што го избрале, што значи е веќе минато време, не што ќе го изберат. И, од тие причини зборуваме за знаме и низ целата дискусија овде по тој член 2 став 2 произлегува дека постои само една опција на изразување на симболот на етничката заедница, конкретно на албанците, а тоа е какошто тие го нарекуваат националното знаме, меќутоа, сепак овде зборуваме за знаме на сосема друга суверена држава. Овде, дефинитивно ние ги кршиме сите кодекси на етичко, морално или било какво однесување и наше како пратеници, што практично мене ме доведува во една ситуација да размислувам дали ние навистина сме малоумни или Владата не прави малоумни или воопшто доаѓаме до една ситуација апсурдностите да почнуваме да ги третираме како нормални ставови и така упорно да ги браниме. Се надевам дека во оваа држава во системот на влста и системот на она што претставува државна структура и апарат постојат полни глави и од нас и од Владата и дека Уставниот суд ќе треба да се изјасни како што треба да се изјасни односно да не извлече од оваа шизофренија во која сме влезени сите, во потрагата по новите вредности, по пострамковниот период за да докажеме колку сме блиску во решавањето на меѓуетничките односи. Правиме такви глупости, правиме поголеми штети меѓуетнички, отколку што и треба да си дозволиме во еден ваков посткризен период. Меѓутоа и Веховниот суд кога ќе реагира, а мора да реагира со еден ваков предлог со профилирање на јавно мислење дека е тоа така, а не е така, ќе дојдеме во ситуација да се браниме од една ситуација дека наопаку ги тераме работите. Зошто нема ама никаква потреба  да биде државно знаме на друга земја. Како сакате и практично и теоретски и експертски и со меѓународни некои стандарди овде бевме убедувани од позицијата дека таква пракса постои незнам каде и како, меѓутоа, очигледно дека сето тоа се издемантира и дека се тоа само работи кои се кажуваат за да се оправда овој член, со кој што практично се врши легализација на оваа лоша пракса.

Како примерт би посочил една состојба во која се наоѓаме и во која го донесуваме овој закон. Имаме ситуација кога во Кондово, еве со месеци, јас мислам дека тука и претседателот на државата веќе интервенира дека оваа работа станува хронична и недозволено е таков долг период ништо да не се преземе, каде што се вее ова знаме за кое што овде сега го легализираме, а од другата страна на границата се вее истото тоа знаме, а меѓувреме не можеме да ја демаркираме границата. Па, за кој суверенитет и на која држава ние зборуваме. Овде слушавме некои објаснувања за поделби, ова се поделбите кои вие дефинитивно ги реализирате. Дали може да се направат други решенија. Сигурно, да. Меѓутоа, очигледно нема ни добра волја за компромис, нема волја за интегративните процеси во Република Македонија и тоа токму од владеачките структури. Дали можеме да дојдеме и до сосема друго решение. На пример, знамето кое го имаме како државно знаме не е национално знаме, тоа е државно знаме. Дали можеме да дојдеме до политички договор, да направиме ново знаме во кое ќе се идентификуваат сите заедници по некои принципи. Дали ќе бидат тоа боите на заедниците, дали ќе биде нешто друго, но постојат принципи. Значи, нема таква волја очигледно. По мене, ова прашање ние би требало да го покренеме на едно повисоко ниво и за оваа работа, сепак, да побараме меѓународна експертиза, затоа што очигледно овде во име  на Меѓународната заедница се крши основниот меѓународен стандард кој постои околу суверенитетот на една земја и на една територија.

Друго, што влеговме во некои работи кои штона некој начин можам да ги толкувам дури и на перверзен начин, а тоа е начинот на употребата . Повторно почнавме да измислуваме нешто што веќе е дефинирано. Во 2002 година беше донесен Законот за локална самоуправа како системски закон, што на некој начин претставува како таков закон мини устав на локалната самоуправа или мини устав на втората власт односно локалната власт. Таму во член 47 дефинирано е низ многу дискусии и во присуство на меѓународни експерти тој Закон е донесен. За тој Закон, вие знаете, овде се водеа крупни дебати, долго траеше, меѓутоа текстот со тогашниот претставник Ален Лероа беше дефинитивно прочистен и тој член 47, каде што се кажува како и на кој начин се употребуваат знамињата, како се доаѓа до тие одлуки. Тоа е регулирано таму, и тој закон е потврден од Меѓународната заедница. И, наеднаш овде имаме член 8 каде што се врти знамето од лево, па од десно, незнам ваму, таму, тоа ти е исто кога имаше една ситуација овде во Собранието се мислеше дали Република Македонија ќе биде независна или не, па некои кои не знаеа и беа на пола пат, овде каде што е грбот на Република Македонија ја држеа сликата на Јосип Броз Тито во поголем формат, а после од лева и од десна страна ги држеа сликите на Гоце Делчев и Никола Карев за да се дефинираме и идентифицираме како македонски субејкти. Да престанеме со таа пракса, 15 години ја тераме таа пракса, И, сега, наместо нешто што е веќе направено, овде повторно во член 8 се нуди нешто што е перверзија. Јас би сакал да завршам со потребата да кажам дека овој закон Владата би требало во даден момент и да го повлече. Ова е закон кој штона долг рок предизвикува неволји, дефинитивно го нарушува суверенитетот на Република Македонија , го успорува да не кажам го стопира или оди во дезинтегративен процес и

она што како Рамковен договор е направено за да дојдеме до интегративни механизми и процеси кои треба да еволуираат до тој степен, на крај сепак ние да имаме една граѓанска демократија во оваа држава, ние фативме сосема друг правец и мислам дека од тоа нема да се офајдиме како држава, како граѓани, како народ. Доколку ова не се случи, сепак, еве јас лично ќе поставам барање и до меѓународните експерти, а и ќе поднесеме како партија сигурно до Уставниот суд, затоа што ова е закон со кој што ние даваме еден од последните удари на Република Македонија онака како што сакаме да биде, декларативно сите. За мене, искрено сакам да биде таква и ако не успееме во сето тоа, мислам дека она што ќе произлезе од сето ова, за нас ќе биде секој ден пропаѓање и пропаѓање.

Свеста на СДСМ би требалод а биде на едно повисоко ниво, затоа што сепак не се работи овде само за исполнување на Рамковниот договор во декларативна смисла, треба да го исполниме, меѓутоа, да го направиме онака како што треба.

Јас ве повикувам да не гласате, затоа што на тој начин како пратеници ќе спречите нешто што следи во понатамошниот тек по изготвувањето на овој закон. Со други зборови, ве замолувам а и ви кажувам дека ќе се борам да не дојде до заживување на овој закон кој што е во спротивност и со Уставот и со интенцијата на развојот на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Оровчанец. Ако нешто ви значи јас мсилам дека во овој Парламент нема малоумни пратеници, но ако прашате дали има слободоумни, за тоа можеме да отвориме расправа. Благодарам.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, јас го изразив моето мислење дека се чувствувам во вакви услови малоумен и се надевам дека и другите не се малоумни.

**Љупчо Јордановски:** Не, јас велам дека нема малоумни, но дали има слободоумни за тоа можеме да отвориме расправа.

Госпоѓо Којзеклиска, повелете.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам.

Господине претседател, мала дигресија со она што беше ваш коментар сега дали има малоумни или има слободоумни. После оваа расправа од две недели има луди и збунети. Тоа го знаете за лудите и збунетите. Кога беше општиот претрес барав од Владата и од колегите пратеници да кажат кои сме ние дали сме лудите или збунетите, ама да прецизираат конкретно, како што е прецизирано со законот. Се сложувам со колегата Оровчанец дека името на овој закон не требаше вака да гласи, да си стои предлог за донесување на закон за злоупотреба на знамињата на заедниците во Република Македонија. Од таму ќе почнам.

Расправата која траеше две недели укажува на фактот дека точно се работи за злоупотреба, меѓутоа, злоупотреба во малку поширока смисла. Фактички, со овој закон се маргинализира употребата на знамето на Република Македонија или државното знаме, наспроти фаворизирање на знамето на единиците на заедниците или поконкретно на албанската заедница.

Прво, што ќе кажам, јас минатиот пат реков дека е 148, а ова ќе му дојде 149 пати како велам дека ова не е во согласност со Рамковниот договор. Со тоа да бидеме начисто. Не образложувам зошто, за да не се повторувам. Факт е дека во Република Македонија недостасува закон за знамињата на заедниците, но исто така многу пати до сега слушнавме од колегите до ДУИ во однсо на членот 2 став 2 под знаме согласно член став 1 од овој член и т.н., ние утврдивме, всушност, слушнавме дека националното знаме вакво какво што е сега на црна основа црн орел, двоглав орел, тоа е знаме кое е утврдено со Уставот на Република Албанија. И, ние сега, поточно вие албанците барате тоа знаме кое е утврдено во Уставот на Република Албанија да го применувате во правниот поредок и да го истакнувате така како што е предвидено со овој закон во Република Македонија. што значи во една друга суверена држава. Јас ќе ја прифатам забелешката која претседателот ми ја даде пред малку во фоајето, во која многу пати пратениците грешат и велат знаме на туѓа држава, значи сега да се прецизираме знаме на друга држава, не на туѓа туку на друга држава. За жал, во овој случај ни е соседна држава и која има интенции со така поставување на знамиња на територијата на единици на локална самоуправа, каде мнозинство се припадници кои се над 20%, тука се наоѓа тоа независно Косово и сега си ја обележуваме територијата како она што го прават некои животни.

Имаме Одлука на Уставен суд од 1997 година, некои од колегите од ДУИ ја маргинализираат Одлуката. Имаме Закон, актуелен закон за знаме, грб и химна на Република Македонија и тој Закон се маргинализира или конкретно се преземаат одредби од тој Закон, со кои се бара да се употребува знамето на заедницата во овој предлог ваков каков што е даден, она што секако одговара на албанската заедница, а она што не одговара си останува да си важи во Законот за грбот, знамето и химната на Република Македонија.

Во целата амандманска расправа која постоеше, посебно ми беше интересен оној амандман на членот 6 со кој се бараат колегите од ДУИ од другите заедници, тие си бараа нов член, воведување на нов член 6-а за кој вчера јас имав коментар. Бараа во единиците на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедници и не се мнозинство во таа единица, можат да го истакнат знамето на таа заедница пред и во месните самоуправи, како и пред образовните и културните установи. Значи, колегите од Демократската унија за интеграција заедно со Рафет Муминовиќ, Кенан Хасипи, Гајуп Сарач и т.н., предложија амандман со кој се бараше и припадниците кои не се мнозинство. И

вчера коментирав на тоа и денес и сеуште не можам да се изначудам како колегите од другите заедници, не од албанската заедница, затоа што тие си направија знаме, не им треба на нив ништо повеќе, се нафатија со еден член да се регулираат правата, дури и имавме закани од колегата Фазли Велиу дека доколку не се прифати овој амандман тие ќе гласаат и против законто за употреба на знамињата на заедниците.

Лично сметам дека не е суштински членот 2 ставот 2. Суштински е целиот закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија. Нема член на кого нема забелешки, освен оние казнани одредби и онаа одговорност на лицето кое ќе биде определено од страна на Советот на локалната самоуправа, кое е надлежно да го поставува знамето вака или така. Како ќе биде практичната примена на овој закон, јас се трудев додека траеше амандманската расправа да ви објаснам, почитувани колеги, на што ќе личиме ние, се трудеа и други колеги да ви објаснат, меѓутоа, од онаа леснотија како ги отфрлавте или гласавте против амандманите со кои се бараше во членот 4 , во членот 5, во членот 6, покрај знамето на Република Македонија, кое постојано треба да биде истакнато, дека може да биде истакнато и знамето на таа заедница кое е мнозинство во единиците на локалната самоуправа. Јас искрено сметам дека вие уште еднаш докажавте дека ниту сте за унитарна Македонија, ниту сте за заедничко одење кон толку кажуваната Европска унија и НАТО-структурите.

Единствена цел, нормално ви е бинационалност на Република Македонија и вака како што тргнало со сите оние желби што ви се исполнуваат на вашите замислени барања, јас сметам дека ние до крајот на мандатот ќе стасаме и до таа критична фаза. Не знам уште какви се зборови треба да употребам за да ме разберете, да кажам дека овој предлог е страшен, небулозен, иритирачки, непристоен предлог, ама можам слободно да констатирам, слободно со жал и нема да биде крај на ваквите непристојни предлози и постојано ќе се вадите на спроведување на Рамковниот договор, наспроти како што рече колегата Јанаќе Витановски, наспроти сега да дебатираме за економија, за земјоделство и тн. она што го тангира секој граѓанин, ние сега треба да зборуваме за знамето. И, уште еднаш искрено да ви кажам колеги Албанци сакам да видам кога ќе почне да се применува ова знаме ќе дојдам во Тетово, Гостивар во Дебар и ќе гледам како Албанците ќе стојат под знамето, ќе го гледаат и ќе уживаат во знамето, националното кое се вее. Јас би сакала да видам како ќе изгледа тоа уживање, каква ќе биде нивната реакција кога ќе го гледаат знамето на албанската заедница, која патем речено е знаме на друга држава.

И, да завршам, ќе се повторам можеби вака ќе ви влезе во уши, досега очигледно не ви влегуваше, значи Џими...

**Љупчо Јордановски:** Ве молам госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Џими од Нигерија 20 години живее во Штип, дошол како средношколец и останал тука во Штип и тој вели вака: "Да ја сакаме Македонија оти друга Македонија немаме". И сега пак ќе ве прашам или ќе констатирам, значи, Џими се стегнал е, е, е, од Нигерија да дојде во Македонија, да живее 20 години и да си ја сака таа држава како сопствена држава, ама вие почитувани колеги, јас знам дека е смешно за вас, ама трагично е малку, тој разбрал, вие не можете да разберете. Можеби ќе го замолам Џими нигериски да ни напише како се вика тоа да го кажам на говорница, можеби така ќе ме разберете, бидејќи следи законот за употреба на јазици. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Е, сега, јас да сум позиција би ти рекол, ќе видиш ти. (Смеа во салата).

Господине Аднан Јашари имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател. Доколку внимателно сум ја следел и денешната расправа по текстот на овој Предлог-закон слободно можам да констатирам дека сепак речиси сите пратенци од опозицијата повеќе имаат спротивставување односно се спротивставуваат на членот 2 од овој текст. Преку ова спорење се сака да се направи пресија, притисок на тоа да се измени или да се разликуваат знамињата на етничките заедници од државното знаме. Алудирајќи тука сепак и на знамето на албанската етничка заедница.

Во оваа прилика уште еднаш ќе ми дозволите да повторам две прашања кои што во суштина не се во согласност со ставовите од опозицијата. Прво, ќе повторам уште еднаш, историски воопшто во целина сите знамиња на етничките заедници, сите знамиња на определени нации во определен развој после некој определен период станале државни знамиња. Во овој контекст ова важи и за албанското национално знаме кое што во 1912 година стана и државно знаме. Сепак сакам да нагласам едно прашање кое до сега не е нагласено. Ние преку ова знаме ја изразуваме нашата национална или народна припадност. Албанците од Албанија повеќе од вистина дека преку овој симбол и преку ова знаме ја изразуваат својата национална припадност, меѓутоа и државна припадност, и тука нема никакви дилеми.

Албанците од Косово преку ова знаме ја изразуваат својата национална припадност така како што сакаме и ние да ја изразуваме оваа припадност преку овој национален симбол. Во оваа прилика би нагласил дека државната припадност на косоварите ќе оди сигурно со некој друг симбол. Ова го велам од причина што поради определени политички цели опозицијата во овој контекст посакува сепак ова прашање или прашањето на изразувањето на припадноста да го комплицира со тоа дека ние преку овој симбол не ја изразуваме оваа припадност туку некоја друга припадност, што не е вистина. Ќе повторам

уште еднаш ние преку овој симбол сакаме да ја изразуваме само нашат национална припадност, никако државната.

Второ, зошто мислам вака има уште еден друг факт кој што има повеќе правен карактер. Доколку внимателно се разгледа преамбулата на Уставот на Република Македонија каде покрај другото ние се сметаме како дел на албанскиот народ, тогаш се поставува едно едноставно прашање, дали може да се случи еден народ со една определена етничка припадност кој што живее на неколку места или во неколку држави својот нациоален идентитет може да го изразува со различни симболи. Ова го велам од причина што, ете повторно ќе повторам...

**Љупчо Јордановски:** Време е да ве потсетам и некој член од законот да го спомнете.

**Аднан Јашари:** Член 2. Значи и членот 2, дали можеби во овој контекст доколку ние прифатиме да се направат измени во оваа насока дали ќе се сметаме и понатаму како дел на оваа нација или овој народ. Ова е едноставна причина зошто, а ќе повторам уште еднаш, јас не го поддржувам ставот на опозицијата овде во Парламентот.

Сакам да нагласам уште нешто што не е нагласено во претходната расправа. Анализирајќи една книга која што ја зедов во Библиотеката на Парламентот, мала енциклопедија, во еден дел таму каде што се говори за знамиња наидов на овие констатации. Помеѓу знамињата, зборувам во меѓународната практика, значи, меѓу разни држави сум наишол на знамиња кои што во суштина се многу слични. Еве ќе земам само еден пример Луксембург и Холандија, знамињата на овие две држави се составени од три бои кои што се буквално идентични. Црвена боја, во средина е белата, и на крај е сината боја. Повелете, видете и ќе видите дека тоа е таа констатација.

Италија и Ирска, горе зелена боја, во средина бела боја и на крај црвена боја за Италија, додека не толку црвена, светло црвена е за Ирска. Говорам за разлика меѓу држави.

Поделбата на двете германии и создавањето на двете германии Демократската и Социјалистичката Германија ги разликува само еден симбол, говорам за државата, поранешната држава на Демократска Република Германија и Социјалистичката Република на Германија. Буквално се слични, се разликуваат само со еден мал знак, говориме за држави, не за нации. Ова го нагласувам затоа што, уште еднаш ќе кажам, читајќи ја оваа книга, оваа мала енциклопедија видов дека помеѓу припадниците на одредени етнички заедници иако живеат во определени држави, разлики не сум нашол, меѓутоа имало мали држави меѓу државите, што значи знамето како симбол или знак може да се употребува за изразување на државните разлики, меѓутоа кога станвуа збор за определени етнички заедници или припадници на определените етнички заедници во оваа насока мое мислење е сепак без оглед што живеат во различни држави разлики не треба да има. Ова го нагласувам, пак ќе повторам, поради еден, едноставен факт, се зборува за изразување на националната припадност, а не државната. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали има некој реплика?

Господине Мавровски, повелете имате три минути реплика.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитуван колега, апсолутно не ни помогнавте зошто опозицијата со ова што ги предложи сите амандмани, а Владата не усвои ништо, а вие со вашиот говор само кажавте дека опозицијата е потполно во право и ова што го предлагате апсолутно е несвојствено затоа што и самите во вашиот говор мислам, влегувате во колизија, кажувате дека знамиња на исти држави можат да бидат исти и тука апсолутно нема да има никакви проблеми, но знамето како етнички симбол апсолутно не може да се промени и тоа мора да биде такво какво што го искажува етничката припадност на малцинството или народот кој што се гледа во тој симбол. Тука мислам дека е цела колизија во ова што вие го говорите досега затоа што во членот 2 многу добро стои дека под знаме во смисла на став 1 од овој член се подразбира знаме што заедниците го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености. Значи, не говориме за национално знаме кое што вие ни објаснивте дека во Албанија ја изразува и националната и државната припадност, на Косово само националната припадност, а државно знаме е. Во Македонија за вас тоа претставува симбол кој што ќе ја искаже националната припадност се до оној момент кога вие како партија или како етничка заедница не искажете дека и вие сакате дел од оваа држава да биде ваша, но тогаш ќе барате и државно знаме.

Во преамбулата вие сте дел од албанскиот народ и еден народ на неколку територии со различни симболи го претставува еден народ, барем тоа го кажавме. Што е со македонскиот народ на овие предели, во овие соседни држави, дали тој нема право исто како што вие кажавте или имате двојни аршини и мерила кога во Република Македонија каде што секогаш од 1990 година сте биле власт, вие сте гласале за промена на Уставот во Република Македонија, каде што овие наши граѓани или наши сонародници во соседните држави беа избришани од Уставот како прво, второ, сте гласале за промена на знамето и трето сте гласале за промена на името и сето тоа толку глатко сте го прифатиле што ви е толку нормално, што повеќе не знам што за вас значи нормално, што за вас значи опозиција, што значи позиција, што значи македонски народ и што значат етнички заедници во Република Македонија.

Мислам дека ги испобркавте сите работи и дефинитивно овој закон апсолутно е

неприфатлив за опозицијата и за македонскиот народ. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Јашари една минута.

**Аднан Јашари:** Благодарам. Навистина жалам доколку добро го разбрав господинот во кој дел ми реплицира, сепак се чини колегата Спиро некои работи, на крајот дојдовме до констатација, дека не се јасни. Ќе повторам уште еднаш, националната припадност ние ја изразуваме преку овој симбол и сакаме тоа да го регулираме со овој закон, со овој предлог за кој што расправаме. Ќе повторам, значи, националната припадност на никој начин и државната припадност и мислам дека тука се е јасно.

Доколку вие мислите поинаку тоа е ваш проблем и ваша работа.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Трендафилов вие сте на ред, повелете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Убаво што можеби конечно сфативме повикувајќи се барем еднаш на Уставот дека господинот Јашари во Република Македонија има двојна улога, сака да се чувствува и да ја манифестира својата лојалност кон Македонската република како македонски државјанин, но притоа да биде истакнато и неговото национално чувство и самобитност дека е дел од албанскиот народ. Најверојатно токму поради тоа Албанците кои што живеат како малцинство на територијата на една земја членка на Европската унија во границите на Република Грција бидејќи имаат сино знаме со четири коцки и мал црн двоглав орел се далеку помалку Албанци отколку господинот Јашари и затоа можеби во јавните училишта во Република Грција не е предвидено да се учи за Чемерија како што се вели од албанските историчари или за Јанина и Епир како што велат други историчари и затоа тој во Република Македонија ја има таа доблест да се чувствува подеднакво и лојален македонски граѓанин и лојален Албанец.

Дали господиен Јашари вие и вашите истомисленици имате обичај вашата лојалност кон Република Македонија да ја ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов ве молам не реплицирајте, требаше да се јавите за реплика. Доволно сте паметни.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Како што господинот Јашари се скри зад членот 2 од предложениот законски текст, јас во рамките на членот 2 можам слободно да истакнам дека понекогаш политичките истомисленици и приврзаници од членот 2 од предложениот закон имаат обичај лојалноста кон Република Македонија да ја покажат со тоа што на пример ќе гранатираат полициска станица, ќе отворат минофрлачки оган врз цивилното население во Тетово или нето слично.

Многу одамна еден македонски поет напишал многу убава песна со многу едноставни стихови, "Лицем светци, срцем влци". Практично е несфатливо рамнодушноста во Парламентот на Република Македонија од поголемиот дел на пратеници да се прават на удрени и да се обидат да ја следат расправата по предложениот законски текст на академско ниво. Ќе зборуваме од научна гледна точка, филозофска гледна точка од бихиевиористичка гледна точка дека апсолутно ова не е ништо страшно. Што ќе му пречи на некој кој што живее во Паланка затоа што на другиот дел од земјата ќе се веело знаме на туѓа држава, затоа што во традиционалниот дух на бихиевиористите, нешто и госпоѓата Којзкелиска се обиде да ви објасни во таа насока дека едноставно на тој начин животните ја обележуваат територијата. Бихиевиористите велат и во човечкото однесување воглавно лежат идентични особини и манифестации на она што е нивно.

И, да не се лажеме и да бидеме максимално искрени предложениот законски текст не тврди ништо друго туку дека Република Македонија има поделен суверенитет. Дека Република Македонија нема ниту една институција и верувам дека клучниот коалиционен партнер оној кој што Црвенковски Бранко на времето додека беше опозиција немаше да коалицира, нема апсолутно никаква друга намера туку во рамките на целиот распад на институционалниот систем на Македонија како држава самите Македонци кренат, изгубат максимална доверба во сопствените институции, така да ништо повеќе нема да биде битно, ништо повеќе нема да биде важно и ништо повеќе нема да биде страшно.

И во стариот завет почитуван господине Јашари е забележана прикаската за макеата и за мајката. Вие дојдовте пред 200 години на оваа територија како слуги на една друга власт и како такви сте тука. Тоа е реалност. Се повикавте на господинот Црвенковски кој велеше направив грешка после 13 години...

Јас би сакал господине Јордановски навистина да комуницирам со единствениот предлагач претставникот на извршната власт, но јас не знам за што да зборувам.

**Љупчо Јордановски:** Тука има претставник. Ве молам дискутирајте по текстот на законот.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Но, многу е опстоен и упорен во неговото молчење. Според тоа, секако дека би требало да комуницира.

**Љупчо Јордановски:** Па и молчењето кажува нешто.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Би требало да комуницира барем со оние што некако полемизираа. Секако, јас во секое време кога ќе помислите да ми го одземете зборот, веднаш помислете и на членот 2.

**Љупчо Јорддановски:** Добро, да се договориме, на секои 15 секунди ќе го спомнувате членот 2.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Вие господине Јордановски сакате да ме цензурирате? Значи, сите обиди расправата да ссе сведе на некакво

академско ниво, расправата да се сведе дека ова е она што е потребно за Европската унија да не препознае како сериозен политички субјект кој прашање е на време кога ќе се интегрира во Европската унија, почитувани дами и господа не се ништо друго освен една обична лага, едно обично лицемерие. Со заживувањето, доколку воопшто заживее овој закон ние во очите на цивилизираниот дел од Европа ќе докажеме дека Република Македонија сеуште е ничија земја. Таа номинално можеби има функции кои самите себе си се идентификуваат, имаат некаков политички, правен, ако сакате друг легитимитет. Но Република Македонија дефинитивно ќе биде засекогаш и многу тешко ќе биде понатаму без оглед на која политичка опција ќе биде во ситуација да формира Влада во Република Македонија , да го отргне тоа бреме дека во оваа земја не постојат елементарни норми на однесување. Убави беа примерите кои ни се кажуваа со холандското, луксембуршкото, италијанското, ирското, може и многу други знамиња да се кажуваат, но хералдиката е мошне прецизна, далтонизмот јас сепак не можам да го лечам, затоа што мислам дека не постои лек. Значи, ако Република Македонија и вие како македонски граѓани сакате да се идентификувате пред се како македонски граѓани, затоа што оваа земја во нејзината конституција и го дало тоа право. Апсолутно инсистирањето на територијата на Република Македонија , а особено во школските установи како што беше обидот и целодневната расправа по еден друг амандман дека и во училиштата и во градинките, прашање е на време кога тоа ќе се префрли и во рамките на касарните, полициските станици итн. И вие упорно ќе зборувате колку многу ја сакате Македонија. Во тоа единствено ви верувам дека, да, вие ја сакате оваа земја, но ја гледате како плен, никако поинаку, затоа што е просто невозможно клучен коалиционен партнер да излегува со такви небулози какви што на политички план се случуваа во минатото, а да не зборувам и она што се случува сега со безбедносната ситуација во Република Македонија. И постојано, мислам да ги сведеме, да се обидеме и најџентлеменско ниво да разговараме, станува збор за елементарна пристојност, па некој да каже: јас доста земам, доста барам, треба јас да покажам дека имам човечно лице, треба да покажам дека и јас навистина сакам да бидам субјект кој ќе партиципира активно и кој се грижи за благосостојбата на сите граѓани. За овие години додека вие се претставувате дека сте дел од иврշната власт и од законодавната власт во Република Македонија ниту еден единствен пример немам видено со кој вие сте се обиделе во Собранието, или во Владата како министри вашите сопартијци да реагираат како граѓани на Република Македонија. Немало ниту едно прашање на кое вие сте му обрнале должно внимание, дали станува збор од секојдневни проблеми , економски.

**Љупчо Јордановски:** Ако вас ви е тешко да го спомнувате членот 2 став 2, јас ќе го спомнам наместо вас, членот 2 став 2.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Јас немам ништо против, го имате тоа право од мене да го спомнете членот 2. Благодарам.

Значи, ниту јота не се поместивте да покажете дека вие навистина се залагате и сакате вашиот идентитет кој е навистина различен од поголемиот дел од Република Македонија да го манифестирате, но сообразно и никогаш не заборавајќи дека сте дел од македонската заедница, дека сте вие граѓанин на Република Македонија, иако за среќа, или за жал, јас не сум точно сигурен, сум ја изгубил во последно време и онаа навика да следам одредени известувања и не сите од вас се државјани на Република Македонија , за жал. Затоа беше и предлогот на господинот Оровчанец. Владата можеби и да го повлече овој предлог. Затоа што после ова обидувајќи се зад превезот незнам во обраќање од 10-тина минути да ги спомнете 15 пати САД, 10 пати Европската унија и осум пати НАТО не покажувате почитувани дека сте нешто посериозно заангажирани за судбината и за благосостојбата на оваа земја. А вие знаете кои се оние кои земјава ја гледаат како плен. Тие се меѓу вас и од вас, затоа што да не заборавиме , вие сте власт во Република Македонија. Пред 14 години при една расправа, особено ова важи за неколкумина од СДСМ кои тогаш беа исто пратеници во овој дом. Косата им се крена на глава кога пратениците од ВМРО во тоа време предложија она што е најнормално лавот да биде симболот кој ќе биде на македонскиот грб. Па тие алармираа пола земја дека е тоа бугарски симбол , па имаше славопојки и песни од Втората светска војна. Јас не се сеќавам дека сега некој се повика на Втората светска војна. Затоа особено обидот кој беше вчера предложен со амандманот, значи без оглед на процентуалната застапеност, без оглед што тоа не е ниту дел од Уставот, затоа што таму пишува: здание од локален карактер. Таму не пишува за подрачни единици на Министерството за одбрана, за подрачни единици на Министерството за транспорт и врски. Тоа не може да оди. И вам тоа ви било смешно, или не, јас ви кажав, вие на власт дојдовте со крв и со лага. Јас не сакам така и да ја изгубите власта. Се дисперзиравте веќе на три политички партии.

**Љупчо Јордановски:** Член 2 став 2 .

**Ѓорѓи Трендафилов:** Без оглед колку и да се повикува господинот Јордановски на членот 2. Господине Јордановски, вашиот, односно кошмарот кој се живее во Македонија никогаш нема да биде сон и покрај вашата, верувам дека имате искрена желба тоа и да биде сон. Но, за жал кошмарот ќе продолжи, затоа што во Република Македонија е јасно дека ние функционираме, имаме некаков сплет на колаборационисти кои во моментов се нарекуваат Влада на Република Македонија. Можеби најмалку уште еден граѓанин на

Република Македонија, ниту ќе се чувствувам, ниту се чувствувам безбеден кога се веат знамиња на туѓи држави, затоа што истите тие знамиња се користеа кога се убиваа македонските војници и полицајци и кога се гранатираа од ридовите на Тетово македонските сили. Тоа е вашата демократија, тоа е вашата карта за во Европа. Колку и да зборувате за ЕУ, можете брошури да пишувате секојдневно што и да правите, но за жал Република Македонија и сите добронамерни граѓани се заложници на вашата за жал екстремна милитантна политика која сега ја користите и во рамките на институциите на системот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Продолжуваме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,50 часот)